СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 1992 година

Скопје, мај 1992 година

СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД II-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 37-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДО НИЈА,ОДРЖАНА НА 12 МАЈ 1992 ГОДИНА

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД-125
2. АНДОН СТОЈАН-11.17,187,194,198
5. АНАСТАСОВСКИ МИТКО-47,169
4. АРСОВ ДРАГИ-52
5. АБДИ ФАИК-73
6. АЛИУ ЕШРЕФ-.88
7. АРНАУДОВ ЛАМБЕ-154
8. БОШКОВ ЈОРДАН-101
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР-25,196,198
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДММИР-14,34,162
11. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР-85
12. ДИМИТРОВА РАТКА-22,176
13. ДИШОВСКА ДОСТА-29
14. ЃОРЧЕВСКИ БОЖО-108
15. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА.-43
16. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН -165
17. КРСТЕВСКИ ЗОРАН-35,199
18. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ-120
19. КРСТЕВСКИ НИКОЛА-190,195,197
20. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО-126
21. МУРАТИ ЏЕЛАДИН-25
22. МЛАДЕНОВ ВАНЧО-105
23. МАНЕВ ЕФТИМ-116
24. НИКОЛОВ ЈОВАН-171
25. НИКИОЛОВСКИ ДУШКО-137
26. ПЕТРОВ ТОДОР-2,17,21,77,189,195,196,197
27. ПЕТКОВСКИ ТИТО-22,130
28. ПОП0ВСКИ ЉУБОМИР-65
29. ПОПОВСКИ КИРО-96
30. ПРЕВАЛА ШАБАН-102
31. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 113,187
32. РИСТОВСКИ БЛАЖЕ-173
33. РАМАДАНИ ИСМЕТ -121
34. СТОЈАНОВСКИ НАЌО-19
35. СТОЈАНОВСКИ Т0МИСЛАВ-38,118
36. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН-69
37. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ-111,192

58. САДИКУ ФЕРИД-125
39. СТОЈКОВ СТОИЛЕ -148,172
40. СПИРОВСКИ АЦО-177
41. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР-71
42. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР-50
43. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ-3,15,18,161
44. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО-
141,166,169,175,191,194-
45. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ-170

Крај

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од второ топродолжение на Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 1992 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

(во салата се присутни 82 пратеници)

Продолжуваме со работа по дневниот ред од 37-та седница.

Пратениците Душко Горѓевски, Панче Насев, Димитар ПОповски и Борис Змејковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на СОбранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека на 7 мај 1992 година почина пратеникот Тодор Гајдарџиски.

Ве молам со едноминутно молчење да му оддадеме почит.

(присутните во салата стануваат и му оддаваат почит.)

Слава му.

Според член 59 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници СОбранието на Република Македонија на првата седница утврдува дека на пратеникот Тодор Гајдарциски му престанал мандатот пред истекот за времето за кое е избран.

За седницата се поканети претседателот на Република Македонија и претседателот, потпретседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на Пратеничката група на СДСМ за донесување одлука за распишување на избори за пратеници на Собранието и за избор на претседател на Републиката.

Ве известувам дека Пратеничката група на СДСМ достави дополнување на образложението на предлогот за донесување одлука за распишување на избори за пратеници на Собранието и за избор на

претседател на Републиката.

Дополнување на образложението и Мислењето на Владата на Република Македонија, ви се доставени односно поделени.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас предлагам да ја прекинеме седницата од истите причини заради што ја прекинавме и на 14 април со заклучок на истото ова Собрание дека Собранието ќе расправа по предлогот доколку биде присутна и Владата и претседателот на Републиката. Бидејќи тоа не е обезбедено сметам дека формално правно и суштински не се исполнети условите 37-та седница да продолжи.

Затоа, предлагам, врз основа на претходниот заклучок, Собранието да ја прекине оваа седница доколку во пауза може да обезбеди присуство на носителите на функциите на овие две институции во државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи по ова прашање што сега господинот Петров го покрена се изјаснило Собранието, не треба сега повторно да се изјаснува.

Ја прекинувам седница и ја презакажувам за 12,00 часот.
(Прекин на работата од 11.05 до 12.20 часот)
Да продолжиме со работа.
Господинот Благој Ханџиски побара збор.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, со оглед на забуната што ја внесе Владата на Република Македонија со своето мислење доставено до Собранието на 8 мај 1992 година и тоа не заради тоа што Владата излегува со мислење за едно прашање по кое што е потребна чиста политичка одлука на Парламентот, која што остварува или дава можност евентуално при една постапка која што е сосема вообичаена во парламентарната демократија во случај некогаш да се поттикне иницијатива од ова Собрание за било која влада за нејзина доверба, нашето претседателство на Собранието да побара мислење од таа влада дали треба да се прифати иницијативата да се стави Владата на доверба. Забуната дојде повеќе од таму што Владта во своето мислење го анализира нашиот предлог, поднесен до Собранието, за свикување на посебна седница на Собранието на која што треба да се донесе одлука за распишување предвремени избори за пратеници и претседател, доставена на 6 април, при што Владата која што за оваа иницијатива расправаше на 7 мај 1992 година, кога веќе беше доставено нашето ново образложување од 20 април, всушност го пренебрегнува новото образложување и во своето мислење се изјаснува по иницијативата од 6 април 1992 година. Од познатите причини,

донесувањето на новиот Устав на Република Македонија со новопроектиран политички систем, новите ингеренции на пратениците, на членовите на Владата, на Владата, на претседателот на Републиката кои што произлегоа од новиот устав, потребите Република Македонија да има политичка влада, потребите во Република Македонија јасно да се определи титуларот носителот на власт, потребите да се зголеми ефикасноста на власта на републичко и на локално ниво, потребите да се створи здрав систем на конкуренција кој што во услови на парламентарна демократија од носителот на власта, дали тоа е една партија или коалиција на партии итн., постојано ќе го извлекува максимумот, потребите од тоа некои испокинати алки на синџирот со кои што во секоја парламентарна демократија се контролира власта да се поправат на време, потребите од тоа да се продолжи интензивно и да се заокружи реформата на економскиот систем, да се заокружи системот на независното судство, потребите од тоа што поинтензивно да се продолжат процесите на демократизација не поттикна Пратеничката група на СДСМ на 6 април 1992 година да му поднесеме предлог на претседателот на Собранието да свика седница на која ќе се постигне политички консенсус за донесување одлука за распишување предвремени избори за пратеници и за претседател на Републиката.

Меѓутоа, познато ни е на сите дека мнозинството членови на овој Парламент на седницата од 10 април 1992 година, на која што беше дадено образложението, донесе заклучок дека за време на цветната недела и за време на Велигденските празници треба да се одвиваат намалени активности и од таа причина дојде до прекин на седницата, при што со одлагањето на расправата по иницијативата се создаде состојба во која што сите оние потребни предусливи кои што беа предвидени и сите активности коишто требаше да ги обавиме за да дојде до реално остварување на залагањата на иницијативата, а тоа се предвремени избори за пратеници и претседател во јуни месец, практично веќе беа апсолутно неостварливи.

Затоа Пратеничката група на СДСМ на 20 април 1992 година даде дополнително образложение по кое што ако веќе Владата требало да изнесува мислење, требаше на 7 мај кога го имала тоа дополнително образложение и да се произнесе во кое што се согледува дека е апсолутно невозможно да се остварат претпоставки изборите да се реализираат во јуни месец заради познатите одлагања и при тоа во новото образложение врз база на се она што се случуваше во меѓувреме ве информирам дека станува збор за образложение кое што е пишувано на 20 април кога ова сега што ќе го прочитам имаше реални основи а што од тие реални основи останало денеска ќе видиме и во денешната расправа, пратеничката група на СДСМ додава:

"Во меѓувреме" - значи откако е даден првиот предлог - "предлогот за распишување на нови избори наиде на широка поддршка од сите политички партии, застапени во Парламентот, како и од оние што се вон него, што не создава уверување дека започнатата седница ќе биде продолжена во најкраток можен рок и дека по расправата ќе се постигне заеднички договор за одржување на изборите".

Имајќи го сето ова предвид, предлагаме по расправата на Собранието на Република Македонија истото да ги донесе следниве заклучоци:

1. Собранието го усвојува Предлогот за распишување нови избори за пратеници во Собранието на Република Македонија и

за избор на претседател на Република Македонија.

2. Собранието најдоцна до 20 јуни 1992 година да ги донесе Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Законот за избор на претседател на Република Македонија и Законот за политичките партии.

3. Претседателот на Собранието на Република Македонија да донесе одлука за распишување на избори за пратеници на Собранието на Република Македонија и за избор на претседател на Република Македонија, согласно член 63, став 3 и 6 од Уставот на Република Македонија, а изборите да се оддржат најдоцна до 20 септември 1992 година.

Чувствувајќи ја потребата поради создадената забуна да повикаме на иницијативата која што е модифицирана заради проблемите кои настанаа со одлагањето на седницата од 10 април, го молиме Собранието да расправа по Дополнувањето на Иницијативата и по предложените заклучоци и молиме по расправата да се гласа по Иницијата со поединечно гласање.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Се јавувам за збор користејќи го и деловничкото право да поставам некои процедурални забелешки за да како пратеници не се доведеме во заблуда за што воопшто ќе расправаме на оваа седница и од причините на образложениeто во излагањето на претходниот претходник. Затоа ќе го искористам правото да наведам неколку моменти кои хронолошки како пред историја на денешното заседание на Собранието следеа и кои што можеби влијаеа за текот на настаните онака како што се одвиваа за да воопшто расправаме на оваа седница за оваа точка.

Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија започна на 31 март а заврши на 14 април во 20,40 часот. Дента кога почна 31-та седница, во Скопје партиите ПДП-НДП организираа митинг. На 3 април ист таков митинг се одржа во Струга со барање за формирање на политичко територијална автономија или Република Илирида. На 4 април веднаш на 6-тото продолжение на 35-тата седница пратеникот Томислав Стефковски на почетокот во 10,30 часот побара Собранието да ја прекине 35-тата седница и веднаш да продолжи со расправа за настаната политичко-безбедносната состојба во Републиката, пред се заради последните настани и одржаните митинзи во Скопје и Струга, со образложение за вознемиреноста на јавноста од овие настани.

Претседателот на Собранието, заклучувајќи ја расправата по овој предлог предложи еден заклучок кој сите ние како пратеници едногласно го прифативме. Јас ќе го цитирам тој заклучок од стенографските белешки од 4-тото продолжение на 35-тата седница од 4 април.

"Предлагам да се договориме во текот на денот кога ќе дојде информацијата од Владата, да направиме прекин на 35-тата седница и да закажеме нова 37-ма седница, за да може да се расправа по неа.

Дали се согласувате со овој предлог? (сите се согласуваме)."

И на тоа остана.

На 6 април ја добивме таа информација од Владата, меѓутоа, не ја одржавме 37-та седница според она за што и се договоривме, да расправаме по информацијата за митинзите на албанците во Скопје, Струга, Тетово и Дебар, која ја добивме под строго доверлив ознака. Се чекаше завршувањето на 35-тата седница на 14 април за да во 20,40 часот, веднаш по завршувањето, по критериуми и сознанија за некаква итност на самиот претседател на Собранието, да ја свика 37-та седница, меѓутоа не по заклучокот за којшто се договоривме, туку со нова точка на дневниот ред за изборите по Иницијативата и предлогот на пратеничката група на СДСМ. "Село гори, баба се чешла". И ние продолживме со работа.

Согласно член 97 од Деловникот, цитирам, "покана за седница на Собранието им се испраќа на сите пратеници најдоцна 15 дена пред денот определен за нејзиното одржување. Заедно со поканата на пратениците им се доставува и предлогот на дневниот ред и соодветниот материјал по прашањата што се предлагаат на дневниот ред.

По исклучок, во итни случаи претседателот на Собранието може да свика седница и во покус рок од 15 дена, а дневниот ред за оваа седница да го предложи и на самата седница".

И согласно член 96 став 1 од Деловникот на Собранието на РМ, според кој "седницата ја свикува претседателот на Собранието по своја иницијатива",претседателот повторно кажува по сопствени критериуми за итноста на предлогот на СДСМ веднаш по 35-тата седница ја закажа 37-та седница, меѓутоа, не според заклучокот на ова Собрание туку со нова точка. Фактички како пратеници не изманипулира.

Како се свика оваа седница?

Формално правно решение, јас прашав дали постои формално правно решение за свикување на оваа 37-ма седница, ако ништо друго барем за во архивата на Собранието, досега такво

решение нема ни потпишано за оваа 37-ма седница, затоа што вред е, ние може и сега да закажеме 40-та седница, меѓутоа претседателот формално правно со решение ги свикува седниците и треба да ни го достави независно што и без тоа решение ќе се договориме да се оддржи наредна седница. Образложението од некои беше дека не сме ставиле забелешка како пратеници со укажување дека претходно донесовме еден друг заклучок за 37-ма седница со друго сценарио и друг дневен ред, па затоа, претседателот Андов го предложил сценариото и дневниот ред на 37-та седница со некоја друга точка. Мегутоа, сакам да го потсетам и претседателот дека тој заклучок за започнување на 37-мата седница со Информацијата за протесните митинзи на Албанците во Струга, СКопје и Дебар го формулира самиот тој и го предложи. Негова обврска е да ги почитува претходно донесените заклучоци на ова Собрание.

Меѓутоа, добро,преминавме и преку тоа и почна продолжението на 37-та седница, кога ја прекинавме повторно на 20 април 1992 година. Тогаш предложив еден заклучок и едно молбено укажување до пратеничката група на СДСМ. Цитирам: "Предлагам без никакво образложение без претрес, со просто преминување на наредна точка од дневниот ред, токму тргнувајќи од позициите на остварувањето на државните интереси на Република Македонија, претставник на предлагачот, ако е потребно и со мала пауза, заради дополнителни консултации да го повлече предлогот, а парламентарните групи и пратениците нека ги продолжат преговорите за постигнување политички консенсуз околу одржувањето на новите наредни избори".

Меѓутоа, од 14 април до денес одговор за повлекување на овој предлог ние од оваа пратеничка група не добивме.

На 28 април добивме нов предлог како дополнување, меѓутоа со сосема различни заклучоци. Причините и целите на првиот предлог, тоа го кажува и самиот предлагач, објективно не се веќе актуелни, заради тоа што изборите кои се планираа со тој првобитен предлог и заради што како итна седница се закажа на 14 април, за да изборите, ако се распушти Собранието да се одржат на 14 јуни како што беше во Предлогот, причините и целите на овој прв предлог веќе не се ни актуелни ни одржливи. За итноста на седницата веќе воопшто не станува збор, заради тоа што итниот карактер на 37-та седница воопшто не постои и се изгуби.

Самиот предлагач во дополнителното образложение од 24 април вели дека "поради познатите причини заради кои беше прекината и до денес не е завршена, изборите не може да се одржат во рокот како што првобитно е предложено до пратениците.

Фактички сега во процедура формално правно имаме два предлога. Можеби називот е ист "распишување на избори за претседател на Републиката и за пратеници", меѓутоа со сосема различна содржина, бидејќи заклучоците кои се предлагаат се различни.

Затоа, прво, барам претставник на предлагачот да каже по кој предлог Собранието ќе води расправа, бидејќи Владата формулира две мислења и за првиот предлог и за вториот предлог, бидејќи за првиот предлог а и во образложението такво какво што е не постојат објективни причини се изгуби основот и причините за расправа по тој предлог, бидејќи требаше по него да заседаваме на 14 април. Затоа, Собранието треба да знае за што да расправа на оваа седница. Ако расправаме за вториот предлог, формално правно претставникот на предлагачот треба да го повлече првиот бидејќи содржината и заклучоците се сосема различни. Пред се, се од нови и објективни услови создадени заради одлагањето и неизвесноста во која се држеше ова Собрание.

Затоа предлагам предлагачот да го информира Собранието за кој предлог воопшто расправаме. Ако си останува на првиот предлог да не го повлече, предлагам да донесе еден заклучок Собранието да констатира дека причините и целите за итноста на седницата не постојат веќе не се актуелни и со самото тоа формално право предлогот веќе не е ни одржлив да биде во процедура за расправа на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи има деловнички забелешки треба да ги разјасниме за да можеме да продолжиме со работа. Тоа дали некој предлог е од итна природа или не, се разбира, оценува претседателот по член 97, последниот став, тоа на господинот Петров му е познато. А дали јас правилно сум оценил или не исто одлучува Собранието, бидејќи јас само повикувам, закажувам седница, а Собранието овде одлучува дали го прифаќа дневниот ред. Според тоа, тоа не е сега да го утврдуваме, тоа нему треба да му е познато, тој се занимава со Деловникот доста и ме зачудува како сега тоа не му е јасно, дека јас ја оценувам итноста.

Јас ја оцених итноста сосема нормално заради тоа што 14-ти април беше последен ден од двата месеци од 60-те дена во кои требаше да се закажат изборите по предлогот што беше даден од предлагачот, јас морав да укажам должно почитување кон вистинскиот предлог така како што е даден. Дали ќе се усвои или не се усвојува, тоа е работа на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Собранието се произнесе по тоа, бидејќи 14-ти беше последен ден, од тој мој предлог се произнесе Собранието и тој дел господинот Петров не го прочитал од стенограмот иако му е доставен, еве што сум рекол: ја прекинувам седницата и ќе продолжиме со работа на 14 април во вторник во 10 часот. Прво ќе продолжиме со оваа седница за да ја завршиме, а потоа ќе ја одржиме 37-та седница по иницијативата на СДСМ. Собранието тоа го прифати и точно така постапивме.

Според тоа, околу закажувањето на седницата, околу оценувањето на итноста, околу утврдувањето на дневниот ред воопшто нема потреба да расправаме затоа што тоа е во согласност со Деловникот одлучено од страна на Собранието. А тоа дека предлагачот во меѓувреме го изменил предлогот, тој може да го задржи предлогот, да го измени, да го дополни, да го повлече, се може тоа е негово деловничко право и на господинот Петров треба да му е јасно. Новиот дополнителен предлог што е предлог за измена на предходниот предлог е оној предлог што е на расправа, а одредбите кои се изменети се надвор од расправата. Деловнички не треба да се грижиме како да ја разјасниме работата оти видете мислам дека јавноста од нас очекува сега да се разјасниме околу оваа иницијатива и Собранието еднаш да заземе став. Инаку, одолговлечувањето и натегнувањето лево десно нема многу да ни помогне. Ние денеска треба да расправаме за оваа работа, па затоа предлагам да минеме на расправа.

Дали некој бара збор во расправата?
Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ова не е учество во расправа, плашејќи се повторно да не се најде "рачка" деловничка, инаку подолго време бараме само рачки да не се изјасниме по иницијативата иако кажав во тоа што го кажав за господинот Петров повторувам дека се работи за дополнување на иницијативата и заклучоците кои ги прочитав, држи изреката "село гори баба се чешла", се додека се трудиме да најдеме било каков изговор, да не се расправа по иницијативата, да не се изјасниме по неа, да не се донесе конечен заклучок со политички консензус на едната или на другата страна.

Повторувам за господинот Петров станува збор за дополнување на иницијатаивата заради тоа што она што напред е образложено, роковите што напред се бараа со одлагањето на седницата апсолутно не се исполнија. Тоа што е исполниво е дадено во образложението и во заклучоците што ги прочитав и морам да замолам да се расправа по нив и еднаш да се изјасниме околу иницијативата за или против неа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Затоа сме и парламент, бидејќи држиме парламентарни седници според строго утврдени правила. Меѓутоа, бидеќи пратеничката група на СДС не го повлече предлогот, сакам да укажам на следната деловничка неусогласеност на нивниот дополнителен предлог.

Ние, формално правно во процедура го имеаме предлогот само од 6 април со заклучоците кои се дадени и ова Собрание може да расправа само по тој материјал од 6 април. За никакви дополнителни

измени кои во меѓувреме беа доставени. Овластени предлагачи во ова Собрание се пратениците и Владата. Не е овластен предлагач пратеничка група и координатор на пратеничката група. Затоа формално-правно дополнителниот предлог не може ни да се земе предвид дека е поднесен да се расправа на ова Собрание. Пратеничките групи служат за нешто друго. Тие не се овластен предлагач.За првиот предлог навистина добивме со потпис Пратеничка група на СДСМ-координатор, можеше и тоа да се одбие, меѓутоа, бидејќи постојат потписите на пратениците има заснованост и на Деловникот и на Уставот, меѓутоа, вториот предлог што го добивме со пропратното писмо од 28 април, ако не знаеле пратениците била должна Стручната служба на секретарот, бил должен претседателот да им укаже дека пратеничка група не може да биде овластен предлагач за прашања кои влегуваат во Собраниска процедувра. Вториот предлог во ова Собрание, ние можеме да го имаме, меѓутоа, за него воопшто да не раправаме и да го имаме предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се разјасниме, мислам оти сега ова е навистина цепидлачење. Дали ќе пише пратеничка група СДСМ-координатор или без тоа потпишан е пратеник Љупчо Поповски и никој не може да му го земе тоа право така што натаму нема расправа. Потписот на Љупчо Поповски е секогаш потпис на пратеник кога ми упатува мене писмо, а дали е претседател или координатор на нешто тоа е додатна илустрација. И било кој и еве  на пример и Стефковски ако ми прати што ако пишува оти е координатор тој е координатор само заради тоа што е пратеник и што има овластуваша како координатор.

Ве молам да одиме понатаму, дали некој бара збор?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Овде во парламентот седат пратеници на партии кои добија најголем дел од довербата на избирачкото тело. Но , по година и неколку месеци може сосема без ризик да се констатира дека партиите се покажаа неспособни да ја поделат власта, а доказ за тоа е што се роди експертската Влада, а од друга страна бидејки  под околности кои изнудено доведоа до создавање на таа Влада не дојде до оправдување на нејзиното постоење и на нејзината функција во Република Македонија. Треба да се потсетиме на еден факт кои важи во искуството и на другите земји дека стручните влади немаат цел мандат и кога тие се појавуваат изнудено, треба по завршување на својата мисија, да го завршат и својот мандат. Тоа, во случајот на Република Македонија, е ситуацијата со донесувањето на новиот  Устав. За мене како пратеник нема никакво сомнение дека натамошното опстојување на овој состав на Владата е неоправдан со оглед на тоа  што таа не понудува излез од кризната ситуација на Македонската држава. Но, зошто денес зборуваме за распишување на нови предвремени избори за распуштање на Парламентот,тоа е од таму затоа што оваа Влада нема ни

на крај памет ниту од морален аспект желба да размислува за завршување на својата мисија.

(Општа смеа во салата)

Оттаму единствено можно за да дојде до промена на овие институции е ние пратениците да се самораспуштиме и да предизвикаме еден позитивен демократски процес кои ќе доведе до преиспитување од страна на граѓаните на сите политички партии, па и на пратениците како нивни претставници во власта.

Овде имаше малку реакција, што е нормално, но јас да потсетам на еден индиректен начин на се она што може по мене да следи како дискусија дека наводно предвремените избори можат да ја дестабилизираат Република Македонија. Не може еден демократски механизам длабоко демократски во својата суштина како што се предвремени избори да дестабилизира состојба на една држава, тој може само да ги дестабилизира интересите на оние што се сега на власт. Оттаму, затоа што сакаме опортуно да се однесуваме, а пред се сме свртени кон себе и не ни пречи што во една парламентарна демократија за која се залагаме малку нелогично штрчи функцијата на Македонската Влада, штрчи морам да кажам и да бидам искрен и функцијата на претседателот на Републиката и некои други нарушувања во тријаголникот на институциите на Република Македонија.

Вака како што работи овој Парламент неодбеглив е впечатокот дека се работи за тајна невидлива коалиција овде во Македонскиот Парламент со која се прикрива одговорноста за водењето на јавната политика во република Македонија.

Ние на Македонскиот народ како лоши илузионисти му тврдиме дека ова е повеќепартиски систем што го гледа во Парламентот и ова што се случува во Република Македонија и дека е ова пазарна економија и не е чудо што граѓаните на Република Македонија посакуваат да се врати старото. Историски го лажеме Македонскиот народ, бидејќи ова не е повеќепартиски систем, ова не е права плурална демократија и далеку сме од пазарна економија и се она што е вредност за едно граѓанско општество.

На крајот ќе завршам дека како пратеник сум против одржување на статус кво на неспособност и дека оваа Македонска држава има право на поквалитетни институции.

Отаму ја поддржувам иницијативата од СДСМ и сметам дека изборите единствен излез од севкупната криза во Република Македонија.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да поставам една процедурална забелешка не заради тоа што некој можеби цепидлачи, туку заради тоа што некој не си ги извршил своите обврски на време, па го става Собранието во незгодна состојба. Ние, за секоја точка која доаѓа на дневен ред сме барале мислење од надлежното работно тело-Законодавно-правната комисија. Во овој случај тоа се избегна. Ние чекавме мислење, добивме од Владата, а мислење од наши работни тела како да не ни е потребно. Зошто? Затоа што е политичко прашање па нема потреба да се изјаснуваат работните тела. Мое лично мислење е дека оваа иницијатива е против уставна. Меѓутоа, не навлегувам во никакво образложение,туку барам седницата да се прекине, а надлежното работно тело Уставната комисија и ЗПК да ја оценат, од свои аспект, уставноста на иницијатаивата која е во предлог за да може врз основа на мислењето акко пратеници да знаеме како да се определиме во крајна инстанца при гласањето. СДСМ може да си прави маркетинг колку што сака на своите партиски состаноци за нови избори. Логично е дека секоја партија тоа ќе го бара мислејќи дека ќе добие многу, меѓутоа, финалето ќе го покаже своето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам повторно да ви објаснам дека деловнички нема никакви проблеми. Никогаш ни претседателот ни Претседателството не раководат со работните тела. Со доставувањето на секој материјал кој ќе биде на една од наредните седници, претседателот на секое работно тело сам автономно закажува, свикува и си работат односно ја изведува постапката, дава извештај и тн.

Точно е дека за ова не закажал ни еден претседател, можеме да претпоставиме и оцениме дека ова не е материја која треба да се разгледува на работните тела и треба нивен извештај. Но, не само тоа повеќето претседатели на работнтие тела што сме ги прашале зошто не го разгледуваа ни одговорија дека е навистина тема само Собранието да се произнесе, а поединечние аспекти ќе бидат разработувани поедини закони, ќе бидат разгледани на поедини работни тела.

Според тоа, мислам дека е губење време да наоѓаме деловнички недостатоци. Нема деловнички недостатоци, ве молам дали некој за содржината бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас побарав да се изјаснат Законодавно-правната комисија и Уставната комисија.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Да се спуштам на нивото на господинот Петров како електро
инжињер да толкувам што треба да работи ЗПК како што господинот Петров како економист проектира систем за здравство, нови устави
со илјада амандмани со двеилјади отчукани страници со четрсто топа
потрошена хартија ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е на дневен ред господинот Петров.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Законодавно правната комисија гледа акти, за каков акт станува збор овде. Овде станува збор за иницијатива за политичка одлука на Парламентот. По која основа ЗПК треба да дава оценка дали да се донесе ваква или онаква политичка оценка на Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, во таков случај пред да го дадам на изјаснување предлогот што го даде господинот Петров мораме да ги слушнеме претседателите на работнтие тела зошто не го гледале и дали мислат дека треба да се гледаат. Како што реков дека не мислат да се гледа нека кажат и овде, а ако не го гледале, и требало да се гледа нека кажат зошто не го гледале. Тоа им е доставено кога и на сите. Потоа ќе го дадеме како предлог за изјаснување.

**НАЌО СТОЈАНОВСКИ:**

Во врска со предлозите на господинот Петров за процедуралната евентуална изместеност на темата што е на дневен ред само сакам да го потсетам и претседателот на Собранието дека вчера Комисијата за уставни прашања расправајќи по утврдувањето на сопствениот дневен ред на седницата на некој начин ја начна оваа тема а со оглед на составот на Комисијата за уставни прашања и присуството на претседателот на ЗПК господинот Томислав Стојановски како член на Уставната

комисија, а и присуството на господинот Петров како предлагач по првата точка на вчерашната седница на Комисијата која Комисијата ја симна од дневен ред оваа тема беше третирана и на маргинали и во дел на суштина. Уставната комисија застана на становиште без ни еден глас против иако по подолга расправа дека ваква политичка тема е во исклучива надлежност на Собранието и дека Собранието треба да расправа за таа политичка тема овде и да се произнесе. Доколку се има позитивна оценка за иницијативата на СДСМ на оваа седница што ќе зависи од исходот на расправата и одолговлечувањето на оваа седница веројатно е дека самата таа политичка одлука на ова Собрание ќе имплицира отворање на други одлуки кои треба да се носат во ова Собание и во работните тела за да се приида на материјална реализаци]а на таа политичка одлука.

Јас сакам да потсетам во прилог на инсистирањето на тоа дека постојат деловнички пречки дека тоа прашање го разгледуваше Уставната комисија господин претседателе, мислам дека тоа требаше и вие да го нагласите, колку што се сеќавам, таков беше еднодушниот заклучок на Уставната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, еве вие ме потсетивте точно е така беше и господинот Петров тоа го знае.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас му благодарам прво, во вид на реплика, на пратеникот Ханџиски затоа што на моето излагање си го покажа сопственото ниво.

Меѓутоа, јас како пратеник односно пратеници имаме право да побараме надлежните работни тела да расправаат за тој предлог, заради тоа што и во основата на предлогот се вика - врз основа на член 66, став 3, 6, 7 и т.н. од Уставот на Република Македонија предлагаме ваква и ваква точка. Јас се сомневам, бидејќи не сум толку добар правник, а и тој не е толку добар како пратеник за да побараме помош од надлежните работни тела во ова Собрание заради што и сме ги формирале, Уставната комисија и Законодавно-правната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не можеме сега тука да оценуваме кој каков пратеник е.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тие да ја оценат заснованоста и повикувањето на членовите 66, 67 на овој предлог на СДС за воопшто да отвориме расправа, токму од причините што сите не сме правници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа ние не донесуваме никаква одлука. Овде немаме никаков предлог на акт. Друго е повикување на некои одредби, друго е потпирање на некои одредби и донесување на акт.

Дали уште некој бара збор?

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, бидејќи сеуште сме некако на процедуралниот елемент на расправата, јас би сакал да го потсетам следното:

Одлука, било политичка било друга во овој случај се потцртува политичка одлука на Парламент, не е парче хартија кое не обврзува.

Јас како музичар, бидејќи не сум правник, пред седницата разговарав со стручњак кој што го води законодавството во нашата Република и сакав да знам што каква одлука потегнува, беше речено дека е тоа суштинска работа и дека таква одлука потегнува веднаш дејство, процес. Влегуваме во процес на нови избори. Така што мислам дека ова барање од пратеникот Петров да се изјасни Законодавно-правната и Уставната комисија дали е предлогот уставен или не е многу битно пратениците да го знаат пред да почне расправа за ова и пред да се решат дали ќе бидат за или против.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи сеуште сме на теренот на процедуралните прашања, јас еве ќе се послужам со мислењето на Владата што го прифаќам.

Во мислењето на Владата од 8 мај стои дека иницијативата не е спорна и во точка два стои дека апсолутно не е спорно дека изборите може да се одржат во било кое време, за што ќе одлучи Собранието. Владата укажува само на целисходноста и опортунитетот дали е можно со сите

подготвителни работи да се стигне до 20 септември. Тоа е прашаше за кое што треба да расправаме.

Според тоа она што госпоѓата Димитрсва сега го говореше, законодавството во рамките на мислењето па Владата веројатно партиципирало свое учество па Владата прифатила такво мислење. Според тоа, не е ништо спорно од формално-правен аспект дека иницијативата е легална и легитимна и ние за неа да расправаме за суштината а ќе молам за формата да не расправаме повеќе. Јас го поддржувам мислењето на Владата и тоа е она што верувам дека и ЗПК битно не може да го измени, бидејќи Уставот, како што знаеме и таа Влада го предложи.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Бидејќи зборуваа овде на говорницата електроинжињери,

економисти па и музичари, да бидеме барем правници нешто ако можеме.

Изгледа ние не можеме за секоја работа ако не направиме циркузи. Ние сме мајстори за правење на циркузи и пред едни нормални иницијативи кои влегуваат во овој Парламент и наместо да ги гледаме, како што беше речено, одредени изреки, овдека е мечката пред нас а ние ги бараме трагите.

Прашањето за предвремени избори како и во мислењето на Владата, пред се е прашање на политички договор на политичките партии кои се во Парламентот. Во тој склоп е оваа иницијатива на СДС, доставена, образложена и од претседателот дополнета и за која се бара на една посебна седница да се расправа за ова доста важно прашање.

Овде се развиваа разни велитации, читање на мисли и слично. Пред нас е една основна работа и тоа е дека треба тој договор да го постигнеме или да не го постигнеме во една демократска расправа која сигурно ќе заврши, пред се, со кревање на два прста, според своите убедувања изнесени во образложенијата и своите мислења. Особено секој ќе одлучи според Уставот дали држат аргументите или не, пред се за јакнење на државноста на Република Македонија за што се бараат и овие предвремени избори. Тоа е едно основно прашање.

Другото прашање е прашањето на правниот аспект на предвремените избори. Прашањето на изборите е регулирано многу јасно во Уставот, во член 63 став 3 и став 5 саде се зборува кога има избори и кога може да има предвремени избори, односно со распуштање на Парламентот. Не се работи за тоа барање. Се работи за барање за измена на Уставниот закок, односно и не

измена како што мисли Владата да не се изменува Уставниот закон е закон спроведителен закон на кој основна цел му е да го спроведе Уставот. Одредбите зацртани во Уставот ние во најкраток можен рок мораме да ги преточиме во живот. Фактички и оваа иницијатива бара преточување на тие норми во живот односно членот 10 во тој закон, со оредени измени би се извршила таа функција. Значи уставна и законска пречка не постои како што има овде одредени тврдења. Ниеден правник пред ова Собрание не може да тврди дека одреден предлог односно акт е против уставен додека не се изјасни Уставниот суд.

Пратеникот Петров тврдеше дека и претходното изјаснување, односно референдумот како претходно изјаснување е против уставно. Уставниот суд се изнесе по иницијативата и кажа дека не е противуставно. Значи се е јасно, само треба политички договор, убедување и конкретно изјаснубање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега минуваме на конкретна расправа.

Има збор потпретседателот Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас сметам дека на оваа седница имаме конкретна проблематика - Предлог иницијатива за распишување на нови вонредни избори и Предлог-одлука за дополнување на таа иницијатива за пролонгирање на временскиот интервал кога да се одржуваат тие избори.

Секако не сакам да се задржувам на процедурални и формално-правни прашања кои можеби не ги разбирам доволно, меѓутоа ја поддржувам иницијативата за распишување нови предвремени избори и Предлог заклучоците кои ги предлага пратеничката група на СДС.

Поддржувајќи ги овие заклучоци и оваа одлука, сакам да кажам и неколку мои лични сознанија.

Многу рано т.е. уште во самиот почеток на наугурацијата на демократијата се соочуваме со фактот дека градењето на демократското општество не оди лесно, не оди без противречности, а и без судирања, без проблеми и тешкотии. За тоа сме свесни ние сами секојдневно во оваа сала. Мудроста е како тие противречности да се релативизираат, амортизираат со

демократски средства и демократски метод. Само така може да се наоѓаат излези и решенија и јакнење на внатрешната кохезија на Републиката и на односите кои сакаме да ги создаваме во Републиката.

Политиката на рамноправност и на демократијата имаат подлабоки и пошироки цели. Со нивно респектирање се обезбедува перспектива за елиминирање на противречностите и проблемите кои се присутни меѓу нас, зошто само со почитување на демократските норми, принципи и правила може да се градат нови меѓусебни односи, демократски однесувања и флексибилитет во разрешувањето на сите проблеми без национални фрустрации и национална еуфорија.

Веќе подолго време напоредно со притисоците врз кревката демократија и почетните демократски навики и демократската свест се шират тези за надминатоста на демократските процеси, за ограниченото значење на демократското дејствување во сите сфери, дури и за непостојната улога на демократската политика и демократските средства. Значи дека демократската политика настанала така, како привремена антитеза на едноумието. Меѓутоа, демократските процеси и политиката на демократизирањето на односите имаат подлабоки избори и пошироки цели и содржини, зависи кој како ја поимува, ја фокусира и опсервира демократијата и што очекувал од неа и тука се заклучува за ограниченото значење на првите демократски избори и тоа со право, зошто место тие да отворат креативен дијалог, да овозможуваат перспектива, стабилност, тие овозможуваат конфронтација. Значи се заборава на актуелноста на принципите на демократијата кои имаат универзално значење за човекот, за граѓанинот кој робуваше на една идеологија строго контролирано.

Демократијата не ја сфативме како историска проба која треба да стане реалност, туку ја сфативме како критична распаќа, како систем кој антагонизира, раздвојува, ограничува, лимитира, обесправува, деградира, диференцира и т.н., наместо да биде спротивното. Но, верувам дека тоа зависи од луѓето, па затоа и оправданоста од нови и вонредни избори со единствена цел да доаѓаат нови луѓе, нови идеи кои со своите прогресивни гледања и погледи ќе воспостават демократски живот, ќе знаат да водат дијалог, ќе го почитуваат другото мислење, ќе знаат да ги почитуваат интересите на граѓаните, општиот интерес, а не личниот и парцијалниот. Со други зборови новите избори кои на овој начин ги најавуваме треба да бидат во функција на зајакнување на внатрешната кохезија, да го осмислат политичкото живеење, сожителството. Во секој случај новите избори треба да бидат во функција на просперитетот, а никако во функција на свртување тркалото на историјата station наназад. Но сепак се враќам на основното прашање зошто нови избори и дали актуелниот политички момент е погоден за нови избори.

Мојот афирмативен одговор се состои во следното зошто: Затоа што првите избори т.е. ние сите изградивме сопствен поглед за демократијата и за внатрешните меѓунационални односи што доведе до антагонизам, недоверба, недоразбирање за многу нешта. Затоа што врз развојот на меѓународните односи сакаме да партиципираме секој и секој да ја води таа политика. Затоа што и покрај настојувањето и укажувањата на перспективата на сожителството и за надминување на противречностите во меѓунационалните односи во Парламентот постои блоковска, поточно партиска поделба што воопшто не оди во прилог на градење на заедничката држава. Затоа што се наметнуваат модели на живеење кои не кореспондираат со општествената и политичката реалност, со мултинационалната структура на Републиката. Затоа што се инсистира на наметнување на политичка доминација врз слободата на мислењето и размислувањето. Не се сфати еден суштински аспект т.е. длабочината на минатото и предизвиците на иднината. Затоа што постои тенденција на потчинување, на ограничување на рамноправноста на националностите. Затоа што политиката на рамноправност на взаемното почитување не се сфаќа како долгорочна политика за интересот на Републиката. Затоа што во управувањето со власта и во партиципацијата на државните органи не се води принципиелна политика, се прават обиди за минимизирање и за доминација на една политичка партија, елиминирање на другите, со што се негира плуралната свест. Затоа што избраниците од народот не смогнаа сили за прескокнување на инаетот и личните суети во разрешувањето на проблемите и визионирањето на иднината. Затоа што граѓанинот е иритиран, револтиран и сеуште манифестира национална еуфорија со што е во судир меѓу себе и времето. Овие и низа други факти и аргументи се доставочни за нови избори. Новите избори според тоа се природна и нужна реакција на присутната општествена и политичка содржина, па и на кризата која се создава, било тоа да е морална политичка, социјална, економска ит.н. која има посериозни тенденции да се закани врз демократските процеси.

Поддржувајќи го барањето за нови избори, зборувам лично не во име на пратеничката група, укажувам дека било кој ќе се вклучи во градењето и унапредувањето на демократската практика, демократската свест и навика треба едно да има на ум. Имено, дека само слободни и рамноправни народи може да градат нови меѓусебни односи, меѓусебна доверба, соработка и само така можат да се борат за демократизација на вкупната политика. Овој плурален Парламент, мора да се признае има способни луѓе кои можат одговорно да се носат со развојните и стратешките проблеми, со развојната стратегија на Републиката, но истовремено констелацијата на политичките сили и нивната настроеност не почитува три основни столбови врз кои треба и мора да се гради нашата заедничка иднина. Тоа се: рамноправност, меѓусебно разбирање, толеранција и за другите. Кредитот меѓутоа не е потрошен. Шансата останува, а време е на

процентот. Секако новите луѓе кои треба да не заменуваат овде треба да понудат решение за сите натрупани проблеми зошто во спротивно и тие ќе бидат нефункционални и неупотребливи. Да заклучам.

Кога ги поддржувам новите и вонредни избори лично сметам дека тие не може да се одржуваат пред донесувањето на законот за политичките партии, пред донесувањето на законот за изборните единици, пред донесувањето на законот за избор на претседател на Републиката, пред донесувањето на законот за локалната самоуправа, пред донесувањето на законот за територијална поделба на Републиката, пред пописот на населението кој беше нецелосен и да се оцени вистинската потреба од нови и вонредни избори, посебно имајќи ги предвид сите состојби во кои се наоѓаме како Република и како држава.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници,

На почетокот би сакала, пред да се изјаснам за иницијативата да потсетам на претходните излагања, особено на излагањето на господинот Ханџиски кој укажа на тоа дека не е можно да стои Парламентот и всушност и една експертска Влада толку долго време да се поддржи. Всушност тоа беше еден од аргументите за новите избори, Мислам дека тој аргумент не стои и е чисто демагошки затоа што, ако се потсетиме после завршувањето на повеќепартиските избори постоеше можност да се формира коалициона Влада и во тие договори учествуваше и партијата СКМ-ПДП, но таков договор не беше постигнат. Исто така сега СДС не беше постигнат исто така како што е редот во парламентарната демократија. Бидејќи ниту една партија не доби мнозинство, ВМРО-ДПМНЕ е најбројна пратеничка група со 37 пратенички места, редно беше откако не беше постигнат договор, мандатот за Владата да го добие ВМРО-ДПМНЕ. Фактички тоа не се случи и господинот Љупчо Георгиевски, како потпретседател на државата во образложението на својата оставка го наведе и тој аргумент.

Исто така би сакала да потсетам, кога се вршеше реконструкција на Владата за новите министерски места, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не гласаше за ниту еден министер, а додека партијата СДС заедно со другите пратенички групи гласаше за новите министри, така што со тоа јавно застана зад Владата.

Околу поврзаноста на пратеничките групи со поединични министри не е ниво на Парламентот, но бидејќи беше кажано од многу сериозни луѓе кои што се присутни на седницава, всушност околу првата иницијатива за новата иницијатива свое мислење и свое учество имал и министерот за внатрешни работи, господинот Љубомир Фрчковски. Колку е тоа вистина, тука е господинот Фрчковски, сам ќе се изјасни.

Околу излагањето на господинот Голубовски навраќајќи се на аргументите за нови избори, тој спомена околу работата на Владата, работата на претседателот на Републиката. Јас мислам дека самиот господин Голубовски на Прес-конференција после нашите искажувања, на ВМРО-ДПМНЕ, критички забелешки како Парламентарна опозиција околу надворешната политика и државната политика на РМ ја нападна нашата Партија дека таа застапува деструктивни, нихелистички ставови, ја дестабилизира Републиката и што ти не се изнаслушавме. Ако во јавноста нешто се застапува барем треба да се помни тоа што се кажува.

Што се однесува до иницијативата, ако тргнеме од фактот на квалитетно изменетиот правен статус на РМ од времето на одржувањето на последните избори, донесувањето на Уставот на РМ, како и од новонастанатата политичка консталација и однос на сили во основ ја поздравувам иницијативата и распишувањето на новите избори за претседател на РМ и за пратеници во Собранието на РМ изразувајќи го притоа своето уверување дека расзмислувањата во тој правец им се блиски на повеќето партии во македонската политичка сцена. Од таму, за да придонесеме како пратеници за што поскорешно организирање и одржување на изборите, акцентот на својата парламентрана активност треба да го ставиме на донесувањето на системските закони, за чие што донесување се обврзавме со Уставниот закон. Имено, нивното значење за внатрешно признавање и осамостојување на РМ е неспорно.

Акцентот за одржување на слободни и демократски избори треба да го ставиме на актитет што се услов за одржување на истите.

Имено, се работи за донесување на Законот за државјаноств чие донесување претставува услов за утврдување на сумата на избирачкото тело и за формирање на бирачките списоци. На законите што непосредно го регулираат самиот изборен процес како и законите со кои се обезбедува рамноправен третман на политичките конкуренти во изборната трка како своевиден предуслов за чесноста и регуларноста на изборите.

Факт е дека не е донесен Законот за финансирање на политичките партии така што за оваа година партиите се снаоѓаат како што знаат и умеат за разлика од СДС која како наследничка на СКМ се уште ги користи просториите и како што знаеме ги издава под наем за високи суми, иако по референдумот јавно изјави дека ги подарува на македонскиот народ. Но, досега барем тоа не се случи со што во однос

на другите партии го имаат решено и финансискиот проблем и имаат повластена положба. Прашањето за просториите мислам дека под итно треба да се реши така што ВМРО-ДПМНЕ како најбројна партија во Македонија ви најбројна во Парламентот е доведена во ситуација, тоа не оди во прилог на Македонија како демократска земја работи, може да се каже во полуилегални услови затоа што во сите градови низ Македонија комитетите на ВМРО-ДПМНЕ немаат простории и состаноците ги одржуваат во приватни станови, или пак плаќаат висок наем. Ние како држава тоа прашање треба што поскорњо да го решиме. Јас разбирам зошто токму СДС, а не другите партии дадоа иницијатива за нови избори. Мислам дека зад тоа стои фактот што они ја имаат контролата на власта во Македонија, се уште не се изврши промена во хиерархијата на власта и таа своја овластена позиција во сите сфери, и во стопанството и во институциите на државата сакаат да ја искористат, а исто така и во средствата за јавно информирање за победа на изборите. Мислам дека тоа е нивна добра политичка проценка и целосно ја разбирам. Прашање е дали ќе имаме демократски избори ако контролата во информирањето е сконцентрирана во рацете на неколкумина кои се директно поврзани со социјал-демократскиот сојуз. Факт е дека директорот на РТВ порано беше член на ЦК, а исто така и директорот на Нова Македонија беше член на ЦК. Имаме повеќе партиски систем а тие луѓе останаа на исти места. За нас како Република исто така не ни оди во прилог да се наречеме демократска држава да немаме опозицион печат и имаме два весника дневни "Нова Македонија" и "Вечер", а весникот "Република" уште беше единствен независен весник знаеме од кои причини се укина. "Нова Македонија" и "Вечер" се дотираат од средства од Буџетот и факт е дека тие весници особено весникот "Нова Македонија" за жал настапува како партиски весник. Во еден ден можеме да сретнеме 14 написи против ВМРО-ДПМНЕ. За какви демократски избори ќе стане збор ако не се овозможи создавање на опозиционен печат и на македонската телевизија 3-от канал да се обезбеди на Парламентарната и вонпарламентарната опозиција навистина не би можела тука да одговорам. Мислам дека јавноста не би требало да се зачуди, затоа што логично или следствено на овие состојби ако директорот на македонската радио и телевизија се најде во изворните штабови на СДС. Каков ќе биде неговиот удел во демократичноста на изборите и во изборните резултати може само да се претпостави.

Исто така неопходно е за слободни демократски избори да имаме нови изборни комисии и на републичко ниво, а исто така и по месните заедници, по општините, затоа што знаеме по кој систем се формираа тие изборни комисии. Во нив се обично пензионирани офицери или луѓе кои што работеа во Службата за внатрешни работи.

На крајот предлагам, со оглед дека прашањето на новите избори е прашање на политички договор да не се ставаат заклучоците на СДС на гласање, туку она што ќе произлезе и што е волја на сите парламентарни групи, што ќе произлезе од правата да се направи една пауза и да седнеме заеднички да ги направиме заклучоците околу новите избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Голубовски сака реплика бидејќи е спомнат.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Она што госпоѓицата Димовска го кажа овде јавноста имаше прилика да го следи, тие конференции и реакции на ВМРО-ДП и нема потреба да образложува што е вистина а што не, но само да потсетам доколку тоа е од неразбирање и од политичка неписменост, неможност да се разграничува адресирањето што е што, во политиката и во политичките субјекти тогаш тоа го опростувам и може да биде олеснително.

Во другиот случај оставам коментар да направи јавноста.

Што се однесува до претходни гаранции дека на ВМРО-ДПМНЕ некој може да му гарантира однапред некој процент успех во наредните избори мислам дека тешко ќе може такви гаранции да ви се понудат.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Овој дел од расправата го сфаќам како изјаснување на пратеничките групи и во таа функција и јас настапувам сакајќи да изнесам некои размислувања па и ставови околу оваа иницијатива и она што Реформиските сили Либерална партија на оваа тема предлагале.

Колку и да сакаме или да не сакаме околу оваа иницијатива да расправаме ние прашањето на изборите моравме да го ставиме на дневен ред на Собранието на РМ и сигурно за таквата расправа има повеќе аргументи.

Либералната партија е за предвремени избори и тоа во рок во кој ќе се овозможи демократски и чесни избори, значи ако добро се организираме и работиме во овој Парламент можеме тие избори да ги одржиме оваа година сигурно. Наше мислење е дека оваа иницијатива има два аспекта.

Политички аспект, кој и во самата иницијатива е даден и Другиот дел, за кој се сакаше да се даде некакви толкувања или деловнички оспорувања, кој има свое уставно правно формално, процедурално и друго значење. Затоа можеби и повторно ќе се јавам за дискусија и затоа однапред се извинувам.

Ние сметаме дека за иницијативата и за нашиот став да се има во Македонија предвремени избори има повеќе причини, меѓутоа, во оваа прилика сакаме да ја нагласиме онаа што за нас е најсуштествена, а тоа е односот на политичките партии во овој Парламент спрема Владата онака како во овој период таа беше избрана и начин и постапка во кој таа работеше и предлагаше донесувавме врз основа на нејзини иницијативи закони, предлози, мислења и тн.

За нас е многу важно овој Парламент да го редефинира односот спрема оваа Владата бидејќи за парламентарната демократија и воопшто за демократијата во Македонија битно е да постои политички одговорна Влада. Тоа значи Владата ако сака да го исполни целокупниот мандат на едно Собрание би морала да има своја политичка програма која политичка програма односно своја програма ќе се базира или ќе се потпира на политичките платформи на партиите кои добиле доверба кај граѓантие во изборите. Ваков начин на однос кој што ние го градиме према оваа Влада, поединечни министри, па и самиот премиер и нив ги ставаме во една подредена ситуација да не можат во полна снага да работрат, а од друга страна односите внатре, во Владата, иако ние какЈ политичка партија немаме ни еден министер внатре, се од таков карактер, добиваат такво значење што имлицираат на потребата и овој Парламент да се произнесе по некои состојби за Владата и околу Владата. Инаку, како да се сватат некои состојби кој не се кријат ниту во јавноста. Пример, потпретседател на Влада критикува министер за надворешни работи отворено, што значи дека тука има некое недоразбирање, а се работи за Влада која единствено треба да настапува. Како да се свати настапот на министерот за информирање пред Комисијата за избор и именување кога не се согласува со предлогот на Владата и не го брани предлогот на Владата, како да се свати оставката на еден министер која оставка дали заврши или не заврши никој не знае, тоа е внатре во Владата, како да се сватат реагирањата во јавноста кога премиерот има една концепција во делот на стопанство, ресорниот министер друга. Сето тоа создава една збунетост и кај јавноста и кај пратениците.

Либералната партија предлага поединечно на секој министер во одреден рок, можеби 10-тина дена е доволно политички да се идентификуваат, а политичките партии овде да седнат во еден преговарачки процес да видат дали се способни да формираат коалициона односно малцинска влада зависно од тоа какви и под кои услови тие ќе преговараат. Мислам дека тоа е превасходено кој треба да се направи пред да се донесе било каква политичка одлука за денот кога треба да бидат распишани изборите. Со тоа мислам дека ќе направиме многу во постапката за формирање на правилен парламентарен образец во РМ.

Што се однесува до другиот дел, како претседател на една од работните тела, Комисијата за Оштествено политички систем не ја разгледуваше оваа иницијатива како прво од проста причина што иницијаторот пропратните акти врз основа на кој нудеше скратени рокови за да се дојде до изборите мимо уставниот закон, па и една одредба во самиот устав во врска со предвремените избори бараше

претходен политички договор меѓу парламентарните партии како врз основа на тоа не би се губело време во процедурата пред работните тела ако тоа не биде волја на самото Собрание. Мислам дека тysa нема ништо спорно. Таквиот пристап на иницијаторот нас може да не обврзува како поединечни политички субјекти овде да се изјаснуваме, меѓутоа и не мора бидејќи навистина процедурата за изборите во Уставот и во сегашниот закон е регулирана. Ние не сме држава односно не сме република без регулиран изборен ситем. Прашањето е на овие парламентарни групи односно на овие политички партии кои имаат доста критички забелешки на изборниот закон, избирачките списоци, постапката роковите и тн., дали сега наоѓајќи се во позиција да створаат закони ќе поправат нешто од тоа што објективно беше пречка за до крај демократски и чесни избори и на одреден начин во таа функција ќе си го поправат и рејтингот пред избирачите. Во таа функција Реформските сили -Либерална партија апсолутно ќе учествува во постапките за донесување на новиот закон за избори за политички партии. Ние сме предлагачи на еден систем на еден начин на финансирање кој Министерството за финансии го поддржа, мегутоа, сеуште не е преточен во законски текст и мислам дека тао е наша превасходна задача.

Јас би сакал да укажам, ако потоа стане збор околу потребата за нови избори, за кои недвосмислено сме и на некои импликации кои во уставно-правна смисла се разликуваат кога се работи за одлука на Парламентот за закажување на избори на Парламентот и за избори за претседател. Меѓутоа, мислам дека тоа би било второстепено во зависност од односот што ќе го изградиме према политичкиот став на ова Собрание за изборите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, сакам да кажам дека го делам мислењето на госпоѓица Димовска во однос на согласноста околу распишувањето на изборите. Меѓутоа, како правник морам да кажам дека ни претстои една законска пречка, а тоа е Законот аз државјаноство. На оваа околност не упатува одредбата од член 4 на Уставот на РМ кој дословно вели: "Граѓаните на Република Македонија имаат државјанство на Република Македонија". Откако овој закон ќе се донесе и ќе се утврди кој е државјанин на РМ дури тогаш ќе може да се постигне основниот чин односно основното правило кој ќе биде бирач и кој ќе може да бира. Право е на секој од нас да дава иницијативи, да се одредува, да кажува нешто, да бара нешто, да оспорува нешто, меѓутоа, Уставот мора да се спроведува. Ако ние како Собрание не го спроведуваме Уставот тогаш од кој друг, дали орган на власт или судската власт ќе бараме спроведување на Уставот и зеконите.

Предлгот за донесување на закон, сега имаме и нацрт кој е предвиден за наредната 38-та седница е Законот за државјанство во преодните одредби се дава кога и по кој основ ќе може да се утврди кој е државјанин на РМ. Сега се предлага тоа право да го остварат граѓаните кои ги исполнуваат барањата од Уставот во рок од 1 година. Значи, ако со Уставот и законот за државјанство ги ставиме на една урамниловка ќе може да стане збор

за оваа иницијатива дури откако се исполнат условите по овие два закона, односно ако го усвоиме тој закон, Ако не, пак ќе треба да се утврди, да се примени сегашниот закон за државјанство донесен 1977 година.

Според тоа, слободната на пратениците или пратеничка група или на Владата е ограничена со одредбата на член 4 од Уставот. Тоа е прво.

Друго, ние кога расправавме вчера на Комисијата за уставни прашања Наќе Стојановски рече дека било допрено прашањето околу изјаснувањето на Владата по однос на иницијативата на СДС на Македонија. Јас, ако се потсети Наќе Стојановски и претседателот Андов ставив една забелешка од процедурално значење. Предлогот на СДСМ за измена на Уставниот закон останува и понатаму во процедура. Таму се предвидени други норми. Се бара изменуваше на одредбите од член 10, а одредбите ние не можеме да ги чиниме поинаку додека не направием измена на Уставниот закон каде се бара 2/3 мнозинство. Дури тогаш да се премине на оваа иницијатива. Остана да се расправа за политичкиот момент односно политичките партии застапени во ова Собрание да најдат концензус дали е момент или не е  за распишување на предвремени избори.

Прашувам, господин Ханциски  рече дека по сознанието од повеќе партии се за предвремени избори, меѓутоа, СДСМ дава одредени рамковни вредности, се работи за роковите и предвидува секако да е готово и само чекаме да мине времето, да дојде 20 септември и ние пред да ја обереме летината да направиме избори. Не знам дали само некој се водеше од практични причини да треба да се оди на нови избори, ете ова е, она е па на крај најдовме дека Владата не чини. Господа, кој од вас овде постави доверие на оваа Влада. Па, ако не ни чини оваа Влада ние ако сме во Парламентот добри еднаш ќе направевме еден обид, да оваа Влада на чини или да ја менуваме со одреден број на министри со одреден број министри без ресор или со целата Влада ако го смениме премиерот значи ќе треба да оди целата Влада. Ние тоа не го направивме, практично сите гласавме како што рече и доста со пополнување немаше големи несогласувања  кој ќе биде, кој нема да биде, ги избравме овие луѓе и сега не ни чинат. Јас не говорам дали чинат или не, овде бараме дали е во овој момент политичкото време да се распишат овие избори кога ни ги диктираат и внатрешни и надворешни услови.

Господа пратеници, прв заговор и прво јавување за нови избори со овие вредности се јави во моментот кога Србите и Црногорците се собраа како што сами велат „богу иза леђа" во Жабљак каде годишно само еднаш се оди со Хеликоптер и за четири дена направија Устав на Сојузна Република Југославија и одеднаш ни се јави иницијативата да одиме со вакви вредности за распишување на нови избори. Дали господата од СДСМ не сакаат да го користат слободниот отвор на тој Устав што го донесоа на 27 април, пристапување  кон нецелосна Југославија, кон половична Југославија. Овој Парламент како што ми е мене познато  основно што донесе  кога ја изработуваше Платформата и ги даваше овластувањата на нашите преговорувачи  беше да се запази Југославија во цели рамки и ако таа иницијатива се прифати овде што на глас  одредени просрпско

одредени партии велат сега е момент да што не успеавме со војна да направием во Македонија е да го направиме во економскиот и политичкиот раздор. Јас ова го ценам како вантрешен незрел момент во ваков вредносен момент да се вршат изборите.

Вториот дел, меѓународното признание се одлага не поради целосно залагање на Грците, имаат одредници и други, Србите се повеќе заинтересирани за непризнавање на Република Македонија како самостојна независна држава. И сега сакаме да правиме нови непријатности, но во ова до моментот на меѓународното признавање на Република Македонија да најдеме сили. Знаете ли каде? Меѓу нас овде. Ако, господа не ни чини Владата да се договориме да најдеме друга Влада, таа нека работи, ние ќе работиме, ќе се договориме, ќе го имаме националниот елемент, сакаме да правиме независна македонска држава, ние ќе работиме, Владата ќе работи стручниот дел и да останеме на таа околности и да создадеме држава.

Тоа е едно, и второ, нека некој ни каже во која држава во свет се држеле избори во септември летниот период. Секаде изборите се вршат или во рана пролет или во доцна есен. Јас незнам овде што е тоа што ги одреди овие термини. Првпат беше да биде сред лето кога граѓанинот е на пролет, треба да се собира и да работи на летнината, ние ќе се занимаваме да ги викаме да водиме предизборни кампањи и да доаѓаат да гласаат. Што ќе биде ако човекот фатен со своите секојдневија и економски небитија да излезе на избор 10% од гласачкото тело. Кој ќе победи тогаш, Парламентот ќе биде распуштен, Владата не може да работи, изборите се неуспешни,ќе треба да се спроведуваат нови избори, што ќе направиме мегународно непризнаени, кон што води, дојдете ваму да ни правите други држава.

Мислењето на Владата дадено по однос на ова во точка 2 е јасно дека не е време, сакаше господин Ханџиски да каже дека Владата ние ја избираме и пред нас треба да одговара а треба да бараме од неа така бар јас го разбрав, мислење како да биде. Овдека практично не и побаравме една стручност, практичниот дел ја следи секојдневната политика. Со Уставот ние Владата ја овластивме да врши меѓународни признавања на други држави тоа е иностраниот елемент кој треба да ни го претстави што претставува надворешниот фактор за оваа работа. Тогаш ако се се распуштиме некој треба да не признае, кој ќе работи за ова. Ве молам, јас само укажувам да додека не знаеме кој ќе биде тој што ќе има право да избира и да биде биран на оваа територија на македонската држава дотогаш изборите временски да не се држат. Меѓутоа, одлуката ако треба да одиме на избори ние ја почитуваме и ќе останеме да се договориме овдека кога е време и кога тоа да го направиме и дали немаме законски пречки.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, нема да зборувам за процедуралните пречки во врска со иницијативата од проста причина што не сум правник, тука има доста правници кои можеа и тоа го разјаснија верувам, меѓутоа, како пратеник аверувам и поголемиот дел од нас и не се пратеници туку се само обични граѓани мислам на оние кои што

го следат Парламентот сепак беше создадена една забуна пред се во врска со итноста, второ во врска со уставниот основ бидејќи првпат беше барана промена на Уставниот закон, а сега веќе се наоѓаат иницијативата правно норми наоѓа во самиот устав односно во член 63 став 3 во врска со распуштање на Парламентот.

Меѓутоа, мислам дека треба да се расправа за иницијативата сега и во овој момент за да тоа не виси над нашите глави од проста причина што може повеќе да му наштети и на овој Парламент и на државата одколку тоа да е некако провизорно и нејасно. Право е на секоја пратеничка група адекватно на тоа и на СДСМ оценувајќи ја својата моментална популарност, оценувајќи го својот рејтинг меѓу граѓаните во овој момент да оцени каква е можноста да учествива со поголем процент во власта односно да го преоцени избирачкото тело се со цел па во овој случај ако сакате и под мотото за поголема демократија да бара една нова преоценка. Мислам дека ова не е за осуда и нема зашто од тоа да срамиме бидејќи сите политички партии, па ако сакате и независни пратеници овде се заради власта, не заради друго. Меѓутоа , заокружување на тоа нешто под мотото на демократија мислам дека не е во ред, а нема за што никој да ни суди и да ни каже дека сме се залепиле за овие пратенички фотељи кои во овој момент морам да кажам дека не се многу привлечни, напротив се многу одговорни и многу тешки за секој од нас што седиме овде, па да кажеме дека е некој против нови избори броејќи се се повеќе и повеќе да остане подолго во овој Парламент, бидејќи овие клупи нема да останат празни туку ќе дојдат нови луѓе. Според тоа, ја поздравувам оваа иницијатива и сметам дека е во ред некој да мисли дека ќе добиеме подобар Парламент, ќе добиеме можеби и подобра Влада. Меѓутоа, мислам дека како пратеници сите овде и како граѓани најодговорно, прво треба да преоцениме дали тој нов ризик за носење на еден подобар Парламен и за подобра Влада, овде дури и неадекватно беше поставена така да под мотото на Парламентот се мислеше на Владата и покрај тоа што можеме за Владата и ние да раправаме кога сакаме и во кое време сакаме, оценката за нејзиното доверие да ја ставиме кога сакаме пак и во кој момент сакаме и да оцениме како работела и што работела, меѓутоа без да го дискредитираме нашиот Парламент како највисок орган на власта.

Мислам треба да ги оцениме а треба и предлагачот да каже, јас си дозволувам гласно да размислам и да кажам дали е погоден и подобен политичкиот момент односно политичко безбедносната состојба во Македонија за одржување на нови избори. Според мене, не. Пред се како прво во Босна и Херцеговина и во Хрватска се води војна. Светските сили предвидуваат оваа војна да се прошири и во Македонија, на Балканот, па можеби и во пошироки размери. Тоа не значи дека со новите избори ние велиме дека во Македонија ќе има војна, меѓутоа ние мораме да размислиме дали ќе бидат реални можностите со распишувањето на новите избори да се подреди на нив, така да имаме едно политичко безредие, еден хаос, а од нас како пратеници ќе биде и морално и политички неодговорно во моментот кој може да биде и од пресудно значење за Република Македонија тежината да ја префрламе на избори и на други слични работи, а заокружувањето на државноста на Македонија да го сметаме за работа која може и неморa да се доврши. Јас незнам со какво морално право ние од еден нов пратенички состав ќе бараме да ги донесе сите системски закони, ако ние не можеме или несакаме да ги донесеме. Пред се, донесувањето на сите системски закони значи практично опeрализација на нашиот устав. Што значи уставот за Република Македонија во овој момент нетреба да се зборува, тоа е

основниот наш излез кон светот, основниот наш аргумент и доказ дека ние сме демократска земја која во моментот бара да биде признаена. Кај мене се поставува дилемата дали тој нов пратенички состав ќе сака да ги донесе тие нови системски закони, односно дали ќе мора да го почитува тој наш устав од проста причина што тој не го донел.

Од друга страна, голема е опасноста Македонија со вакви брзи потези да стане нечиј лесен политички плен, да стане нечија провинција или во најсреќен случај само да го одложи за подолго време признавањето од страна на Европската заедница и од останатите светски објекти. Според тоа, мислам дека пред носењето на било каква одлука за превремени избори во овој момент секој од нас треба подлабоко да се подразмисли, да види што тоа значи за целокупноста на државата Македонија, а не само за поедини партии кои реков не е лошо да се борат за власт и треба да се борат за власт. Според тоа апелирам до сите вас да се ослободиме и од партиските стеги, претходно да не ја претвораме расправата во меѓупартиска расправа, во рекапитулација и биланси која партија што имала досега, дали има можност на новите избори да добие повеќе или помалку туку длабоко да се исправиме пред тежината на одлуката што треба да ја донесеме сега, да кажеме дека во ред е иницијативата за предвремени избори, мегутоа прво да го заокружиме внатрешниот политички субјективитет на Република Македонија, да го чекаме нејзиното признавање, па ако сакате да и дадеме можност на оваа Влада, она што таа самата го бараше преку антиинфлационата програма по што ќе следи верувам носење на стабилизациона програма да се покаже и да каже дали може да работи за економското битие на Република Македонија, па тогаш ако не ни чини Владата, не заради Владата да го менуваме Парламентот ако треба да размислиме за нова Влада да направиме и нова Влада, меѓутоа да не станеме политички неодговорни и да си го рушиме угледот на Парламентот, пред се тоа им користи на оние кои не и сакаат добро на Македонија, а на нас сигурно не.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги дами и господа, драги пратеници, господин претседателе, господо од Владата, почитувано претседателство, сведок сум на еден момент, тука и почитуваниот претседател на Републикава кога јас лично му се обратив со следните зборови, а исто и на претседателот на Владата, сега е моментот да ја направиме оваа држава и тоа ми се вети, меѓутоа луѓето ми се чини останаа исти и се залагаат за признавање на ова парче земја, но еве се појавуваат луѓе кој сакаат да ни го отргнат. Разбирливо е за некого дека не ја сакаат оваа земја. Моите метафори господа не се лага, се полна вистина, полни со вистина. Ке ви кажам уште нешто. Никој го немате фенерчето на Аладин во свои раце. Земјата се наоѓа во една положба каде што народот не по наша или ваша вина е доведен на питачки стап. Ние пратениците од сите партии, претседателот на Републикатз, одговорните министерства на Владата тоа добро го знаат и на се начин сакаат да го изведат тој народ на еден пат кој ќе има парче леб и кој ќе си најде егзистенција во слободна независна држава. Зар не ви е жал , зар не сте меѓу

луѓето да видите дека луѓето гледуваат, дека луѓето немаат леб. Сакате ли уште да ги фрлите во похаотична положба, сакате ли да ги фрлите нашиот народ во безизлезносг, во бездност. Не господа, не.

Јас многу пати тука зборував дека системот, не се смејте господин министре на внатрешни работи, не се смејте господин министер на внатрешни работи затоа што поминаа времињата и кога беше Трпеновски на тој стол јас побарав повеќе работи тој не ми ги даде. За тоа ќе зборувам подоцна и зашто така зборувам, и ќе ве именувам. Не се плашам од смртта и тоа да ви го кажам. Ми е одреден денот кога ќе умрам и ќе ви го кажам пред да си одам од овој Парламент и ќе видите дека го знаам денот на мојата смрт, а ја гледам и смртта за жал на овој народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам држетесе за темата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Е, да не се смее господинот министер затоа што ако се смее во овој Парламент значи не понижува. Јас наполно се согласувам да има едни избори, да има едни избори нека се и привремени, но дајте луѓе да ја направиме оваа држава дајте бре луѓе да не признаат, дајте бре луѓе што рече еден од вас незнам кој беше да ја собереме жетвата, дајте да ги отвориме патиштата на пазарот па да видиме што ќе направи таа Влада.

Дајте малку да се осигураме. Парите ќе ги изедете, знам дека имате пари, ќе ги потрошите, но нема да ја имате слободата. Умираме ние старите, може во таа положба на питачки стап да го оставите вашето дете, или вашиот внук. Во една земја хаотична, во една земја неслободна. Треба да се размислува, јас конкретно сум за едни избори, праведни, демократски и да му дадеме и на претседателот на Републиката и на нас самите слобода да ја создаваме таа држава. И на Владата, иако е наречена експертна потоа кажав дека таа требаше во времето да се смени. Ако таа во овој период што ќе го дадеме не направи ништо, самата ќе биде свесна и ќе каже, луѓе, на таа Влада треба некој да и помага, не сме способни, ќе си гиземеме торбите и ќе си одиме. А не треба со нив да си одиме и ние. Значи, тогаш сме неспособни и ние. Нека господинот Ханџиски ни прости затоа што малку не ме увреди само мене, не увреди сите нас. Значи, вака убаво си рекол дека ние како да не сме способни и дека сме дојдени во онаа ситуација што неможеме политички економски така барем јас го сватив и така е да ја водиме оваа држава и треба да станат утре изборите.

Прашање до Ханџиски. Од каде господине Ханџиски вие ќе најдете пари за да ги обезбедите тие избори. Јас денеска отидов во Банката и Банката ми вика, Митко, немаме пари, ако сакаа шест илјади денари ќе ти дадеме. Ако правиме инает, а можеме да правиме инает, ако сакате да зборуваме домаќински треба да си зборуваме домаќински. Ако ја сакаме оваа земја треба да се смееме но треба малку да се замислиме дали не треба да пророниме и некоја солза.

Еден од пратеници рекол вака, нека ми извини, јас не можам толку да памтам кој го рекол, сега пред мене рекол дека Србија и Црна Гора незнам каде на кој врв се состанале и донеле устав и направиле една држава. Србија и Црна Гора иако се блиски по нација според тоа што сум го учел тука, тие се еден народ кој што може да се зближи кога сака. Меѓутоа, позицијата на Македонија е малку подруга. Ние не сме ни бугари, ни албанци, ни срби, па ни грци, значи, специфична нација на Балканот. Тоа што ни го одзеле во едни времиња, кога Ханџиски тоа не сакаше да ми го признае кога читаше тука еден реферат, јас ќе ги потврдам господине Ханџиски дека ние по судбината не на господ, на сатаната ние сме поделени. Многу ќе бевме посреќни ако таа земја беше држава. Но, тие од тоа се плашат. Ми се чини и Грците и Бугарите и Србите и Албанците....

**СТОЈАН АНДОВ:**

За изборите станува збор, не за Грците и за Србите.

**МИТКО АТАНАСОВСКИ:**

Ако неможеш да ги убедиш овие луѓе со факти, тогаш уште утре господине претседателе распишете избори. Сега тие по некој начин бараат таква хаотична положба за да си ги запазат местата кои се ограбени, но ние треба да бидеме тврди, па да си го запазиме она што го имаме. Ова ни останува уште, мислам ова парче од земја. Дали вие сте сигурни дека меѓу нив не постоел мекој договор и да ти ја замат куќата, да ни го земат и ова место. Ако бидеме обединети, сите, не само ние Македонците, Албанците и другите малцинства и етничките групи и другите, кои се родиле во оваа земја или ја сакаат оваа земја лесно ќе ја оствариме нашата цел, а тие пак лесно ќе ги изгубат позициите за кои што треба да не рушат односно да не снема од ова парче земја.

Не сакам да зборувам за системи, апсолутно не сакам да зборовам за тоа денес, но апелирам кон претседатлеот на Републиката, кон вас пратениците, кон Владата на Македонија овој период за признавање на Македонија да го искористиме сите со сите сили што побргу да дојде тоа признавање. Тоа признавање на Македонија. Да работиме со сите сили за единството на овие луѓе кои живеат на овие простори. Ако тоа не го постигнеме сакате или не сакате господине Ханџиски еден ден ќе си ја земете торбата и ќе си одите од оваа сала а можеби и никогаш нема да влезете. Апсолутно нема никогаш да влезете. Ке вртиш околу или пак дали ќе ти даде право да вртиш околу тука, тоа е прашање дали ќе ти дадат, затоа што ќе бидат други луѓе и друга полиција. Истото ќе важи и за мене и за претседателот на Републиката и за Владата. Е, за да не дојде до тоа треба да бидеме единствени, треба да бидеме сложни и треба да му помогнеме на тој работник што страда, тоа не е никаков рејтинг за мене, јас зборувам како Митко, не како партија. На тој што нема да му подадеме рака, на тој што учи да му ја намалиме таа карта да не плаќа толку многу, да можеме социјалата да ја подигнеме, затоа што сметам ако ги оставиме така, тоа Владата нека си го има предвид дека може да дојде до социјални потреси кои се уште полоши. Овде ние да размислиме како ќе му подадеме рака на тој што го има питачкиот стап, ако му падне питачкиот стап, се изгуби човекот, падна. Значи, не ќе може да

пита и тоа ќе му го одземеме.

Се сложувам,а со тоа и ќе завршам политичките партии од овој Парламент и политичките партии кои се вон Парламентот надвор од Парламентот убаво да се состанат да се договорат во кој временски период е најдобро да се одржат изборите. Ако ме викнете и мене да бидам јас јас ќе ви кажам да се одржат избори во ова парче земја треба да помине извесен период и од кога ќе не признаат дури за да се преиспитаме малку внатре и да видиме дали тие реформи што ги бараме Владата ќе ги исполни. Потоа ќе им кажеме, господа, одиме ние и вие, не сме способни и нека дојдат нови луѓе со нови избори и тогаш секој каква среќа си носи, така ќе биде.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, не би сакал да завлегувам во мотивите зошто Пратеничката група на СДС заедно со целиот лев блок во овој момент со иницијативата меѓу другото бараат да се измени рокот за системските закони, наместо за 6 месеци да изнесува една година и новите избори за пратенции на Собранието и за претседател на Републиката да се одржат во септември годинава, што е прифатено, видовме овде, и од страна на Владата. По се ова ситуацијата станува сосема јасна. Демократската процедура на нормалната законодавна дејност доведена е под голем знак прашање, со грубото нарушување на плебисцитарно изразената волја на македонскиот народ со која заедно со усвојувањето на новиот устав и уставниот закон се усвоија и роковите за стапување во сила на највисокиот законодаваен акт на Републиката. Наспроти тоа, сега со новииот предлог што е даден се случува нешто што претставува своевиден преседан.Се менува членот 7 со кој практично се одлага конституирањето на Република Македонија за една година, а со тоа и натаму останува во сила старото законодавство вклучувајќи го и она фантомското сојузно за сите оние клучни надлежности и овластувања што Републиката треба целосно да ги преземе како суверена и независна држава.Сето ова покажува дека сеуште не постои спремност да се прави она што треба да се прави со Уставот.

Сето ова покажува дека се уште не постои спремност да се прави она што требаше да се прави со Уставот, со вака предложените перфидни уставно правни измени на Уставниот закон практично се врши дирекна суспензија на Уставот на Република Македонија, Ако левиот блок заедно со коалицијата на ПДП и НДП го имаат мнозинството гласови со кои ја контролираат власта тоа не значи дека некој може да им даде за право со противуставни дејства да остваруваат едностран ред и поредок во Републиката, наспроти волјата на македонскиот народ. Со противуставна постапка не можеме да дојдеме до уставно-правна држава. Тоа практично значи продолжување на агонијата во која се наоѓа Македонија. Конечно ние мораме да признаеме дека Република Македонија не го постигна она што можеше да го постигне по усвојувањето на Уставот. Практично таа не го доби очеку-ваното меѓународно признавање. Очигледно е дека во рокот од шест месеци не се оствари не само реализирањето

на законската активност предвидена со Уставот, со Уставниот закон, туку ни онаа улога што Собранието на Републиката требаше да ја има како највисок претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт, ниту таквата нова улога ја оствари Владата што требаше да ја има според Уставот, ниту е остварена новата улога на локалната самоуправа судството и сите други институции што требаше да заживеат врз темелите на сосема поинаку поставените демократски односи и принципи.

Во Македонија не успеа да заживее новопроектираниот политички систем онака како што можеше да заживее. Изостана уставната примена, иако Уставот беше донесен јасно стана дека ние имаме Устав само на хартија. Сите знаеме дека без системските закони Уставот неможе да стапи во сила. Без тие клучни прописи не може да се зборува ни за организацијата на државата, ни за нејзиното остварување. Иако Југославија целосно се распадна, Македонија сеуште неможе да застане на свои нозе. Актуелната политичка власт неможе да се ослободи од вината за таквата ситуација. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ постојано укажуваше на блокадата што се прави во законодавната дејност во ова Собрание. Од тие причини, како што ви е добро познато побаравме соодветна одговорност на челниот човек во овој Парламент за што сакам да ја потсетам и македонската јавност. Овој пат со усвојувањето на иницијативата за нови избори онака како што ја предлага Социјалдемократскиот сојуз сеуште оди понатаму во негативна конотација. Таа иницијатива не претствува ништо друго, освен уставен пуч во Македонија со несогледливи последици за натамошната изградба на демократската власт и правната македонска држава. Избори треба да се одржат, тоа и ние го бараме, но откако на сите избирачи јасно ќе им стане за каква Македонија ќе гласаат но не и за онаква половично уставна Македонија како што сега се заговара. Од тие причини досега со право укажувавме на потребата да се демократизираат односите внатре во Македонија. Кризата повеќе неможе да се одлага, тоа сите го знаеме. На тоа укажуваат повеќе политички партии и македонската јавност, а и пошироката јавност. Не можеме да зборуваме дека во Македонија настанала преобразба на политичкиот систем. Левите сили што ја контролираат власта не изразија никаква спремност да ја делат таа власт со своите политички неистомисленици. Затоа, велиме дека во Македонија завладеа неокомунизмот без почитување на парламентарната демократија. Во ниту една институција, ниту во стопанството, судството, ресорните министерства, одбраната, полицијата итн, не се случија никакви промени, ниту пак постои спремност во тие институции да бидат прифатени кандидати,кадри што ги предлагаат партиите со поинакви политички уверувања сразмерно според освоените гласови во Македонскиот парламент како што тоа е практика и во духот на парламентарната демократија во Европа и во светот. Дури се случува на очиглед на целата македонска јавност за началници во Министерството за внатрешни работи да се именуват бившите секретари на Сојузот на комунистите на Југославија. Не можеме да зборуваме за никаква демокртска држава во која уште седат старите структури и во која важат старите државни симболи од претходниот недемократски режим. Затоа, господа пратеници, во овој момент слободно можеме да кажаме избори да, но откако ќе се

содзадат сите предуслови претходно за слободни избори. Лично сметам дека за такви избори од страна на сегашната владеачка структура неможе да се обезбеди цврста гаранција. Ниту пак тие избори можат да бидат во духот што го наметна повеќепартискиот систем. Непосредни избори со тајно гласање се темел на демократијата, која пред се обезбедува односно се обезбедува со политичка одговорност на државната власт спрема граѓаните, што за жал тоа се уште не може да го обезбеди актуелната државна власт во Македонија. Според тоа, изборите не се спорни, спорна е постапката, спорен е начинот на изборите. Очигледно е дека левиот блок со својата иницијатива за нови избори сака бескомпромисно да се пресмета со своите политички неистомисленици. Нивната цел е сосема јасна, да се исчистат од политичката сцена партиите со поинакво политичко верување. Методите со кои се служат политичките противници се сосема јасни. Дисквалификација и сатанизација што досега беше својствено само на тоталитарните ориентирани режими на кои им недостасуваше не само смисла на толеранција , туку и политичка култура и плурализам на мислењата. Такво нешто историјата памти само во поранешниот еднопартиски систем. Господа пратеници, дали можеме да имаме избори во вистинска смисла на зборот без законите со кои се заокружува државно правното устројство на Македонија. Јас мислам не. Дали можеме да имаме избори без воспоставена медиска рамно-правност за сите партии, без остварување на слободата на печатот кој подеднакво критички треба да се осврнува и против грешките на владеачката структура.

Мојот одговор е негативен. Повеќе од сигурно е дека не ќе имаме правични избори, доколку не се обезбедат подеднакви средства на партиите во изборната кампања. Ако бирачкото право спаѓа во темелните слободи и права на човекот и граѓанинот во личните и политичките слободи и права и во Уставот одредено како општо и еднакво право на сите државјани во Републиката кои навршиле 18 години, тогаш тоа бирачко право македонските државјани треба да го сотварат онака како што се пропишува со посебни закони. Затоа, без новото изборно законодавство, ние не можеме да зборуваме за целовитоста на системот, бидејки станува збор за прописи кои значително ќе влијаат врз натамошниот развој на политичките носители и демокрацијата во Македонија. Ние не можеме изборниот систем да го градиме од покривот туку од темелите. Затоа, не е доволно да го прифатиме само Законот за избор на претседатеалот на Републиката, како тоа што првично го предложи СДС односно со Законот за избор на пратеници и Законот за политичките партии според нивнот втор предлог, туку и со сите други закони од изборното закондоавство, Законот за пописот на бирачите, Законот за неспојливоста на функцијата пратеник со вршењето на други јавни функции, Законот за изборните единици, Законот за државјанство итн. Во овој момент кога зборуваме за нови избори, ние мораме сите изборни законски акти да ги усогласиме според новиот устав, на начин и постапка како што тоа го бара системот на претставничката парламентарна демократија.

Бараме целосна заштита на изборното право, од постапката на кандидирањето преку контролата до конечното утврдување на изборните резултати, без било какви притисоци врз легализацијата на повеќепартискиот систем. Само така можеме на

Европа отворено да и речеме: Ние сме за слободни избори, имаме закони и регуларни
изборни резултати и дури тогаш можеме да речеме - Европо, па сега на тебе е редот, на Македонија и треба меѓународно признавање.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Социјалистичката партија на Македонија, разгледувајќи ги уставно-правните, политичките, меѓународните и другите подолгорочни и актуелни импликации од покренувањето или непоркенувањето на постапката за распишување и спроведување на нови парламентарни избори во Република Македонија, а поставено тоа во контекстот на актулените економски, политички, социјални, меѓународни и други состојби во Републиката и активностите на институциите на власта за демократско системско и долгорочно разрешување на тие состојби, оценува дека распишувањето и одржувањето на нови парламентарни избори може да биде еден од значајните демократски инструменти со кои ќе се потврди легитимитетот на органите на власта и ќе се создадат пошироки демократски политички основи за нивно ефикасно фуницонирање.

Оваа партија новите избори ги гледа како инструмент на поставување на легитимитетот и демократската заснованост на органите на власта како суштествено претпоставка за нивната севкупна ефикасност во утврдувањето и водењето на долгорочната и актуелната политика на Република Македонија, а не само како процес за определување на позициите на политичките партии, иако и тоа е конститутивен елемент на политичкиот плурализам и парламентарната демократија.

Определувајќи се во основа за распишување и спроведување на нови парламентарни избори во Македонија, Социјалистичката партија како неопходни ги смета следните елементи на нивнот карактер и нивната организација и спроведување.

1.Изборите не треба да влијаат врз забавувањето на позитивните процеси во зацврстувањето и развивањето на државноста и самостојноста на република Македонија. Ова особено се однесува на меѓународното признавање на Република Македонија, во која и најмала манифестација на нестабилнсот на државната организација, нарушување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот и нарушување на демократијата на политичките процеси, а изборите се еден од основните политички процеси, може да го забави и на подолго време да го одложи.

Затоа, при одлучувањето за нови избори мора да се поаѓа од мошне прецизна и аргументирана проценка за погодноста на времето за нивно распишување и одржување.

2. Изборите треба да се одржат во рамките на постојните уставни и законски решенија. Непочитувашето или менувањето на овие решенија директно доведува до уставна нестабилнсот, која е суштествена основа за нестабилност на уставниот и политичкиот поредок во земјата.

Инсистирањето на респектирање на уставните и законските норми, пред се, значи инсистирање на потребата од претходно донесување на неколку неопходни закони, кои се евидентирани и во Уставниот закон за спроведување на Уставнот на Република Макеоднија и тоа: Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, односно целосен изборен закон, Закон за избор на претседател на Република Македонија, Закон за политичките партии Закон за локалната самоуправа и Закон за територијална поделба на Република Македонија.

Овие закони треба да се донесат во постапка која ќе обезбеди демократичност на постапката и оптималност и рационалност на законските решенија. По донесувањето на овие закони, новите избори да се одржат во рамктие на предвидените со Уставниот закон рокови, член 10 од Уставниот закон најрано три месеци по донесување на овие закони, пред се првите три.

3. Изборите треба да бидат комплетни, што значи да се распишат и спроведат избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, за претседатеал на Републиката и за претставници во собранијата на единиците на локалната самоуправа. На тој начин ке се обезбеди рационалнсот на изборниот процес, тој да се заврши и заокружи во определен разумен временски период, како би овозможил нормално конституирање и функционирање на институтите на власта и другите институции и легитимитетот на сите институции на власта и на другите институции.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во врска со иницијативата на Социјал демократскиот сојуз на Македонија за распишување на избори за пратеници на Собранието на Република Македонија и за избор на претседател на Републиката би сакал да дадам едно свое видување кое мислам дека треба да се има предвид како во Парламентот, така и пошироко меѓу македонскиот народ и граѓаните на Македонија. Пред се би сакал да кажам и да потенцирам дека лично јас, а зад тоа стои и мојата партија сме за нови избори, но не од сега од кога е покрената иницијативата на СДСМ, туку многу порано од моментот кога на виделина излезе коалицијата на левите партии на чело со СДС со партиите на албанското малцинство ПДП НДП,на што сме сите сведоци. Впрочем и седниците и гласањето на истите покажуваат на дело кој со кого е во коалиција. Така да однапред беа разрешени сите дилеми и ВМРО ДПМНЕ беше ставена во една нерамнорамна положба. Но би се навратил на иницијативата за нови или предвремени избори од СДС, а истите би можеле да бидат од суштинско значење за натамошниот живот и опстанок на македонската дражава. Затоа,сами по себе се наметнуваат повеке прашања и констатации.

Зошто потпишаните пратеници на иницијативата од СДСМ се сомневаат во ме]ународното признавање на Република Македонија? Како (што стои во образложението, цитирам: "Процесот може да се

пролонгира со одреден степен на неизвесност". Па се прашувам: како истите пратеници од СДСМ, како и целата партија стоеа зад официјалната политика на Република Македонија, а сега одеднаш појавуваат сомнеж и недоверба во "исправноста на таа политика" и како што наведуваат во истото образложение дека и ова треба да биде еден од основните мотиви за новите избори.

Значи, преку ноќ ги менуваат ставовите и не се согласуваат со она што вчера го подрржувале.

Во истото ова образложение од Иницијативата на СДСМ се фрлаат дрва и камења врз Владата на Република Македонија дека е немоќна и некадарна да ги реши основните егзистенционални проблеми на граганите. Па, господа од СДСМ би ве потсетил дека ментор на таа влада е господинот Глигоров, зад кој вие цврсто стоевте, а и последниот избор за тројцата министри помина без гласовите на ВМРО. Значи ВМРО ДПМНЕ не стои зад експертската влада на господинот Кљусев, туку вие кои гласавте за таа Влада и тие министри, а сега сесрдно ја напаѓате. Во истото образложение по Иницијативата стои: "Актуелната влада цело време се однесува како Влада која вечно ќе владее, а нема да сноси одговорност за својата работа. Лично за мене нема дилеми дека Владата е таа што треба да се носи одговорност, но одговорност треба да сносат сите субјекти кои застанаа зад истата, а во овој случај и вие господа до Социјал демократскиот сојуз. Значи, нападите од ваша страна се нелогични,а сега сакате да се дистанцирате и целата одговорност да ја префрлите на Владата, а кумувавте на таа иста Влада. Впрочем, не е никаква тајна дека голем удел за економскиот колапс и сегашнава состојба имате токму вие со вашите комунистички директори од кои не знам точно број колку се во вашите редови.

Следствено во истото образложение по Иницијативата за избори на СДСМ стои дека Парламентот се судрува со "некомпетентност" и "компромисност", па би се запрашал кој е компетентен, а кој некомпетентен во даденава ситуација. Впрочем, имавме шанса, господа од Социајл демократскиот сојуз, 45 години да бидете компетентни, но го доведовте народот до национална и економска катастрофа, Па е смешно воопшто што манипулирате со термините компетентни и некомпетентни, а за компромиси "ви симнувам капа" кога сте вие од СДСМ во прашање затоа што за оваа година и повеке месеци од постоењето на повекепартискиот Парламент направите толку многу компромиси на штета на македонсккиот народ, а во соработка со претставниците на албанското малцинство во Парламентот, конкретно со ПДП и НДП што на секој македонец "коса му се крева на глава". Доволно е да го спомнам Уставот на Република Македонија и нејзиниот граѓански карактер што беше потполна спротивност со барањето на македонскиот народ за национален устав. Но, епилогот од овие компромиси на комунистите со ПДП и НДП сите ке ги почувствуваме, а по се изгледа дека никој нема да сноси одговорност, но се надевам дека македонскиот народ ќе знае да извлече поука и да го даде гласот за вистинските бранители на македонската кауза на новите избори. Еден од основните фондаменти, кој треба да помогне и разреши некои дилеми,

а во врска со изборите, покрај низата други, според мене е Законот за државјанство. За да не се случи она што беше веке видено, колку за потсет, дека се гласаше кој како и каде сака, гласаа со две и повеке лични карти, гласаа и оние кои не се државјани на Република Македонија, а се однесува исклучиво на припадниците на албанското малцинство, па во овој смисол би апелирал на итно донесување на овој Закон и национален концензус за начинот и условите за стекнување на македонско државјанство, кој треба да биде во функција на заштита на македонскиот карактер на Републиката. За рамноправен старт на сите партии: парламентарни и вонпарламентарни на новите избори мора да се води сметка и за финансиската потпора на истите затоа што некои партии располагаат со огромни имоти и огромни финансиски средства, а примерот на СДС е најочигледен, а е во врска со зградата на поранешниот ЦК изградат со народни пари од кои исклучиво профитираат бившите комунисти и тоа во цврста валута. Затоа мора веднаш да се врати на државата и рамноправно истата партија да стартува со сите други на новите избори.

Во контекст на горе изложеното треба да се има превид фактот дека некои регистрирани партии треба да се забранат и никако не смеат да учествуваат на новите избори, а се однесува на сите оние кои се анти уставни и не се автоктони.

И уште едно принципиелно прашање што се провлекува во минатите избори, а е поставено како пратеничко прашање повеќе пати на седниците, а се однесува на растурањето на летоците на бугарски јазик во функција на дискредитирање на ВМРО ДПМНЕ и прикажување на истата како пробугарска партија.

Во оваа смисла се поставува прашањето зошто Министерството за внатрешни работи молчи и не дава никакви информации за актерите во оваа нечесна работа. Би сакал да напоменам по трет пат дека лично сум за нови избори, за што се залага и ВМРО ДПМНЕ, но со претходно донесување на сите системски закони и спроведување на истите во целина како основен услов за функционирање и заокружување на македонската државност. Би сакал да се надоврзам на образожението од Иницијативата на СДС, а презентирано од господиниот Бранко Црвенковски на 14 април, ако добро се сеќавам и неговата "загриженост за граѓаните на Републиката" за социјалните тензии итн., па би го запрашал истиот господин до каде оди неговото лицемерие и дали беше загрижен за илјадниците бездомници и уште не знам колку кои плаќаат 100 до 200 германски марки кирија месечно кога истиот господин доби стан од 80 м2 во населба Порта Влае по не знам која основа, но за мене исто би рекол на еден нечесен начин.

И на крајот би сакал да кажам дека "со ситни души не се прави држава", господа од СДС, не постојат поситни души од оние што ја продаваат својата татковина на албанците без око да им трепне. Дури и да се обидам да ја сфатам желбата односно болеста за власт, не можам да сватам дека некој може да оди против својата татковина, а и против својата совест ако ја има.

И како надополнување на сето горе изложено: под итно формирање на независна телевизија? дали во склоп на Македонска

радио телевизија или посебно, повторно активирање на независни дневни весници, за да не дојдеме до ситауција да ни се случи она што се случуваше пред првите избори, кои според сите показатели тешко може да се каже дека беа регуларни, во смисла кога се знае во кого вебе власта и на кој начин ја манифестираа.

И уште нешто, како реплика на г-динот Голубовски, и ако не го гледам тука. Според него, распуштањето на Парламентот нема да ја дестабилизира Републиката, бидејќи демократијата е длабоко навлезена во Македонија, во што јас лично се сомневам. Но би го потсетил г-динот Голубовски, на седницата по повод барање оставка од претседателот Стојан Андов, кога од ова иста говорница од многу дискутанти беше потенцирано дека со овој чин се дестабилизира Македонија, а и признавањето се доведува во прашање. Па нека направи споредба меѓу овие две работи, меѓу распуштањето на Парламентот како највисока институција на власта и со оставката на г-динот Стојан Андов. Не знам кои се мотивите на г-динот Голубовски, но мислам она што го кажа воопшто не држи.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, зошто пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ во овој момент на донесување на една крупна политичка одлука, предвремени избори да или не, нема доблест и морално достоинство пред целата македонска јавност да признае дека води крајно проблематична и дволична политика или се работи за напуштање и ревидирање на основните стратешки насоки на партиската политика од страна на добар дел на составот на оваа пратеничка група.

Зошто го велам ова? На тоа не упатуваат следните факти на кои ќе потсетам, колку да си го обноват своето памтење самите пратеници. Имено, станува збор за изјави и настапи во Парламентот и на други места на лидерите на оваа партија, како и соопштенија на органите на оваа паритија, кога во целина ги поддржуваа миговите искажувања и ставови и кои честопати беа преточувани и во конкретни иницијативи; пред овој Парламент.

Ќе се задржам само на три моменти кои постојано биле присутни во изјавите на челниците на оваа паритија и за кои мислам дека на секој обичен човек и граѓанин кога ги слушаше или ги слуша не им преостанува ништо друго да заклучат, освен дека оваа партија од самиот почеток бара впрочем нови избори бидејќи не е задоволна од распределбата на власта или пак од и начинот и резултатите како се остварила така наречената државна политика на Република Македонија. Меѓутоа, до денес тие така официјално барање не доставија. Колку за илустрација, прво, ќе потсетам само на излагањето на г-дин Љупчо Георгиевски, во Собранието по повод неговата оставка на местото потпретседател на претседателот на Републиката во кое другарот Драги Арсов во целина го поддржа, дури одеше и понатаму со еден нескриен цинизам, кога тој констатира дека во Македонија демократијата е загрозена и дека се помалку ја има и дека таа пресушила со конституирањето на овој собраниски дом, која всушнсот ги суспендира изборните резултати од 1990

година.

Второ, уште во таа фаза постојано се критикуваше активноста и работата на ова Собрание дека е изложено на блокади кои доаѓаат од челните луѓе на Републиката,дека тоа, всушност, не решава, не одлучува за крупни политички и други прашања, дека Парламентот се дезавуира односно дека се  се одлучува на друго место, а Парла-ментот служи за обично покриТие и парада. Во таа прилика како тиПичен пример беше посочена, ако не се лажам, надворешната навод-на манупулација со Хашкиот документ за кој Парламентот не се изјасни дека Македонија дали го прифаќа или не.

Трето, за Владата што беше кажано. беше изречено следното дека со самото формирање на Владата по два три месеци таа буквално била блокирана и парализирана, со други зборови како што беше наречена од Љупчо Георгиевски беше извршен пуч. Целта на оваа блокада, според изјавите на лидерите на ВМРО-ДПМНЕ била оваа парија да се исфрли од играта потоа терминот експертска Влада бил измислица со цел со таква Влада многу полесно да се владее и манипулира односно дека таа се повеќе е извршен орган на една личност, а не Влада.

Беше кажано дека Владата носела и повлекувала одлуки по телефон и слично. Уште тогаш беше кажано дека била грешка што не е избрана коолициона Влада затоа не се добило ништо освен секој да работи во име на Македонија, а ни една партија да нема одговорност заради тоа. Затоа постоел хаос во Македонија и дека мора секоја Влада да се потпира на волјата на овој Парламент поточно на партиите застапени во него и слично.

Се прашувам зарем не е логично ако веќе се констатира дека во Македонија се суспендирани процесите на демократизацијата и се зборува за неокомунистички засврт, ако се говори за суспендирање на парламентарната демократија и дека има Влада која не владее, тогаш се поставува прашањето каде е излезот од оваа состојба и ситуација. Верувам дека сите политички партии кои имаат демократска провиненција и ориентација, а не со рушење на власта со вон институцијонални средства што имавме  прилика од страна на ВМРО-ДПМНЕ да се соочуваме во текот на изминатата година, само да потсетам на Второилинденскиот повик за бунт против раководството на Република Македонија, на ноемвриските настани пред усвојувањето на Уставот на Република Македонија со симнувањето на знамето како државен симбол, не останува ништо друго, туку да се оди на нови избори и да се направи повторна проверка пред народното гласачко тело. Меѓутоа, тоа не се бара од таа пратеничка група. Затоа цениме и со иницијативата и предлогот сакавме тоа на анекој начин да го постигнеме да се овозможи предвремени избори на нова повторна про-ерка на политиката на Република Македонија олицетворена во лицето на претседателот на Република Македонија да оди на една повторна проверка пред гласачите.

Оттаму се враќам на првото прашање. Дали ВМРО-ДПМНЕ во овие ново настанати услови и најнови собитија мислам дека не му преостанува ништо друго, туку ако сака да биде доследен на се што

пред малку на неколку моменти се осврнав што било искажувано како партиска политика, како партиски ставови презентирани, меѓу другото, во овој Парламент да остане доследен на таа своја политика треба нормално да ги прифати затоа што дала поголем број причини и образлиженија за она што ние го имавме во сопствениот предлог.

Со тоа би завршил и само кусо, ако ми дозволите, би се осврнал само на некои дискусии од страна на некои пратеници.
Јас лично на пример....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Но, без прозивање на личности.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Добро, се откажувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза до 16,30 часот за ручек.

(Седницата прекина со работа во 14,45 часот)

(Седницата продолжи со работа во 16,50 часот)

Продолжуваме со работа.

За збор се јави пратеникот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Потполно се согласувам со иницијативата на СДС за да се распишат нови предвремени избори поради многу пропусти и на Парламентот и на експертската Влада.

Пропустите што ни се познати, па нема ни да ги набројувам, меѓутоа, отворено се гласаше досега дека не бевме подготвени да ги решаваме проблемите од сверата на меѓунационалните односи. Владата подготви еден таков материјал, меѓутоа, до денеска не дојде на дневен ред.

Отворени и нерешени проблеми во сверата на образованието на албански наставен јазик. Веројатно идниот парламент нема да биде поделен на леваци и деснаци, на големи имали македонци, на лојални и нелојални граѓани односно пратеници, веројатно нема да биде македонски парламет, туку ќе биде парламент на граѓаните на Македонија, претседателот нема да биде претседател на Македонски парламент, туку ќе биде претседател на парламентот на Македонија и да не набројувам друго.

Во идните избори граѓаните треба да гласаат за такви пратеници кои навикнале да живеат со сите граѓани во рамноправно сожителство и ќе бидат подготвени за решавање на сите проблеми од животот. За мене тие ќе бидат големи македонци, албанци, турци, власи, роми и други, но како луѓе, а не како досега што некои пратеници се правеа големи македонци на штета на својот сожител албанец, турчин, ром и други.

Уште еднаш повторувам поради горе споменатите проблеми сум за нови избори.

На крајот една мала реплика на господинот Драги Арсов кој рече дека коалицијата на СДС и ПДП ја контролира власта. Го прашувам господинот на кој начин ПДП ја контролира власта, преку кои правни институции, дали преку големиот број министри или помошници министри што ги нема во оваа Влада.

ВМРО, заборави на коалицијата со ПДП за време на Велигденските празници.

Уште една реплика на господинот Флоровски, не реплика, туку ќе додадам нешто на неговата дискусија. Господинот Флоровски рече дека со ситни души не се прави држава, јас ќе додадам тешко се постигнува рамноправност и сожителство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Димитар Трпеноски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Јас спрема иницијативата на СДС за предвремени избори се однесувам толерантно и истата ја сваќам како повик за еден политички дијалог меѓу присутните политички партии и градење на еден политички проект за оценка дали е време за избори или не. Мислам дека проодноста на оваа иницијатива потребно е поопсежно да се анализира и во тој контекс би кажал за проодноста на иницијативата следното:

Прво, секако дека сега најголемиот национален интерес на граѓаните на Македонија е да преживеат во што поглем број со што помалку жртви. Исто така е интерес да ги ослободиме граѓаните да сторат нешто повеќе за себе, а ние низ системските закони да им создадеме правен и политички простор за тоа.

Она што сега го поседува Македонија како параметар на демократијата, мислам дека е мирот во Македонија. Можеби истиот е привиден, но е многу вреден и создава простор за политички дијалог, а и за продуктивна работа. Мораме да се согласиме дека основата на мирот во македонија е во политичката структура на овој парламент. Можеби не во персоналната, но со сигурност можеме да кажеме дека во политичката структура да затоа што во парламентот нема превласт на ниедна политичка партија, на ни една идеологија и сите се упатени кон кооперативност, толерантност, демократски дијалог, а на тие основи мислам дека се постигна консензус околу политичкиот проект за суверена, независна Македонска држава. Потоа се постигна демократска артикулација околу изборот на претседателот на Републиката кој, како што гледаме во изминатиот период, се здоби и со внатрешен и со меѓународен углед така што не чувствувам дека е во прашаше неговиот легитимитет, меѓутоа, исто така треба да се согласиме дека при едни евентуални избори во овој миг ние би имале или иста или полоша политичка структура на парламентот. Зошто? Заради тоа што се уште не е извршено никакво преструктуирање на економскиот развоен модел. Пред нас како проект го имаме Законот за преструктуирање на стопанството односно Законот за приватизација. Дури на тие основи ќе се родат нови субјекти и нови носители на развојот. Тогаш можеме да очекуваме еден друг позитивен рефлек на политичката структура во парламентот односно тогаш можеме да кажеме дека ќе имаме нови носители на развојот и парламент со поинакви и попродуктивни гледања. Тоа е едниот аспект.

Исто така загрижен сум во едни евентуални избори сега дека е можно да се појават на политичка сцена одредени ретроградни проекти, колективистички проекти и покрај тоа што

сосздадовме граѓански Устав можно е на просторот на Македонија повторно да заживее колективистички проект, можен е војнички колективизам на етнички чистите поединци и во името на етносот да ја запалиме темпираната бомба која може да ја врати Македонија назат и да го избрише ова што е постигнато.

Каде е во суштина проблемот? Мислам дека и низ дискусијата сега можеме да заклучиме дека оваа иницијатива е позитивна заради тоа што бара поголема подготвеност за толеранција, за демократска артикулација на проектите и гледањата околу решавањето на клучните прашања и од тој аспект јас мислам дека иницијативата треба да помине низ една ваква демократска процедура на демократски начин да види виделина или ако се постигне политички консензус меѓу политичките партии дека навистина сеуште не е време, мислам дека може тоа уште денеска на оваа материја да не се задржуваме долго, туку низ демократска процедура со гласање да се определиме за оваа работа да или не.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, мојата мала партија расправаше по ова прашање и морам да кажам овде дека сум многу непријатно изненаден првиот пат кога  го слушав излагањето на претставникот на СДС за барање на вонредни парламентарни избори.

Вие,секако, се сеќавате дека јас бев заедно за време на изборот на Владата, изборот на претседателот, потпретседателот, донесувањето на Уставот и сите работи што ги правевме овде во парламентот и во Македонија, бевме заедно кога расправавме за господинот Денко Малески, за претседателот Андов и за други прашања, меѓутоа, сега сум изненаден и денеска кога разговараме на оваа тема дека негативно ни се пишува. Многу брзо почнавме да разговараме за оваа работа, ова е пребрзо. Јас мислев дека треба да се сочека денот на признавањето на Република Македонија, она што вчера не е направено мислев дека од прилика 90% ние знаевме дека вчера немаше да бидеме признаени, секоја држава, можеби сама себе не во пакет, да го дочекаме и тој ден, месец, два, три, пет, шест месеци. Мислев дека за тие пет шест месеци да им дадеме специјални задачи на нашите министри од нашата Влада во овие услови на непризнавање на Република Македонија како да се излезе од ќор сокакот и колку толку да направиме рамнотежа на билансите во Републиката, односно да ја намалиме социјалната тензија затоа што луѓето се гладни немаат леб. Мислев по признавањето уште поглема доверба и задача на Владата со користење на странски капитал, капиталот на Народната банка за обнова и развој и други финансиски институции да заживее стопанството па ако таа Влада не го даде очекуваниот резултат, тогаш да ви кажам една работа заради еден арап не треба да се запали цела Арабија. Тоа значи Владата ќе ја менуваме. Мислев дека тоа е редот, ако Владата не може да издржи ако не може да го оствари она што треба да го оствари, меѓутоа, опишувајќи внатре од претседателот на СДС пратеникот

Бранко Црвенковски се создава каква е состојбата во нашиот парламент и во Македонија, а пред тоа сме разговарале за други работи дека се е добро со министерот за надворешни работи, со претседателот на Собранието од таква ситуација сега што е едното што е другото и ако овде беше присутен јас тоа на еден пријател колега овде му кажав ако во некое ќоше имаше скриена камаера и некој следеше што зборевме пред тоа што зборуваме сега ќе рече каква Македонија, што сакате? Помалку се срамам од ова. Можеби за некој не е битно, но за мене е многу битно.

Денеска сите дискусии овде укажуваат на маркетинг, очигледно тоа е, некоја партија е во опаѓање со авторитетот, а некоја доби поголем авторитет, па кога еднаш ќе престанеме со тие комунистички директори, морам вака да се изразам. Ние не можеме сега да гоземеме целото стопанство и да речеме целото наше стопанство колку директори има, има илјада директори, колку има ВМРО- 37, колку од 120 се тие 7 плус , за пример само кажувам.

Според тоа треба да отстапиме од таа теза. Мора нашите партиски програми да бидат еластични. На мене не ми е никој виновен, Тихомир Илиевски или не знам кој таму ако не ме повикаа на таа емисија што ја имаше на ТВ - пратеници и граѓани. Зарем директорот ми е крив за тоа, па сега ќе кажам комуниста е и.т.н. Голема работа, па друг пат ќе ме повика или пак нека не ме повика, не е важно. Или пак Фрчковски е крив заради тоа што во Дебар некој испукал куршум против некого, исплашил некои деца. Мене Фрчковски не ми е крив. Сигурно тој ќе испита што е ситуацијата таму. Тој не е овде. Овде е огледалото. Ние гледаме кои сме што сме тука. Имавме време повеќе месеци тука да се докажеме. Е сега какви сме такви сме. Но, јас мислам дека добро е што разговаравме за оваа тема, иако е многу лош момент. Критичниот момент не го избравме. Ова е многу лош момент. Еве малку се преслушавме и мислам дека треба да се прекине со оваа дискусија. Оваа дискусија да дојде некаде после Нова Година. Да си дадеме малку оддишка, да си дадеме малку задачи, да видиме во моментот како може да се извлечеме од сиромаштијата. Народот нема да излезе на избори луѓе, да се разбереме. Некои доаѓаа и од странство да гласаат а нашиот народ се криеше внатре во куќи. Сега е бетер ситуацијата. Јас комуницирам со народот, не со ромскиот народ, да се разбереме, со сите комуницирам. Не е време за избори. Ние сеуште ништо, скоро ништо не сме направиле. Ние сме донеле Устав. Ние какви такви го сочувавме ова мало парче земја, оваа наша Македонија од војна. Направивме се и сешто да не влеземе во војна, а тоа е најопасното.

Меѓутоа треба да се погрижиме и за она другото што следува. Не може овде да окривува некој некого затоа што ова се незнам какви директори па затоа не увалија во социјална беда. Не е тоа. Мораме да знаеме дека пазарите ни се затворени. За тоа мислеа овие директори што се тука присутни и јас заедно со нив. Немаме пласман каде. Ние мораме да најдеме пласман на друго место да отвориме тржиште. Мора да бидеме ефтини со нашата цена на чинење па да конкурираме или со добар квалитет. Само на тој начин ќе можеме да го пласираме производството, на

тој начин само ќе ги вратиме работниците на машините. Тоа да го направиме. Инаку овде за предвремени избори, сигурно ќе победи некоја партија и сигурно ќе основа своја влада, па дали ќе биде тоа после едноумие, дали нема да се создаде некое друго едноумие и.т.н. Се е можно. Јас мислам дека е многу тешко од оваа говорница да се кажуваат зборови дека некој очекува војната да се пренесе и овде. Никој нема право тоа да го каже. Никој не може да бидеме да речеме квази политичар па доста овде се правевме и дрвени адвокати и квази економисти и кваси правници, па сега знаеме сега и што Америка мисли и.т.н. Дајте да ја оставиме Америка за своите гласови да мисли што од Грчка ќе добие. Од тие Грци што се таму. Тоа е нивна работа. Ќе ги почекаме нивните избори. Да не зборувам, можеби тоа е квази политика, квази знаења, што се светот мисли за нас. Ние сме мал народ, мала државичка. Дали се плаши некој од нас. Никој од нас не се плаши. Секој од секого се плаши. Има една турска изрека "и некми синекми" у превод бивол и мува. И мувата е мала ама го расипува целото тело ако ја голтнеш мувата. Ние сме мал народ ама.... ова не е претња, нели, но еве мал народ сме па секој нека мисли за својата куќа, за својот двор.

Моја препорака е оваа дискускја да се отвори таму некаде после Нова Година, но дотогаш нашата Влада со макроекономска политика да седнеме овде и да распраавме на долго и широко, да дадеме задачи, да се фатиме за рабста, да ги видиме нашите директори, добри и лоши, какви се такиви се, промена и.т.н., да изнаоѓаме пазари, да ги вратиме работниците на работа во погорните. Што поголемо производство. Без големо производство нема ништо, нема личен доход, нема заедничка потрошувачка, нема ништо. Малку таа социјална тензија да ја намалиме. Тогаш ќе имаме и лице да разговараме со народот, сега немаме. Јас не сум за предвремени избори. Би разговарале само до година, некаде март-април да разговараме, па после да се средиме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Иако досега три пати се јавив зад оваа говорница во врска со оваа точка заради ставање процедурални забелешки, иако инсистирав сепак да не изигруваме, како што некои викаат квази правници од оваа говорница да се даваат надлежните работни тела за да ја оценат уставноста и да ни понудат основа, како луѓе од разни занимања и професии да можеме да донесеме валидно уставно решение.

Го користам правото да се изјаснам за овој предлог, не заради тоа што како независен пратеник можам да ги променам одлуките на мнозинството, ако претходно веќе се постигнал договор помеѓу партиите со поголеми пратенички парламентарни групи, туку за да го образложам своето мислење за тоа зошто не гласам против предлогот на Пратеничката група на СДС.

Предлогот на Пратеничката група на СДС иако не ценам дека е мислење на сите пратеници, па и на членови на оваа политичка партија го оценувам за несериозен, противуставен, маркетиншки пред избирачкото тело, а најмалку со цел заради зацврстување на уставноста на Република Македонија, напротив за рушење и на досега каква таква изградената држава.

Папучната врвца на пратеникот Тодор Петров не му е поврзана ниту со Тирана, ниту со Софија, ниту со Атина, затоа ниту со Белград. Но, како што е правило и бидејќи во политиката ништо не е случајно па и овој предлог. Наивно е да се мисли дека предлогот е одраз на желбата на граѓаните и изјавите на другите политички партии, јавни личности и поединци, па еве ние користејќи го нашето право на предлагачи според Уставот го канализираме во Собранието.

Болно е и подло да се користат иницијативите на некои други, да им се игнорираат предлозите во процедура, а кога нивниот го бара да ги форсираат и нудат туѓите предлози за да ја покажат својата таканаречена "иницијативност". Изјавите на партиите за мене лично се проблем на партиите. Во прашање на нивното достоинство, а интересот на државата е нешто над интересите на сите партии и тоа треба да биде предпримарно и пресудно при одлучувањето за сите прашања кои се во процедура во овој Парламент. Затоа кога се поставува прашањето дали воопшто избори треба сега или не, сметам дека изборите во Република Македонија во ова време па и до крајот на

годината или во време додека не се исполнат определени предуслови се политичко самоубиство за самата држава Република Македонија.

Не сакам да правам егзибиции во излагањето дали зад сето ова стојат определени сили, дали се вртат од каде, кому, колку пари за едно, второ, трето и слично сценарио.

Не сум правник по професија, меѓутоа заради немање мислење од Законодавно-правната комисија во отсуство на тоа законите ги читам за да не направам грешка во гласањето за секое прашање кое доаѓа во оваа просторија, во Собранието во процедура. На крајот како пратеници за тоа сме и платени, за оние кои се барем платени, освен ако некому пратеничката функција му е алиби и хоби за што треба самиот да се преиспита дали му е местото овде или не. Уште повеќе што изборите се уставна категорија па дали сега ние ќе ги утврдиме во форма на заклучок или не воопшто не е важно, заради тоа што кога ќе ни дојде времето за изборите, наредните нови избори, кога ќе ни заврши мандатот, претседателот на Собранието по уставен автоматизам без воопшто да не праша три месеци при крајот на мандатот ќе донесе решение за распишување на нови избори, или ако ние самите тоа го одлучиме, меѓутоа во форма и на начин како што тоа е утврдено во Уставот. Затоа сакам да дадам некои мои видувања во поглед на тоа зошто сметам дека воопшто не може да се одржат избори, председателски и парламентарни во ист ден како што беше предлогот, прво за 14 јуни, па сега за 20 септември.

Според членот 10 од Уставниот закон пратениците, претседателот на Републиката и Владата избрани според досегашните прописи ги вршат функциите со права и должности утврдени со Уставот до одржувањето на новите избори, за мандатот и времето за кое што сме избрани. Собранието може ако тоа го оцени. Тоа и Владата го констатира во своето мислење. Кога тоа ќе го оцени, ако тоа претставува интерес да распише избори и во текот мандатот додека не заврши. Меѓутоа, си постои форма и начин како тоа треба да се спроведе. Во форма како што е дадено, во форма на заклучок дека сме за избори, за мене тоа е само заклучок кој може да го усвои партиски пленум или партиски орган на било која политичка партија. Меѓутоа ако е некој за избори во текот на мандатот на пратениците за кои што се избрани член 63 од Уставот во став 6 многу убаво вели - Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број на пратеници. Требаше да имаме одлука за распуштање на ова Собрание. Ако се прифатеше ќе одевме на избори. Претседателот по автоматизам на одлуката за распуштање ќе донесеше решение за распишување на избори во рок од два месеци, а не со заклучок да го овластуваме претседателот да донесе одлука за распишување на избори најдоцна до 20 септември. И заради тоа што Собранието додека не му заврши мандатот, во текот на мандатот може да се распушти самиот за себеси, меѓутоа Собранието не може да го распушти на барање на претседателот на Републиката, а избори може да се распишат само ако на пратениците им престане мандатот, ако на претседателот на Републиката му престане мандатот. Ние, фала богу претседателот го имаме жив и здрав, не постојат уставни причини да се бара или оценува ова Собрание дека мандатот на претседателот на Републиката му престанал по било кој основ: смрт, трајна спреченост да ја врши функцијата или престанок на мандатот по сила на Уставот.

Претседателот на Републиката може за него да се распишат избори односно претседателот на Собранието да донесе решение за распишување на избори за претседател во конкретниот случај само ако си поднесе оставка, а не постои уставен основ заради тоа што е човекот жив и здрав да поднесе оставка пред ова Собрание. Затоа за мене е противуставно да се споменува и воопшто предлага избори на претседател и Собрание во ист ден. Ако ние прифатиме вакво сценарио, тогаш би требало прва точка да ни биде оставка на претседателот на Републиката, втора точка одлука за распуштање на Парламентот,по автоматизам од член 93 на Владата и престанува мандатот за распуштањето на Парламентот и фактички Републиката во период од два месеци до наредните избори за сите овие институции ќе ја оставиме без власт.

Зошто е уште противуставна оваа иницијатива. Ако тоа се направи така тогаш нема да се спроведе членот 125 и 124 од Уставот на Република Македонија за евентуално прогласување на вонредна или воена состојба ако повторно да не даде господ да избие, заради тоа што во овие членови во последните ставови се вели - ако Собранието не може да се состане, одлука за прогласување на воена состојба донесува претседателот на Републиката. Кој ќе го преземе ризикот ако Собранието е распуштено, ако му е прифатена да кажеме условно оставката на претседателот за да и за него распишеме во ист ден претседателски избори заедно со пратеничките. Кој ќе го преземе ризикот ако настане вонредна состојба да има право да донесе одлука за прогласување на вонредна и воена состојба. Од тие причини сметам повторно дека предлогот што е даден во процедура е противуставен.

Понатаму би сакал да дадам уште неколку мои согледувања во врска со тоа дали пак воопшто постои интерес да се одржат избори сега во време кога мандатот на овој пратенички состав не му е завршен. Прво дали постои интерес.

Ако го распуштевме Парламентот на 14, како што се планираше да се донесе одлука за распишување на избори, јас се плашам дека ние досега ќе бевме сеуште во исто монетарно подрачје со Сојузна Република Југославија. Можеби целта на некои, а тоа во дискусиите на одделни пратеници беше присутно и провејуваше да Република Македонија сепак остане во монетарното подрачје на Сојузна Република Југославија - динарско.

Понатаму знаевме како се и одвиваше расправата по однос на законите кои беа понудени од областа на монетарното осамостојување. Што ако во тој период на распуштање како што беше политичко-безбедносната ситуација, а ние и на почетокот кажавме дека ја прескокнавме расправата околу информацијата за одделни протесни митинзи со барање за формирање или држава Илирида, без органи, институции на власта во Република Македонија станеше влошување на политичко-безбедносната состојба токму од аспект на овие прашања, без институции да може да прогласат воена вонредна состојба или да преземат одредени мерки за санирање на состојбите на теренот.

И во поглед на меѓународното признавање.

Која држава ќе прифати разговори со било која институција на Република Македонија ако се очекуваат наредните избори за да се утврди распоредот на силите и да се види дали навистина барањата што оваа Република Македонија преку своите институции, претседателот на Републиката, ова Собрание и Владата легитимно ги барала пред меѓународните форуми и асоцијации, нема да се посомнева во легалитетот и легитимитетот кога во иницијалното образложение на Пратеничката група на СДС е едно од основите на кое се повикува на прва страна дека овие институции, бидејќи биле избрани во стар уставен систем, во новиот уставен систем се доведува во прашање нивниот легалитет и легитимитет.

Понатаму, не се знае каков ќе биде изборниот систем. Кој гарантира дека распоредот на силите во Парламентот ќе го добие една политичка партија која ќе го освои мнозинството гласови за да биде одговорна за состојбите и проблемите во државата и дали пак овој Парламент нема да добие пет туку 15 пратенички групи кога усогласувањето помеѓу нив за дневните редови и за донесувањето на било какви системски закони уште повеќе ќе го отежнат процесот на одлучување. Понатаму воопшто сум против да се организираат избори додека на сите политички субјекти во Република Македонија не им се даде рамноправен третман во поглед на деловниот простор и финансиските средства за водењето на избори. Ние бараме избори меѓутоа Владата требаше да даде показател колку Република Македонија во услови кога и во Буџетот не сме ги предвиделе како буџетска ставка ќе ја чинат тие избори Република Македонија. Според некои укажувања тоа е до 200 илјади долари, а се тоа ќе падне во конкретниот случај во ваква економска состојба врз грбот на сите даночни обврзници. И затоа доколку некои бараат избори, се сомневаат во својот легалитет и легитимитет, редно е да си дадат оставка, избирачкото тело да го потврди нивниот легалитет во овој Парламент. Мене избирачкото тело ме избра со мандат според позитивните законски прописи за четири години. Јас кога влегов во овој Парламент сметав дека сум способен да ги вршам пратеничките функции и седнав во овие пратенички клупи. Не седнав од денес до утре да го распуштам Парламентот за да ја докажам својата неспособност. Затоа сметам дека предлозите и образложенијата што се дадени во ова се неосновани.

Прво, сметам дека треба да се донесе Законот за државјанството, законот за личната карта. Треба да се остави период за устројување на евиденцијата за државјанството, да се изврши легална замена на личните карти за лицата кои што имаат законски престој и живеалиште на територијата на РМ. Треба да се оформат избирачки списоци врз основа на оваа евиденција, да се издадат избирачки книшки, па дури потоа со законот за избори на пратеници, законот за политичките партии и избор на претседател да се распишат нови избори.

Исто така, уште еден момент кој е многу битен.

Ние се уште не сме јас конституирале локалната самоуправа. Законите за локалната самоуправа и за територијалната поделба на Републиката се во форма на нацрт. Ниту една парламентарна држава не ги спроведува парламентарните пред локалните избори. Ние не знаеме прво какво ќе ни биде расположението на бирачкото тело за

да воопшто влеземе во таква иницијатива, како што е понудена сега. И понатаму, го немаме законот за изборните единици. Затоа сметам без сите овие системски закони воопшто не треба да се расправа за распишување на изборите.

И уште повеќе што ќе бидеме држава која ќе ја пишува во рубриката на рипли без преседан што заради можеби често пати споменуваната неспособност на Владата го распуштивме Парламентот. На крајот на краиштата сите политички партии прејдоа во опозиција на овој Парламент, сите си формираа влади во сенка, па редно е овој народ и оваа држава да ги почувствува благодетите кога ќе ги извадат на бел ден.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, анализирајќи ги причините изнесени во иницијативата на СДС за донесување на одлука за распишување на предвремени избори може да се извлече еден единствен, и тоа општ заклучок дека има потреба од распишување на предвремени избори, но не по секоја цена. Поради изнесените аргументи се ствара една основа за предлагање на одлука за распишување на предвремени избори. Причините за донесување на одлуката за предвремени избори е лоцирана во два сегмента.

Прво, во промените со Уставот и надлежноста на законодавната власт, Собранието и претседателот на Република Македонија.

Второ, во функционирањето односно извршувањето на извршната власт односно работата на Владата на РМ.

Причините во иницијативата се поделени во две групи и тоа од формален карактер и од суштинска природа.

Јас сметам дека причините од формална природа пред се се лоцирани во промените на Уставот, со изборот и обврските на претседателот на Републиката. Тоа не може ни случано да се прифати како аргумент затоа што за работата на претседателот на Републиката Собранието на РМ е целосно информирано и на повеќе наврати даде целосна поддршка за работата на претседателот на Републиката. Тој аргумент може да се вгради само тогаш кога ќе има оценка дека претседателот на Републиката ги има пречекорено своите овластувања што му припаѓаат според Уставот. Доколку СДС смета дека има такви дејствија треба и дополнително да ги искаже за да можеме по тие формални, по мене причини, ние да се изјаснуваме. Причините што заслужуваат посебно внимание, посебно се лоцирани пред се во почестите блокади на Парламентот од страна? на парламентарните групи ПДП, НДП, исто така и ВМРО-ДПМНЕ кои што на два наврати отсуствуваа од работата на Парламентот, и на еден начин веќе ја блокираа работата на Парламентот. Таа причина е сериозна и доколку и понатаму продолжат таквите однесувања сами по себе ќе си дојдат и работите за распишување на предвремени избори. По мене мора сериозно да се постават прашањата за обврските нас пратениците према своите бирачи, а исто така и за обврските на пратениците према своите партии.

Причината што е и подробно образложена и заслужува посебно внимание и сметам дека е една од битните е работата на Владата на РМ како извршна власт, која што се судира со основниот проблем што е резултат на силите во Парламентот. Не е политичка Влада со јасна програма и одговорност во спроведувањето на своите обврски спрема Уставот.

Прва обврска според мене, која што Владата ја прифати ја предложи на Парламентот, а ние ја прифативме и оттогаш јас сметам дека Владата станува одговорна пред овој Парламент, тоа е

прифаќањето на антиинфлационата програма. Инаку, ние имавме само одредени укажувања, визии од Владата без конкретни предлози за да ја пратиме активноста на Владата и нејзината понатамошна работа. Нејзиниот однос повеќе е нужност предизвикана од структурата на политичките сили во Парламентот.Сите забелешки во Владата се сврзани со нејзината компетентост за решавањето на осетливите прашања. Па од тука и честите компромиси, а како е наведено во иницијативат и јалови договарања со пратеничките групи.

На крајот сметам да  укажам на недоволно разработените проценки од страна на предлагачот за донесување на одлуката за предвремени избори, каде предлагачот и не е јасен за целите што ќе се постигнат со предвремените избори. Не се произнесува дали сегашната законска регулатива ќе обезбеди отстранување на пропустите и недостатоците што се јавија во претходните избори, а уште повеќе во она што претходно повеќе пратеници го кажаа во недостаток на соодветна законска регулатива, како од системските така и другите законски прописи.

Исто така, предлагачот го занемарува, па дури и го потценува делувањето на некои еднонационални политички партии,го потценува меѓународното признавање и легитимитетот на РМ иако тоа сметам дека е една од основните причини да ние денес сме во состојба да се бориме за одбрана на опстанокот на РМ. Доколку предлагачот ги имал во предвид сите овие моменти сигурно немало да предложи така како е предложено за спроведување на предвремени избори. Од тука, јас ги прифаќам предлозите што одат во насока отстранување на пречките за функционирање на законската регулатива, законската власт и корекции во рамките на Владата. Отпочнување на разговори меѓу пратеничките групи за поделба на извршната власт што ќе овозможи донесување на законски акти од системски карактер и акти сврзани со изборите и изборниот закон, како и законот за политичките партии, со еден збор формирање извршна власт што ќе биде одговорна пред Парламентот, а исто така и Парламентот со пратениците одговорни према бирачите.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитуван претседателе на Републиката, почитуван господин премиер и членови на Владата, дами и господа пратеници.

Ценам дека денешната т.е расправата околу иницијативата дадена од СДС трае непотребно ттолку долго а јас крајот не и го знам. Тоа за мене зборува дека ние, не исклучувајќи се и себеси не сме созреале да работиме во чекор со предизвикот што инпонира, што ни го налага динамиката на времето и вистинските интереси и потреби на РМ. Мислам дека нашата задача беше многу едноставна и проста. Постои иницијатива околу која требаше да видиме дали постои концензус или мислењата се подвоени. Доколку мислењата беа поделени требаше да излезат луѓе кои се за и аргументи луѓе кои

се против и аргументи. Затоа да не станам како некоја расипана грамофонска плоча јас од седница на седница губам желба да бидам активен соочесник во расправата. За жал мислам дека многу сум во право и тоа убедување од ден на ден кај мене се зголемува.

Господа пратеници,

Должност ни е да сватиме дека тоа е само еден предлог на една партија. Сме да ја поддржиме иницијативата или не. Ние од тоа правиме цели драми. Ние од тоа правиме невкусен театар. Ние од тоа си играме со нервите на нашите гласачи. Ние од тоа по секоја цена сакаме да си го поминеме денот тука и да не ја завршиме работата, да си одиме дома секој од своја позиција за да може во фамилија или кај пријатели да се фали колку многу грев и критики упатил на другата партија. Мислам дека денеска најмалку има повод да се оптужуваме меѓу себе. Апсолутно нема потреба, но тоа е во прашање што го реков на почетокот. Ние не сме на висина на нашите должности и задачи за кои сме дојдено во ова Собрание. Мислам, според мене тоа е најбитен проблем, тоа е прв проблем. Ценам дека скоро сите тука кажаа - ние сме за нови избори. Со кое право тогаш толкава критика без никаков пардон? Со кое право критика на овие поднесувачи на иницијативата цели 45 години station наназад. Заправо да се прашаме што сакаме ние, што бараме ние, зошто се бориме ние, зошто сме воопшто во овој Парламент? Јас лично морам да ви кажам дека имам должност да изјавам дека начелно ПДП ја поддржува иницијативата. Таа иницијатива начелно, тоа го подвлекувам ја поддржува и парламентарната група. Каде сум јас Ешреф Алиу? Би било се во ред да бидам тука без исклучок, во тоа што кажав. Каде сум реално? Јас сум за избори предвремени и јас сум категорички против. Што значи тоа?

Јас сум за избори за да се спасам што побрзо да не бидам малтретиран тука со денови. Јас сум за избори да не доживеам без никакви аргументи да бидам вреѓан и понижуван само заради тоа што сум Албанец. Ништо повеќе и ништо помалку. Морам да ви кажам дека во животот сум се покажал доста способен, дека ме бива за работа без политика. Дека сум вреден и ме бива за многу племенити работи. За работи каде на прв план е човекот, не име и презиме и не национална припадност. Јас по се изгледа залутав тука господа. Јас мислев дека со нашето влегување во Парламентот ќе престане карањето во рамки на партиски интереси. Мислев дека ќе бидеме парламентарци граѓани одговорни кои им припаѓаме на цела РМ и на сите нејзини жители без оглед на националната и верската припадност. Што парвиме ние досега всушност? Со што ние ќе се оправдаме себе си пред народот во овој Парламент? Среќна околност е што сепак пред себе имавме работи за кои знаевме добро да ги оцениме и сите тие што беа од заеднички интерес, некои барем од најбитните постигнавме еден вид консензус и тоа ни е единствен капитал. Секој што ќе излезе ја напаѓа другата партија, секој што ќе излезе ја напаѓа Владата, секој што зборува во прво лице тој е најдобриот, сите други до него и околу него се криви. Каде ние со таа логика? Но, господа зошто јас не сум сега за избори.

За мене е многу битно појодвна позиција за определеноста за или против избори е нашиот севкупен интерес на РМ или партискиот интерес. Во овој поглед немам право да упатувам критики. Секоја партија треба да води сметка за својот авторитет, за своето реноме и за својата позиција во присвојувањето на власта. Јас вршам напори да ја разберам во многу позитивна смисла иницијативата на СДС и до колку можеби таа иницијатива ќе останеше во првата верзија, избори така на препад набрзина можеби и ќе имаше и потреба да се согласиме и нив да ги направиме во јули, бидејќи временскиот теснец факторот време беше многу ограничен и ќе останеше надеж за една понатамошна реакција доколку од тоа немаше да биде ништо. Кога веќе настапи измена и предлогот е за септември, јас сум за тоа пред се да се трудиме да правиме повеќе простор на демокрацијата. Да ги хуманизираме односите меѓусебно. Да и оставиме можност на Владата, посебно по проектот на антиинфалицоната програма, бидејќи треба време резултатите да се видат. Јас како лаик само сум се распрашал некаде и треба околу 6 месеци. Владата на РМ тоа право го има да го бара од нас и таа од нас си доби веќе дозвола.

Втора многу битна, важна компонента зошто сум против е моменталната, реалната политичка клима внатре во РМ. Внатре меѓу нас, во овој Парламент каде често пати без да се црвениме воопшто и правиме лице еден на друг и каде пак без пардон се обвинуваме еден со друг.

Мислам дека треба да оставиме простор и затоа сум против на оваа скромна, многу мудра, паметна политика надворешна што ја води Република Македонија, да оставиме уште малку простор да вршиме напори да се мобилизираме во тој правец повеќе да се зближиме еден со друг и да го дочекаме меѓународното признавање. Дури тогаш изборите да бидат и десет дена потоа ќе добие во сила, во тежина тоа и ќе има смисла зошто тоа да се направи. Јас лично мислам дека не сум подготвен за никакво хазардерство во политиката. Јас заправо господа не знам зашто е мојата партија за предвремени избори. Јас пред се, како координатор не поседувам никаков документ аналитички направен од страна на претседателство на партија каде можам да видам или да подвлечам еден фактор, една компонента на корисноста на предвремените избори. Мислам дека знам да бидам дисциплиниран и од тоа да неправам проблем и затоа нетреба да ви одземам време, тоа само го подвлекувам како факт, зошто. Мислам дека ниту е паметно ниту е политички мудро да се влегува во сосема непознат терен и мислам дека на иницијативата требаше безусловно да и претходеа активности надвор од званичните седници на Парламентот, но сепак тоа е работа и право на Парламентарната гурпа која тоа го предложи.

Мислам дека треба сериозно да се мисли и размисли за вистинската позиција на Македонија со соседите околу, вистинската позиција сегашна на Македонија на балканот малку пошироко,нејзината позиција во Европа и пошироко во светот и не ми остана нешто ново да кажам тоа веќе беше подвлечено дека со самата појава во меѓународната јавност дека во Македонија веќе ќе се поддржи иницијатива за нови избори ценам дека на политички план на сите партнери им дава за право воопшто да не се побрза туку да ги

стопираат иницијативите, да побараат додатни информации и дури тогаш да размислуваат, да одлучат што понатаму, значи една работа колку да изгледа едноставна, толку да изгледа мала, колку да изгледа лесна во сиот свој комплекс испаѓа дека е сама дека е доста комплексна, дека доста значајна и мојот апел е да се обидеме во овој правец да дадеме наш допринос по можност без половина збор , тежок, збор со отров, збор кој ни ги оладува односите, збор. кој го вреѓа досто: нството на човекот, на граѓанинот, збор кој воопшто не треба да биде непријатен на припадникот на било која партија. Ова прашање што се покрена на денешнава седница на широко нас тоа ни го овозможува. Ние тоа не го правиме говорницата ја злоупотребуваме до недозволени граници. Во овој поглед јас морам да вршам додатни напори да се здобијам со нови сознанија и поцврсто да настапам со аргменти да се бавам со методологијата на нашата работа во Парламентот и таа да се менува другари. Мораме да бидеме порационални, поконкретни, по продуктивни. Ние остануваме на ниво на зборови натпреварувајќи се кој ќе се покаже попаметен. Ништо ново не кажувам ако веќе изјавувам дека во нашите домови веќе навлезе сиромаштијата. Ако ни беше на улица или пред порти сега ни е веќе дома. Банките празни, девизи нема, помош од надвор нема, ние досега не направивме однсно ниедна седница не ја посветивме на работната култура на нашите граѓани на наши работници. Не ги анализиравме можностите за нови вработувања воопшто тука чекаме некои независни синдикати или постојниот да се скараат меѓусебе, да ни дојдат пред Собрание па да излезе некој во името на Собранието да им вети нешто, да се интервенира по стариот метод и калап и народот живее веќе со таа стара филозофија оди да плачеш ќе добиеш, ако бараш на паметен начин ништо не ти следува.

Би додал само дека се придружувам на дискутантите кои бараа да се поднесат сите системски закони и да се остави можност да се заокружи циклусот со ситемски закони и со право очекуваме да бидат чекор похумани и подемократски, а тоа зависи од нас самите тука. Јас лично сето тоа што го доживувам во Собранието сеуште сум голем скептик дека ние многу брзо ќе ги менуваме работите. Работите ќе се менуваат доста тешко, колку побрзо сите ние заедно и секој посебно се опаметиме дека на сите нас единствена алтернатива, единствена можност оваа Република да просперира ни стој во хуманизирање на односите, во продлабочување на демократијата, во меѓусебното почитување, во дијалогот и разбирање на еден кон друг, тоа прво мое јас барем до ти, да неоди подалеку туку до тој да речам до блискиот до мене. Денеска за жал на оваа говорница пак тешки оптужби.

Сосема на крај еден одговор, каде е Партијата за демократски проспиритет и каде е парламентарната група на ПДП и членови од коалицијата или еден пратеник на НДП? Господа пратеници ви одговарам на вас кои се занимавате со претпоставки или инпутирате онака како ви одговара. Оваа пратеничка група од првиот чекор на овој Парламент си постави задача да се труди крајно да биде конструктивна. Не тврдам дека тоа и успеа до крај но затоа голема вина сносите сите вие околу нас, кој повеќе кој помалку . Оваа Парламетарна група за сите работи, за сите важни работи од интересот

на Република Македонија се однесе доста коректно и го даде својот скромен допринос. Таа група беше со сите вас, тоа бевме сите ние заедно. Оваа парламентарна група нема коалиција, по мое длабоко убедување за жал ВМРО-ДПМНЕ не ја искористи својата историска шанса но за тоа Парламентарната група и Ешреф Алиу не сносат вина, тоа е проблем на таа партија.

Другиот блок што вечно се обвинува не ја искористи можноста да оди чекор посмело напред и да направи Владата како што си сака. Ние ми се чини договорно се одлучивме и избравме Влада која ја нарековме експертска и многу е чесно да не се фрла дрвја и камења туку да се каже сакавме таква Влада досега од сега натаму не сакаме и ми се чини и таа можност е во нашите раце, но тоа чесно да се направи, културно, цивилизациски, не со подметнвуања, не дека Владата како што се рече тука дека Владата е неодговорна.

И на крај, каде е парламентарната група на ПДП. Таа е сосема осамена за голем жал на сите нас тука, на сите граѓани на оваа Република. Секогаш кога таа истакнува проблеми кои се тесно надоврзани со нашето залагање во оваа Република да бидеме рамноправни, значи ние тука сеуште не најдуваме на разбирање, сеуште сме далеку тука господа пратеници колку побрзо ќе го направиме тој смел чекор тоа ќе биде во интерес на Република Македонија. Да не се залаже некој пратеник дека излегувајќи на говорница и употребувајќи тешки, навредливи зборови дека нешто ќе постигне, ќе се застрами себеси, сопствената околина, сопствената фамилија, сопствените роднини, сопствениот народ и сите граѓани на Република Македонија. Ние вака ако продолжиме верувајте дека граѓаните ќе дојдат еден ден и со име и презиме сите заслужни за караници кои можеби и не спијат зошто во оваа Република има мир зошто во оваа Република има сили кои смело одат кон тоа да извојуваат целосна победа без ниеден куршум тие луѓе ќе ги извлечат насила од ова Собрание. Тоа ќе го доживееме ако не се опаметиме. Јас мислам дека не ми доликува ние секогаш врз национална основа тука да се двоиме. Тоа се некои од аргументите многу неврзани зошто јас во овој миг не би се одлучил да одиме на избори.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ставовите на парламентарната група на Социјалистичката партија на Македонија веќе беа изнесени по повод расправата или дилемата за нови избори или не, меѓутоа сепак чувствувам потреба во дискусијата лично да се вклучам со некои сопствени оценки и опсервации од досегашните расправи. Меѓутоа, пред да се произнесам за некои аспекти би сакал да кажам дека во најголем дел ако не и во целост би сакал да ги поддржам и оценките и ставовите што ги изнесе господин Ешреф Алиу и мислма дека сите парламентарци и партии сериозно треба да се замислат за одделни оценки и пораки кој што беа изнесени вонеговата дискусија. дотолку повеќе ми е драго што од претставник на ПДП доаѓаат такви пораки за создавање на меѓусебна доверба и те како потребна во Републиката имајќи ги предвид вкупните настани што не опкружуваат или што се случуваат во нашата Република. Нешто ќе одминам од својата дискусија бидејќи дел од моите опсервации ги изнесе господинот Ешреф Алиу, меѓутоа сепак би сакал да повторам некои негови оценки со кои се согласувам.

Општа е оценка и констатација дека во досегашната дискусија сите се определивме за нови избори. Не забележав ни еден претставник на партија да рече дека изразува резерва и дека не е за нови избори. Од друга страна, за жал, се повторува како и по секоја седница на Парламентот граѓаните што ја следат оваа седница ќе го оценуваат новиот степен на новата ескалација на партиски несогласувања вчудоневидувајќи се што се едни пратеници од една партија на друга и обратно си рекоа и на денешната седница, а проблемот како да се заборави што е денеска тема на расправа. Се покренува како што рече господинот Ешреф Алиу и 45 години, се покрена и некои лидери што рекле кој што не се повеќе во овој Парламент, цели историјати и парафрази кои што воопшто не се во функција на денешната расправа. А непосредно повеќе повторно отворената дилема дали нови избори или не што впрочем како аксиома беше присутна и во расправата по Уставот и во расправата на Уставната комисија на новиот Уставен закон и во претходните расправи што ги имавме и во овој Парламент и во парламентарните групи, не се судруваме со таа потреба за прв пат. Пред неколку месеци расправавме исто и донесовме она во своја функција решенијата што ги зацртавме во уставниот закон и повторно сега се разбранува вкупната јавност прашањето, дилемата дали нови избори или не. Имам впечаток дека и покрај општата согласност повторно и тука се пренесуваат

рефлекси од тоа бранување меѓу граѓаните со кои често се среќавам и со кои разговарам, разговарам често и мислам дека и меѓу граѓаните истата дилема која што и овде беше присутна најчесто ми ја поставуваат. Кои се мотовите на партиите кои се за и мотивите на оние кои се против избори веднаш.

Морам да ви кажам нешто слично се случува и меѓу граѓаните во оценките. Оние кои што критични се осврнуваат на партиите кои се за избори веднаш забележуваат или оценуваат дека тие партии сакаат избори затоа што ценат дека сега реинтингот им е најголем, не можат да кооперираат со националните партии, се плашат од покасни избори бидејќи расте економската неизвесност, сакаат во власта да влезат повеќе активисти од тие партии.

Други граѓани кои што критички се осврнуваат на партиите кои не се за избори веднаш бидејќи сите се прокламиравме за нови избори оценуваат дека тие партии не се за избори веднаш затоа што реинтогот им е низок, дека постои наводно расцеп во ркаоводството на некои партии, не сакаат да се откажат од пратеничкиот статус, си ги чуваат местата и сл. Моја оценка е не само од разговорите со граѓаните и овие опсервации што ги изнесувам мислам дека тие размислувања на граѓаните се присутни и денес во дискусијата и преовладува дека изборите се од партиски или личен интерес, а тоа за Парламентот мислам дека е нов пораст. Затоа веднаш сакам да се изјаснам требаат нови избори и тоа од две групи на причини.

Прво, да се надмине доминацијата на партиските интереси што укажува дека во Парламентот мислењата на граѓаните не се присутни. Анализирајќи ги сите денешки дискусии ни еден член на парламентарна група не спомна мислење на своето членство ни на својата партија дека се консултирал, а камо ли дека во некоја изборна единица некој пратеник одржал состанок и овде го изнесува мислењето на граѓаните дали се за нови избори или не.

Од тие причини мислам дека се потребни нови избори.

Второ, отсуство на одговорност кон економскиот развој создаде потреба за нови развојни програми кој ќе ги понудат оние што ќе се натпреваруваат за новата власт. Всушност во изборната трка ќе се понудат нови излези, економски решенија, нови програми, нови проекти што се во функција на излез на сегашната економска криза. Лично ценам дека исклучиво овие два основни мотиви се потребни нови избори. Затоа би рекол потребата за нов Парламент е актуелна, а уште поактуелна е

потребата од нова Влада. Заслужуваат одредени мислења кои што веќе беа изнесени на тој план и мислам дека тие можат да бидат во расправата или во практиката ставени во функција.

Меѓутоа, определувајќи се на овој начин, сакам веднаш да изгласам несогласување и да се дистанцирам од наодите што често се истакнуваат дека причина за новите избори е нелигитимноста на сегашната власт и претседателот на Републиката. Вакум во правниот континуитет, барем правниците ние тоа го знаеме, без разлика кој донел еден или друг устав или уставен закон, не може да постои. Притоа од аспект на уставните решенија, на решенијата во Уставниот закон, сметам дека не може да се оспорува ниту легитимноста ниту легитимитетот како на пратениците од Собранието така и на претедателот на Републиката. Ниту пак тоа може да биде суштинска причина за одржување на нови избори. Не е аргументација по мене мислење ни оценка дека веќе се поставени здрави и цврсти темели на нашата суверена држава. Зашто, спротивно на тоа се констатира дека завлегуваме во фазата на операционализација на уставните решенија со кој треба да се обезбеди целосна политичка и економска самостојност на Републиката, а посебно на нејзино меѓународно признавање. Затоа по мене останува само прашањето, а мисла на тоа и да се концентрираме во натамошната дискусија, не дали нови избори, туку кога нови избори и каква нова визија ќе понудиме на новите избори. Какви нови проекти, нови плах, и за излез од сегашната криза. Никој не може да негира потребата за сите плусови и минуси од распишување на нови избори во контекстот на сегашната актуелно економско политичка, меѓународна консталација. Наша морална обврска е всушност да го определиме правото време на новите избори. Нов ризик на ова немирно време е недозволен.

Бидејќи не треба да се негира дека сме пред меѓународно признавање, не треба да се потценува политичката ситуација во Републиката, економската беда и веќе сенародниот апел да се запрат цените и опаѓањето на стандардот. Не треба да се затвораат очите пред новите ескалации на национализмот и конечно пред сопствените обврски за кои сме се договориле а не сме ги извршили заради што ќе настане неколкумесечно одлагање на донесување на системски закони и конституирањето на политичкиот особено на правниот и стопански систем. Затоа, ќе поставам прашање дали сме спремни да ги поставиме правите цели на новите избори. Да понудиме што побргу нови решенија за забрзување на демократските правци за излез од економската неизвесност, да оствариме согласност и тоа без партиски

конфликт без пораст на меѓунационална тензија и без негативен одраз на негативен план. Сето тоа траба да се оствари според Уставот и Уставниот закон, сега ако позитивно одговориме на овие прашања, тогаш изборите можат веднаш да се одржат. Ако не одговориме, тогаш може да не набедат граѓаните дека организираме избори само за прераспределба на моќта на власта, бавејќи се само за себе, а не нудејќи нови проекти и нови решенија за сегашната економска ситуација во Републиката.

На крајот на краиштата дозволете ми да прашам дали премиерот чуствува односно се чуствува одговорен на обвинувањето за неефикасен парламент, имајќи предвид дека не е одбиена ниту една иницијатива на Владата од системски карактер, а која е доставена до Парламентот. Дали некоја партија се чуствува одговорна дека некој нејзин проект, модел на економскиот развој, резолуција, документ кој што ќе понуди решенија за излез од кризата во Републиката бил одбиен од овој Парламент или не добил проток.

Мислам дека и едните и другите ќе одговорат негативно на тоа. Впрочем, ниедна партија ниту Влада била скутавана во овој Парламент какви проекти да бидат понудени. Да не ги набројувам, бидејќи претходните дискутанти ги набројаа специјалните проекти кои што поминаа низ овој Парламент и кои што ги ставија тие основи на новата сувереност и државност на Република Македонија. Затоа мислам дека партиски интерес е барем за кратко време тие да мируваат и неопходно е да се донесат, како што веќе е и набројано постојните изборни закони за политичките партии за државјанството за изборните списоци во една демократска постапка, што нема да се одрази врз донесувањето на другите системски закони, кои што треба да го заокружат стопанскиот правен систем во Републиката.

Второ, мислам дека не само поради нашата јавност, туку и меѓународна не смееме да дираме ниту во Уставот, ниту во Уставниот закон ако сакаме на тие избори да им ја прилепиме етикетата дека се демократски, парламентарни и објективни избори. Впрочем, по моја оценка друга уставна можност не гледам, бидејќи усвојувањето на предлогот што сега се дава ние сега да донесеме одлука за распишување на нови избори на денешната седница би било можно согласно уставните решенија само доколку едновремено донесеме и одлука за распуштање на Собранието. А за тоа се пречка сеуште недонесените закони сврзани со изборите. Секако, доколку сакаме новите избори да бидат легални и да значат нов демократски исчекор. Според тоа,

мој предлог е, да завршам, денес ние не можеме да разговараме за датумот кога изборите ќе ги држиме. Ние денес треба политички консензус да постигнеме, за да во најскоро време овој Парламент биде оспособен во секое време да може да донесе одлука за нови избори. А нови избори оној момент кога овој Парламент ќе оцени дека се најпогодни во најпогодно време и најмалку ќе штетат интересите на Републиката. Според тоа, го прифаќам предлогот на партијата СДС што беше даден до 20 јуни да се донесат сите прописи кои што овозможуваат овој Парламент во секое време да донесе одлука за нови избори но одлуката која се носи, тогаш веднаш да се распушти Парламентот и овие факти кои што се во Парламентот да бидат во рамноправна положба со фактите кои што се надвор од Парламентот. Ако ние денес утврдиме термин за нови избори, тоа впрочем како што ја покажа оваа седница, веќе расправите во овој Парламент ќе бидат во функција на политички маркетинг и партиите низ овој Парламент фактички ќе вршат своја политичка промоција, што е можност другите партии вон Парламентот нема да ја имаат. Според тоа, предлагам Парламентот да донесе заклучок со кој што ќе се обврзи Владата и овој Парламент до крајот на јуни да се донесат сите услови и да се успособи овој Парламент во секое време кога ќе оцени најпогодно дали тоа ќе биде септември, дали тоа ќе биде октомври да може да го распушти Парламентот и да закаже нови избори. Мислам дека од сега прецизирање, би било спротивно на Уставот и на Законот, а негативно би се одразило и на вкупните демократски процеси на одржувањето на изборите. Според тоа, нови избори да, но во една демократска постапка и што ќе овозможи максимално експонирање на сите политички структури и нудење на проекти и излез од сегашната криза.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани гости, почитувани колеги, јас имав можност да се произнесам во врска со иницијативата, нови предвремени избори да или не и тоа за да се јавам повторно за збор така да се каже денес ме поттикна досегашната расправа на оваа седница што беше доста инспиративна и со единствена цел да укажам, сепак, на дилемите што се наметнуваат во врска со покренатата иницијатива. Нема да се впуштам во процедурата околу реализирањето на евентуалните нови избори, само ќе кажам дека мене ми изгледа малку индикативно тоа што оваа иницијатива е покрената од СДС односно Парламентарната група на оваа партија. Колку што знам народот досега не пројавил таква потреба и мислам дека ние сега како народни пратеници, пред се неговото мислење мораме да го

почитуваме. Секако дека ова не значи и признание за нас за досегашната активност, но во секој случај народот како да очекува повеќе од нас, па затоа досега не се произнесол. Иницијативата во името токму на тој народ веќе епред нас. Би била лична слабост на секој од нас да речеме дека не сме за нови избори. Во најмала рака од некого би биле погрешно разбрани. Затоа, како и Партијата ПДП така и јас сум за нови предвремени избори, но од кога ќе бидат исполнети потребните законски и други услови. Инаку ќе кажам дека постојат и аргументи за нови избори и аргументи против нови избори. Во врска со она што значи за нови избори, ќе спомнам дека Парламентарната група на ПДП и НДП мислам дека има причина да биде за нови избори како и нејзината партија од проста причина што доста иницијативи и доста предлози покренати тука од оваа група не се оствариja, не се најде на потребното разбирање да бидат реализирани така како што се предвидени во Програмата на Партијата и во нашите залагања. И покрај тоа, сепак, оваа група во текот на овој период успеа во овие услови, во ова констелација на односи да ги аргикулира барањата и стремежите на своите избирачи, со други зборови на народот. Истовремено, оваа парламентарна група укажуваше на аспектите на рамноправноста во сите домени во кои што стануваше збор.

Исто така, оваа парламентарна група покажа спремност и кооперативност со другите парламентарни групи за заедничко наоѓање на решение во врска со покренатите прашања, во врска со наметнатите проблеми. И покрај тоа пак ќе подвлечам резултатите барем досега се релативно скромни и затоа пак ќе подвлечам можеби потреба од нови избори во време кое ќе одговара на реалните потреби. Во тој случај, сигурно дека ќе дојдат нови луѓе веројатно поспособни и со поголем сенс. Секако, во поновите избори се очекува да се подобри и партиципирањето на националностите во идниот парламент итн., со единствена цел за уште подобро да се решаваат проблемите што се не само нивни туку наши и заеднички на оваа Република.

Со други зборови јас мислам дека може досегашната наша активност да резимира дека ние во ваков состав, значи, сите парламентарни групи или ова Собрание навистина НЕ успеавме да изградиме сенс за правата и интересите на другиот. Напротив, и во новите услови евидентен е тој синдром на национален егоизам во однос на правата на другиот. Што секако земено во целина не ни се одразува добро, интерес е на сите нас колку е можно во секој поглед да можеме да ги решаваме проблемите и да изнајдеме заеднички решенија што ќе значат перспектива за сите.

Аргументите против пак зборуваат за тоа дали определено време е токму тоа што ќе значи нови избори и ќе го донесе тоа што можеби од некого се очекува. Само неодамна Република Македонија успеа, освен политичката да извојува и економска и монетарна самостојност, што секако во практиката ќе мора да се остварува. Мислам дека тој момент не ќе може да се пренебрегнува. Исто така, ние се наоѓаме пред спроведување на еден голем проект антиинфлационата програма на која што треба да се надоврзува и вториот дел, што ќе значи стабилизирање на односите кај нас. Ние се наоѓаме пред утврдување на стретегијата за идниот развој. А истовремено пред нас се наоѓа Законот за трансформацијата на претпријатијата на капиталот во општествена сопственост, што исто така е крупен проект врз кој треба да базира концептот на пазарното стопанство. Тука пред нас е и меѓународното признавање што ќе значи Македонија да стане меѓународен правен субјект со сите права и обврски, а би рекол дека тука се очекуваат и големи резултати на планот на продирањето на Македонија во светот, воспоставување на односи со банки итн. и на тој начин овозможување прилив на странски капитал толку потребен за остварување на антиинфлационата програма. Мислам дека кога зборуваме за нови избори не смее да се заборави на фактот дека во некој делови во нашата Југославија уште се води војна. Сега се поставува прашањето дали е времето воопшто за разговор во врска со новите избори. Дали е време да се уфрли една нова еуфорија во време кога и така се доста обременети луѓето со доста грижи, во време кога така да се каже почнавме да ги правиме тие посериозни чекори, да се фатиме со прашања што значат живот. Дали тоа ќе значи одвлекување на вниманието на нашите граѓани токму од прашања што се врзани со животот. Јас мислам дека ние мораме да водиме сметка за сите тие моменти и во оваа фаза да се воздржиме од остварување на оваа иницијатива, меѓутоа во секој случај бидејќи иницијативата е покрената најзванично, таа заслужува почит, независно од тоа што е покрената од една парламентарна група, ние секако треба да се произнесеме и би рекол да се произнесеме по пат на тајно гласање.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, поставувајќи ја на дневен ред иницијативата на СДС за распишување предвремени собраниски избори Парламентот на Република Македонија по 16 месеци од неговото конституирање доби шанса да прозбори малку и за себе. Јас припаѓам на тие што мислам дека е неумесно да зборуваш сам за себе, Но, затоа можеме да кажеме што мислат граѓаните за нас. Притоа, мислам дека сепак оценките можат да бидат

субјективни од проста причина што ние како пратеници, а ниту граѓаните како критичари имаат парламентарно искуство. Без тоа искуство, без тоа потребно искуство мораме да признаеме сме и ние, а и граѓаните. А оценката за нашата работа може да биде дадена од аспект на потребите што ги бара од нас времето во кое сега се наоѓаме и стремежите кон кои се определивме да одиме и да градиме едно ново општество достојно на слободно живеење на граѓаните.

Од аргументите што ги наведе господинот Бранко во претходното образложение а подоцна односно денеска и господинот Ханџиски во своето образложение по потребата од нови предвремени избори стои констатацијата дека тие се повеќе од потребни. А дискусиите кои ги водат граѓаните и оние кои ги изнесуваат пратениците се сведуваат на оценката дали е токму сега времето и дали можеме успешно да ги подготвиме изборите за така кратко време за да можат тие да ја постигнат целта за која и се спроведуваат.

Исто така, и јас го делам мислењето и се залагам граѓаните на Република Македонија да добијат нова шанса за да излезат на нови избори. Тие тоа го заслужуваат од основна причина за која веќе говоревме а тоа е немањето на потребното искуство и сознание за можностите на партиите кои се формираа во очи на првите парламентерни слободни избори.

Морам да подвлечам и не се сложувам сета вина што имаме ваков состав на Парламентот да ја префрлиме исклучиво на граѓаните. Но, затоа слободно можам да кажам дека токму овој Парламент е сосема виновен што Република Македонија има ваква Влада. Јас во овој момент немам ваква намера да го бранам Парламентот а да ја напаѓам Владата. И вината за она што можевме заедно да го завршиме досега, а не го завршивме да го лоцирам на едната или на другата страна. Тоа би го оставил граѓаните сами да го оценат, зашто тие имаат прилика директно да ја следат работата на Парламентот а и на Владата. А што е уште поважно тие и ги чувствуваат последиците од таа работа. Оттука, јас ја поддржувам констатацијата со ваков Парламент а поготово и со ваква Влада не е можно понатаму да одиме, Се сложувам со оние пратеници што мислат дека со реконструкција или со избор на нова Влада може донекаде да се санира состојбата.

Но исто така се согласувам со тие пратеници кои мислат и се убедени дека овој Парламент не е во состојба да

избере нова Влада, а прашање е и колку време би имала таа нова Влада на располагање. Од таа причина мислам дека би било добро, пред да донесеме дефинитивна одлука од страна на Парламентот,треба да се направи една поширока анкета меѓу граѓаните, за да се слушне нивното мислење за потребата од предвремени избори и дали тие навистина тоа го бараат, зашто тие се тие кои треба да излезат на избори и со нивна согласност единствено изборите можат успешно да се реализираат.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Ке настојувам да бидам пократок да не се повторуваме бидејќи навистина ако камерата ја даде оваа слика што стои конкретно пред мене, повеќе од половината пратеници излегоа од здодевност. Јас ќе речам нешто што не беше речено односно што со новите избори. Јасно е, сите сме за нови избори, кој е предлагач и тоа е јасно и може да се гордее со тоа, како што некој се гордеел со друго, некој барал оваа Македонија да ја добие самостојнсота, па се гордее со тоа, и ред друго, да не повторувам. Но, да се сетиме на историјата од што страдала Македонија и, ова е само мое мислење, што може да дојде во Македонија пак со овие предвремени избори, односно во невреме предвремени. Можни се предвремени избори, но во невреме не. Зошто? Македонската историја за жал се повторувала на секој половина век, но тоа било страдално за Македонија,секогаш кобно. Да се потсетиме на последниот век, Илинден 1903, предвремено кренато востанието од надворешни сили кои ги смешале прстите во оваа, за жал, секогаш мачна Македонија. Големи катастрофи станале. Само Крушево односно гробовите на Крушево знаат колку настрадало тоа. Се создала една република за 12 дена. Да не зборувам многу за Крушево колку крв пролеала Македонија од тоа предвремено кревање востание. Да бидеме во 1945-та година, пак надворешни сили се смешале во Македонија. Предвремено е сето тоа што го мислиме можеби и денес. А што се смешале надворешни сили? Јас верувам дека живи сведоци имало овде меѓу нас, борбата на Македонија не била за во Југославија, од прво била за самостојна Македонија. Колку после тоа за самостојна Македонија наши по затвори изгинале, биле мачени и убивани и колку живи сведоци одвај својата кожа ја спасиле. И денес има и сведоци. Но сакале или не да го признаат тоа, истите тие го мислеле за Македонија тогаш. Пак помина половина век, за жал, пак се повторува историјата над Македонија. Барем јас мислам, тоа е мое мислење, и сега надворешни сили се смешани. Не е тоа тоа што го велиме дека на народот му се потребни нови избори веднаш сега во овој момент однсоно во

септември. Може и во септември, може и порано, но кога ке созрее времето. Јас би рекол нешто, можеби некој овде во Парламентот се уплашил од одговорноста, се почувствувал како неспособен за ова време, но времето е такво, да не се плашат тие, кој и да бил на наше место односно на нивно место, кој и да бил, истото би го доживувал во оваа промена. Не е оваа промена само кај нас, оваа е во цела Европа, ако не и во светот. Оваа криза не е дојдена од нас, не ја создадовме ние да се плашат тие, да мислат дека ако сега се спасиме, народот ќе заборави на нас многу лесно, нема да не спомнува, нема да ја носиме вината на грб и овој товар сега што го носиме. Се излажале во тоа, тие се барем за мене незрели личности, недораснати, барем јас така мислам.

Понатаму, во оваа стопанска економска криза која ја зафати Македонија, кога еден леб е 100 динари, едно шише масло е 800-900 динари, зарем е потребно вакви циркуси да правиме овде, кога прв пат добивме своја македонска монета што со векови се чекало. Дајде да и дадеме можност на таа монета да видиме како ке се покаже, а не ние по добивањето на монетата да се исплашиме дека Македонија ќе може да зајакне, а за тоа што ќе може да зајакне сигурен сум дека веќе рече некој од претходните дискутанти дека оваа политика односно овој предлог не е од Македонија донесен туку надвор од Македонија, како што секогаш Македонија страдала од надворешни сили што инсистирале, и овој предлог е диктиран, пред време. Барем јас така мсилам. А зошто има право така да мислам? Поради тоа што на половина век тоа и се случувало на Македонија. Затоа, не сакам тоа да го кобам, но се плашам истото да не го доживее Македонија, кога е на прагот на осамостојување, а некој од надвор не го сака тоа. Сигурен сум дека не го сака, било која држава тоа не и го сака на Македонија. Гледаме колку противници имаме сега за непризнавањето на Македонија кога сите се бориме до последни сили, ги убедуваме и Европа и Светот, конкретно нашиот претседател што не може да здивне од тоа убедување до последен момент, а ние сето тоа сакаме да го срушиме. Кризата која е дојдена реков дека е неизбежна, но каква цел ние ќе постигнеме ако тие предвремени избори предвреме ги закажиме, дали тие избори ќе ни донесат некакво богатство, некаков профит или сосема ќе ја уништат Македонија,и инака што нема, сосема да нема. Но кај нас постоел симдром на самоуништување, дајте да го отфрлиме тоа, да не се уништуваме, кога од тие предвремени избори секако не можеме да избегнеме, тие ќе дојдат сакале ние или не. Затоа, да се воздржиме, кога ќе биде времето да се распишат тие предвремени избори. Инаку, ми се чини дека се овде вмешани надворешни сили.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, многу работи се кажаа, јас ќе гледам да бидам што пократок.

Основно е на почетокот да се осврнам на една констатација за дволичноста. Во однос на дволичноста треба да кажеме што има спротивно од она што го говорел претседателот на ВМРО ДПМНЕ Љупчо Георгиевски од она што го говореа пратениците од оваа говорница од редот на ВМРО ДПМНЕ. Имаме целосна идентичност и согласност за нови избори. Кажете само еден говорник кој е против изборите. Мислам дека таков нема. Според тоа, каде ја бараме дволичнсота? Секаде, но не во ВМРО.

ВМРО ДПМНЕ откако влезе во ова Собрание беше за нови избори, кој беше изигран, партијата со скоро 1/3 пратеници да не учествува во власта. Логично беше да се повлече во опозиција. Основната стратегија на секоја партија е поведе на изборите заради преземање на власта. Оттука и изборите се потреба на ВМРО ДПМНЕ.

Иницијативата дојде како избрзан чекор на СДС после изјавата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Љупчо Георгиевски за нови избори. Целта беше како и досега губитникот да се закити со туѓи идеи свесен дека ВМРО ДПМНЕ оди на избори и на победа.

Мислам дека не е спорно дека расправата која ја водиме причина штета на државните и национални интереси на Република Македонија и само под тоа име држава во овие моменти и за секогаш. Затоа и учеството на пратениците на ВМРО ДПМНЕ се сведува на денешната расправа на основното прашање кога се тие потребни заради одбегнување на можната штета и заштита на територијалниот интегритет и националниот суверенитет на Република Македонија. Експерименти со времето ќе бидат крајно штетни. Предлогот на СДС е таков. И без Иницијативата изборите можеше да се договорат и спроведат без расправа во овој Парламент. Проблемот се сведува на рокот за времето кога да бидат изборите и за тоа треба да се договараме. Ова го предлагам од причина дека во Иницијативата и предлогот има такви заклучоци кои доколку би биле усвоени како што се предложени, би биле крајно штетни. Секое заговарање за распуштање на овој Парламент е штетно по националните интереси на Република Македонија. Во што е проблемот и прашањето.

Според Уставот имаме две решенија за нови избори. Првото-членот 63, став 2 од Уставот и второто-Уставниот закон со член 10, став последен. Доколку се применува член 10 од Уставниот закон, немаме распуштање на Собранието. Легитимитетот на овој Парламент, Влада и на претседателот на Републиката извира од членот 10 и не смее да биде ставен под никаков сомневање.

Ако се примени членот 63, став бнеминовно е распуштање. Мислам дека г-динот Тодор Петров на ова укажа дека имаме комплетен предлог, што во целина е недозволен според Уставот и Деловникот. Ако ја издвоиме Иницијативата од предлогот на заклучоците, јас оценувам дека е залагање на сите говорници досега од сите пратенички групи, тогаш јансо е дека треба да се договориме за времето на одржувањето на изборите, како најоптимално решение за интересите на Република Македонија. Тоа време за ВМРО ДПМНЕ е времето непосредно по меѓународното признавање на Република Македонија и во тој период донесување на сите закони и сите други неопходни подготовки за едни демократски избори, за што стана овде збор, и заради Република Македонија и подоброто и мирно живеење на сите во Републиката. Затоа, сметам дека една пауза треба да има, заеднички да подготвиме заклучок во врска со Иницијативата, а пред се од она што беше искажано во дискусијата од оваа говорница и потоа да покажеме единство во донесувањето на таков заклуок за одење на изборите. Сепак сметам дека културно и пристојно ке беше ако за отсустните се зборува само во убава конотација, што во случајот не беше почитувано.

Оттука, доколку г-динот Драги Арсов чувствува потреба, би требало да одговори односно само да потврди од говорницата дека ВМРО ДПМНЕ од секогаш беше и останува за нови избори, на г-динот Љупчо Поповски. Македонскиот народ знае како влеговме во овој Парламент во услови на страв и правна несигурност, а сепак сега во слобода ќе оставиме на неговата совест да бидеме што побројни во новиот состав со новите избори.

Досегашната работа на овој Парламент не може да биде доведен во никој случај во прашање. Тој е легитимен и треба да одлучува и за Владата, ние поддржуваме се што беше конструктивно од Владата на оваа Република. Оваа Влада ќе го наджывее овој Парламент. Без ВМРО нема нова Влада.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, јас навистина се изморив од досегашната расправа, каде што диминираат чисто теснопартиски интереси на трите најголеми партии овде во Парламентот во однос на македонските државни интереси. Јас мислам дека партиските интереси треба да ги оставиме на страна и исклучиво да се поведеме од државните македонски интреси..Што е тоа толку битно кој прв повикал за нови избори, дали бил СДС, или ВМРО ДПМНЕ. За волја на вистината, први повикааа на нови избори СК-движење за Југославија 8 февруари 1992 година. Според мене, не можеме да зборуваме за нови избори се додека не бидат задоволени следните четири предуслови.

Како прво, најнапред треба да го оформиме комплетно Закондоавно правниот систем на Република Македонија, односно да ги донесеме сите системски закони што се предвидени во Уставниот закон на Република Македонија. Понатаму, се додека Македонија не биде меѓународно признаена, јас ја исклучувам можноста за расправа за донесување на нови ибзори. Само како пример ќе наведам, сегашната политичка ситуација во Италија, парламентарната и политичката криза, премиерот и претседателот на државата во оставка и на која што Италија која е во редот на седумте најразвиени земји во светот и се запрети дека ќе биде исфрлена од тој круг на високо развиени земји. Значи, се додека Македонија не биде меѓународно признаена по мене не би смееле да зборуваме овде за нови избори.

Понатаму, апсолутно не се согласувам со Иницијативата на СДС, особено точката 3 каде што се повикуваат на член 63 став 6 од Уставот, што во превод значи распуштање на Собранието. Јас мислам дека не смееме да дозволиме Собранието да биде распуштено.

Понатаму, ако сакаме нови избори, чинам дека овој парламент со антагонизмот меѓу двете најголеми партии дека се исцрпува во меѓупартиска борба, а ги запоставува државните македонски интереси, треба најпрвин да се донесе изборниот закон како и законот за финансирање на партиите како и контрола на партиските сметки затоа што факт е дека добар дел од партиите користат општествени средства за својата предизборна кампања, а факт е дека одредени партии на, по мене, неконтролиран начин се помагани од странство.

Исто така сакам да се осврнам и на односот на партиите кон Владата. Господинот Петров кажа дека сите партии се во опозиција спрема Владата. Јас конкретно мислам сосема спротивно од господинот Петров. По мене Владата е на СДС, ВМРО-ДПМНЕ и на ПДП-НДП. Колку и да сакаат партиите да го одречуваат, јас тоа го мислам и го тврдам и ќе кажам зошто. Единствено Лигата за демократија, бидејќи нема овде пратеници, направи конференција за печат и повика за да се гласа за доверба на Владата, а овие три партии кои имаат над 20 пратеници и имаат деловничко право да бараат да се гласа доверба на Владата, за цело време организираа конференции за печат, ја критикуваа Владата, а овде во парламентот ни еднаш не го искористиа своето деловничко право да се гласа за доверба на Владата. Дури тие за цело време ги подржуваа сите предлози оние по виталните на Владата, ги гласаа што значи ја поддржуваат Владата. Колку сака некој нека ја критикува тоа е факт.

Уште нешто, господинот Томислав Стојановски и некои други други пратеници кажаа за некое пристапување кон нова Југославија или разни сојузи, јас само ке кажам дека се лаже секој што мисли дека Македонија во овој момент сега ќе успее да ја спои со било кого. Толку е нарасната националната свест на Македонија кај сите независно дали се македонци, албанци, турци, власи итн. што секој така што мисли влегува во една голема авантура и се лаже дека нешто ќе направи. Ние јасно ја дефиниравме позицијата на Македонија со новиот Устав и нејзината перспектива е во еднаквата оддалеченост, по мене, од сите наши четири соседи.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници ќе бидам прилично краток бидејќи слушнавме прилично мислења по однос на иницијативата на СДСМ. Уште на почетокот ќе кажам дека сум против таква иницијатива, дали од побуди како партија која што избрала време кога има најголем рејтинг да побара пред јавноста нови избори со цел да ја добие власта во парламентот или од други причини, не се впуштам во тоа инаку, во образложението што го даваат дека е уставна одредба, дека Парламентот и претседателот на Републиакта со новиот Устав го немаат тој легитимитет што го имаат како избраник, тоа не стои и не е точно. Сметам дека ова Собрание и претседателот на репуб-ликата се легитимни да ги вршат своите функции согласно новиот Устав. Ова Собрание во овој миг не смее да помисли на таква иници-јатива кога виси прашањето на Македонија како и секогаш што висело и денеска на

мегународен план виси дали Македонија ќе биде призната меѓународно или не и кога ние токму во овој временски период би се впуштиле во едни авантури да бараме власт некоја партија, сметам дека е илузорно да се расправа. За мене е основно сега без разлика на партиска определеност Собранеито да ги збие своите редови во донесувањето на законите иако ние со Уставот прогласивме суверена и независна Република Македонија та сепак правно не постои. Ние немаме цврста законска регулатива, ние работиме по закони од договорна економија која и те како ни пречи нам во оваа нова трансформација на стопанството и ако сега се впуштиме во нови избори нам не ни бега уште една година време да лудуваме во овие закони.Како ќе завршат изборите за тоа воопшто не можеме да зборуваме, можеби ќе имаме ист состав, можеби и полош состав на Собранието. Сметам дека ова Собрание во март месец  донесе своја Програма за работа која е во согласност со Уставот и уставниот закон за спроведување на Уставот. Треба цврсто да застанеме на Програмата, критиките кои ги дадовме на Владата, тоа се надвор од парламентот, ние никогаш не сме зборувале во парламентот за односите на Собранието и Владата. Ова Собрание мора од Владата да бара одредени работи, одредени законски проекти да ни ги изготви идостави до тој временски период. Во последно време со Антиинфлационата Програма сметам дека правиме голем чекор напред за стабилизирање на состојбите во Македонија. Треба уште повеќе да забрзаме со оние законски проекти кои  беа предвидени во Уставниот закон да се донесат во рок од шест месеци сметам дека 90% се во процедура и можеби ќе доцнат одредено време и затоа треба да забрзаме да ги донесеме што побрзо. Инаку, другиот дел кои се прописи од економска природа ми се чини како што се предвидени во Програмата до крајот на годината, па ако треба Собранието нека  работи секој ден, тие проекти треба да бидат донесени, а во тој временски период Македонија ќе биде призната на меѓународен план па дури тогаш ќе имаме шанса да одиме на нови избори, да се обидат партиите кои имаат такви амбиции да ја добијат власта.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Приговорот да се јавам повторно можеби има место, меѓутоа, оценив дека останав должен кога реков дека имаме законски пречки оваа иницијатива да ја прифатиме како потребна.

Се повикав во прв ред, на одредбите од членот 4 на Уставот меѓутоа, и ако ми беше забележано направив еден пропуст кога требаше да се повикам и на одредбата на членот 80, став 3

од Уставот каде се говори за условите за избор за можен кандидат за претседател на Републиката.

Ќе сакам да бидам сослушан во овој дел да кажам што треба да се преземе "претседателот на Републиката се избира на општи и непосредни избори со тајно гласање за време од 5 години.

За претседател на Републиката исто лице може да биде избрано најмногу двапати" сега доаѓа третиот дел па вели "за претседател на Републиката мора да биде државјанин на Република Македонија". Кога реков основните вредности на оваа иницијатива да биде 20 септември, дали некому ќе му биде смешка или не, јас ќе ги прашам подносителите и ги повикувам овде да се изјаснат како ќе успеат за ова време кога ќе го донесеме законот за државјанство тој ќе има преодни одредби во кој ќе говори дека државјанството ќе се оствари за една година што значи дека секој граѓанин и државјанин на Македонија ќе има право да биде кандидат ако има 40 години. Ке му се бара државјанство. Дали државата и предлагачот е готов за овој временски период го спроведе во сила овој закон ги спроведе пратечките подзаконски акти се докаже кој што е и кога има право да биде државјанин па да може да биде кандидат, сигурно дека не. Зошто ни е ваква брзина, дали сакаме да не можеме да избереме претседател на Републиката? Ако е ова од иницијаторот дозволете тој што ќе има 30 пратеника или 10 илјади граѓани ќе нема доказ дека е граѓанин на Република Македонија. Тој што ќе има доказ дека е државјанин на Република Македонија ќе нема кворум па ќе го подржи. Ова е суштината, а јас гледам дека некој ако суетата го носи да даде предлог, па да неможе да се повлече пред вистината ќе се смее, ќе му биде непријатно, во ред е таа работа, јас не сакам тоа да го порекнувам затоа што има една народна поговорка сега ја земам за своја "Силниот секогаш е гладен". Ако подносителот смета дека е силен во овој момент и ако е гладен за поголема власт, овој Устав дава гаранција на народот и вели "само по овие одредби и силниот и слабиот ќе ја зема, ќе ја почитува и ќе ја има власта". Тоа е едно.

Сега основната работа господа. Кога реков дека пречката е во членот 4 морам да се вратам на законот за државјанство. Законот за државјанство ќе треба да го добие секој граѓанин под името секој граѓанин се подразбира дете родено на денот кога се раѓа и оној кој има било која старост, тука немаме граница што значи дека сите овие лица ќе мора да имаат уверение дека се државјани, меѓутоа, државјанството

станува правосилно оној момент кога некој од заинтересираните или оној на кој му е оспорено или дадено стане правосилно и ние не можеме да го занемариме законот за правата на граѓаните само да одиме на избори. Оваа потреба треба да има подлога во вистината. Во законот за државјанство кажуваме дека Министерството за внатрешни работи ќе води евиденција за државјанство. Кој може да ја устрои оваа евиденција во рок сега треба да биде по изгласување за три месеци, односно нека бидат четири. Прв пат нему му се дава рок со законот во рок од 6 месеци ги донесе подзаконските акти. Што ќе правиме сега? На една страна имаме органот да може да работи шест месеци, а од друга страна ќе водиме избори без да се спроведат тие работи. Мора да имаме некоја законитост. Говоревме за закони кои се донесувале преку ноќ и не се почитувале, сега сакаме да имаме цврсти закони донесовме Устав-мал устав е кога е мал уставот господо треба да се знае законодавството е големо и обратно ако е голем устав, тогаш законодавството е мало. Ние го избравме овој пат да имаме мал Устав, а големо законодавство. Оваа пречка сами што си ја направивме сега мора да ја почитуваме.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, потрошивме еден убав драгоцен ден и навистина јавноста има штио да ни се чуди, големо лицемерие изнесовме овде на оваа говорница, а за да се потврди тој факт јас би сакал да се прифати предлогот на господинот Шабан Превала па ќе видиме дека навистина тоа ќе се случи.

Не би сакал десет пати да повторувам како што повторија да повторам и јас можеби и јас ќе се повторам во овие работи и ако некои од нашите говорници овде како и независниот пратеник или надпартиски пратеник Михаил Пановски кажа дека не се можни други опции и игри околу Македонија, јас тврдо сум уверен и верувам во тоа  се додека Македонија не биде меѓународно призната и ставена во регистарот на Меѓународната заедница се до тој момент за Македонија ќе се плетат и сценарија и режии. Сигурен сум во тоа илјада посто. Меѓутоа, ги жалам оние сили или политички партии кои тргнуваат од една единствена цел да работат по налог на некои други. Тоа е најмизерната и најнеблагодарната работа, има такви сили кои работат на оската Белград-Тирана-Атина и за жал од овие нешта што се изнесоа  јас сум уерен дека оваа иницијатива токму подлежи на таква директива. Меѓутоа, треба да се свртиме кон тоа дека во оваа Македонија она што го започнавме какао

парламент треба да го довршиме и да не ја фрламе вината на предходниот Извршен совет дека не донел добар изборен закон, во недемократски услови сме се бореле во предизборната кампања и во изборната кампања, еве сега доволно право, можност и шанса сите што се наоѓаме какви сме такви сме како политички партии на најдемократски начин да ги донесеме Сите тие закони, да ја заокружиме државноста и потоа да повлиаеме на изборите. Тоа е моето мислење, а за другото што се однесува на мојата партија беше изнесен ставот и не сакам да го повторувам.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претсдателе, дами и господа, се согласувам со неколкуте дискутанти дека денес е на испит и нашата искреност Меѓутоа, колку во политиката има искреност и јас се прашувам, а колку пак во иницијативата на СДСМ за предвремени избори има искреност , некои рече политички маркетинг, па тоа е нивно право дури би кажал алал ви вера господа од СДСМ ни дадовте равенка со две три непознати што не знаевте да ја решите и вие, па не знаеме и ние.

Ние денеска со нашите дискусии како да водиме сметка што правите вие, меѓутоа, се заборававме дури, а што правиме ние дали сме ние искрени, јас велам не. Дали сум јас искрен ќе кажам не, не сум ни јас денеска искрен . Па затоа неколку дискутанти дури прават променади, зборуваме за иницијативата за нови избори, а правиме променади низ Тирана, Софија, Атина, Белград,па се враќаме, па Закон за државјанство, па Уставот денеска, дали е уставно или неуставно, велиме сме за избори, а на крајот "али"уначи пак условуваме со нешто.

Јас, за да бидам исто така како што беа и другите не искрени ќе кажам да, но треба да се донесат некои закони за спроведување на изборите, па да бидат демократски.

Дали ќе кажам да или не мене ќе ми биде многу лесно. Каков ќе биде ставот на партијата така ќе гласам, затоа што знам дека други веќе чекаат на ред. Јас и така и така како пратеник на ПДП и не бев многу продуктивен. Значи завршува со тоа и јас сум од тие неискрените. За да поправам барем нешто во тоа, имам конкретен предлог. Одиме на нови избори во рок од шест месеци.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници, пред да се изнесам околу моите видувања за точката што е на дневен ред, ќе ми дозволите една мала дегресија. Наиме сакам да му се заблагодарам на пратеникот кој за жал не го забележувам дека е овде во салата а кој ми упати увредливи и понижувачки зборови, поготово на Пратеничката група ПДП-НДП и на албанската националност. Ние овде не сме дојдени да се пребројуваме, ние сме дојдени да решаваме проблеми кои се се којдневни.

Сега би поминал накратко да кажам за точката што на дневен ред бидејќи многу што е речено, па не сакам да повторувам некои работи.

Во сегашната економско-политичка и социјална состојба во Републиката одржувањето на нови избори ќе беше освежување за сите државни институции и тоа според моето мислење не е спроно. Меѓутоа пред да донесеме одлука за одржување на нови избори, веројатно јас нешто и ќе повторам од тоа што го кажаа претходните дискутанти, мораме да ги имаме предвид некои сегашни сос-тојби на внатрешен и меѓународен план.

Прво, бидејќи конференцијата за решавање на југословенската криза е во тек, а во рамките на тоа и во решавањето на меѓунационалните проблеми, а логичниот исход на европскиот пристап за решавање на меѓународното прашање и изедначување на одредени заштитни механизми за националностите односно консензус.

Што на пример ако ни се наложи да воведеме дводомен Парламент, а ние планираме да одржиме избори во ваков еднодомен Парламент. Значи јас припаѓам на таа група што го изнесуваше претходниот дискутант Рамадани.

Мора да ни биде јасно дека Македонија ги има условите за дводомен Парламент како и во многу други цивилизирани, повеќе национални и културни и повеќе конфесионални држави. Тоа претпоставува дека треба да имаме Собор на граѓани и Собор на националностите кој ќе решава со консензус за одредени прашања кои се тесно поврзани со виталните интереси на нациите, верските групи и тн.

Второ, за да се одлучиме за нови избори треба од почеток да имаме објективен и реален пристап, а тоа

претпочитува отфрлување на било какви предрасуди, да не кажам и манипулации, првенствено новиот закон за избори кој ќе мора да се донесе, треба да поаѓа од принципот на нумеричката рамноправност на изборните единици. Всушност тоа ни е и обврска која произлегува од меѓународните документи кои ја обврзуваат и Република Македонија и според која изборите мора да бидат реални и секој да има рамноправен статус. Не може да се зборува за рамноправност ако на едно место еден пратеник претставува три илјади а во друго петнаесет илјади бирачи.

За да не ве заморувам и да не повторувам, сите прашања треба навреме да се решаваат, а да не се тактизира и политизира до таа мера што може кај бирачите да создаде јавно мислење дека не е потребно да се излезе на избори.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата. Како и секогаш и овој пат така ја започнав дискусијата. Можеби некој ке ми замери велејќи, прави лицемерие, меѓутоа, тоа е така во моето воспитување.

Иницијативата за која денес станува збор мислам дека заслужува внимание иако можеби на прв поглед е недоволно анализирано. Но изгубивме цел ден, па малку јас сега ќе размислувам економски.

Мислам дека и овој пат не изостана она што се правеше и на поранешните седници, многу маркетинг. Што тоа значи за Собранието ќе се обидам да дадам една кратка анализа за денешните трошоци што тука ги правиме, споредено со она на кое му припаѓам јас, на земјоделството, колку придонесуваме со денешното неодлучување односно одолговлекување со седницата. Пред да го образложам тоа ќе кажам дека во начело односно целосно ја поддржувам иницијативата и ќе гласам за нови избори.

Ако во најавате беше речено дека денес овде присуствуваа 81 пратеник, помножено тоа со 1000 динари изнесува 81000 динари. Ако од нив околу 30% по моја проценка користат спиење тоа се 270 илјади динари. Ако патните трошоци 60 пратеници ги имаат од 1500 динари, тоа се 90 илјади динари, или вкупно се 440 илјади динари. Тоа се трошоци приближно колку три позиции во неребаланси-раниот буџет на Републиката дадени за земјоделието. Тоа е огромна сума. Затоа предлагам да не одолговлекуваме и натаму, да поминеме директно на изјаснување,

со тоа што јас би дал уште еден предлог тоа е изјаснувањето да биде по две точки.

Прво, дали сме за нови избори за пратеници и Второ, за избор на претседател на Републиката.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Долго време размислував дали треба да се јавам овде да дискутирам или да не дискутирам. Меѓутоа ме натера еден единст-вен повод за дискусија, а тоа е следниот.

На почетокот од седницата кога беше кажано дека во ова Собрание има 80 и повеќе пратеници, сега овде гледам дека не се присутни ни 60 пратеници. Значи 20 пратеници се заминати. Тоа е едно.

Второ, прво и основно господинот Петров кажа дека ја одлагаме седницата заради тоа што не се присутни господинот претседател на Републиката и господинот претседател на Владата, на една од претходните седници. Денес двајцата господа седат нон стоп до првиот одмор и сега после одморот, односно паузата и сега пред малку стана господинот претседател на Републиката. Ние не можеме да се стрпиме и да донесеме една добра одлука која што треба да ја поздрави не само овој Парламент туку и оние што не гледаат и слушаат цел ден денес.

Јас сметам, со заминувањето на пратениците од овде, се кажа дека има некои пратеници надвор. Нека има уште пет или десет пратеници, повеќе нема. Грото на пратениците се заминати.

Едно јас сега велам, ја поздравувам иницијативата на Пратеничката група на СДС. Зошто? Затоа што ние како пратеници овде не сме достојни да седиме во овој Парламент. Не сме достојни затоа што ние имаме сеуште замисла од стариот систем каде што делегатите беа бирани од основните организации, беа бирани од месните заедници. Овде заседаваа три собори. Меѓутоа ние сега сме пратеници бирани од народот кој што сигурно за нас гласале од 2000 до 14000 гласачи, сметајќи дека ние ќе ги застапуваме така како што треба во овој Парламент.

Јас на една од минатите седници зборував и реков кога еден работник ако не појде на работа за еден час може да

му се одземе присуството и да не му се плати дневница зошто на овие наши пратеници,и јас овде влегувам, не може да им се земе она што им се зема на работниците во стопанските организации. Ние овде седиме, меѓутоа не она што го кажа претходниот дискутант, јас не сум економиста и немам многу работа со економијата, меѓутоа не само она што го кажа дека ние земаме овде дневници, спиеѓве и т.н., туку ние овде земаме и личен доход. Половина од нас сме што овде сме платени, а другата половина се пратеници кои земаат доплата до пратеничката плата. Да не го лажеме ние народот дека не земаме пари, туку земаме одовде, државата нас ни дава односно работниците кои што не дотираат. Според тоа сметам дека предвремните избори не што се веќе на прагот туку треба уште веднаш да ги распишеме и да си одиме ние одовде затоа што не сме достојни ние да седиме овде во овие пратенички клупи.

Што се однесува до Владата, јас, Владата кога беше предложена во првиот момент, не сум јас студирал овде во Скопје, меѓутоа гледајќи и читајќи ги автобиографиите на членовите на Владата можам да го констатирам следното: Од 22 односно 23 члена во Владата се 10 професори на факултет кои дале еминентни личности на оваа наша Македонија, сигурни стручњаци кои што овде веројатно, не знам со сигурност, не можам сега овде да тврдам, има?" одреден број кои што се луѓе кои се покажуваат дека се многу многу поквалитетни.

Меѓутоа што јас на Владата и замерувам. И замерувам на Владата тоа што во однос на донесувањето на оние законски работи кои требаше да се донесат на време, некако доцни, поготово со локалната самоуправа.

Јас сега ќе ви кажам еден пример од мојот крај. Ако беше донесен законот за локална самоуправа на време ако собранијата беа конституирани, они само се избрани инаку немаат никаква надлежност, таму началниците воопшто никого не го слушаат, инспекциите воопшто не работат така како што треба затоа што тие исчекуваат односно се во неизвесност дали утре ќе бидат инспектори или нема да бидат, дали тие треба да преземат некои мерки или не треба.

Што јас со ова сега сакам да кажам. Јас сакам да кажам дека нашата Влада даде производи од државните резерви а да се снабди населението. Што стана со тоа снабдување. Приватниците ги земаа тие производи, инспекциите не дејствуваа и на крајот на краиштата утре тие ќе ги продаваат производите

со многу поголема цена отколку што таа цена е предвидена овде. Тоа е една од замерките на Владата. Инаку, нон стоп господинот премиер овде кажува велејќи дајте луѓе пуштете не да работиме. Ние не дозволивме на Владата да видиме што таа ќе ни понуди, како што ја понуди сега Антиинфлационата програма. Ние сега треба да видиме каква ќе биде антиинфлационата програма, дали таа ќе биде во ред или нема да биде.

Што се однесува до тоа дали треба да биде или не треба предвремени избори, правниците се искажаа. Едни велеа треба, други велеа не треба, но горе долу сите велиме дека не треба. Мегутоа треба да се поздрави оваа иницијатива на СДС и да оди на тие предвремени избори. Но, сега прашањето е кога. Јас прашувам сега за една работа и не можам да дојдам до свој заклучок затоа што еден од дискутантите рече дека во тетратките за прво одделение има со тесни и широки линии. Не можам толку да ги прочитам тие тесните линии што е напишано, само широките ги читам. Меѓутоа едно се прашувам сега јас.

Кога се изврши промена на Владата во Грција, утре ќе се изврши промена на Владата во Германија. Дали признавањето на Македонија ќе биде сега пак, во однос на решавањето на тој проблем, да не рече утре Грција па чекајте да видиме сега со тие избори која партија ќе добие. Ако добие некоја екстремна партија па ние не сакаме да дискутираме за таа партија. Ако добие некоја друга партија со неа сакаме да дискутираме итн. Значи тоа е еден проблем што јас не можам да си го сфатам. Затоа треба малку и нашата господа, претседателот на Републиката, претседателот на Владата, тие тоа треба да ни го разјаснат, ние да можеме да донесеме еден заклучок дали сме во можност да одиме на тие избори, или да не одиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние навистина имаме можност да расправаме за сопствена легална и легитимна иницијатива, да се изнесуваат аргументи за и против и конечно Парламентот да има можност врз основа на борба на мислења да се определи за она што мисли дека во моментот е најпринципиелно и најконструктивно. Мене ме радува фактот што скоро и да постигнавме консензус меѓу политичките, меѓу парламентарните партии за нови избори, се поставува прашање само онаа финеса кога тие да се одржат. Навистина, ретко кој овде кажа дека не е за нови избори. Но, ме загрижува нешто друго што сме заљубени во себе си и сметаме дека ние сме највредните во Републиката и

дека овде е концентрацијата на целиот од Републиката и ако одиме на нови избори и ако нас не не изберат ќе настане хаос, дестабилизација на државата и веројатно Македонија нема да ја признаат и тн. Тоа се илузии и не треба да се занесуваме со такви илузии, зашто сезнае како се оди на избори. Дури имаше квалификации дека ова е непријателски чин, дека е антидржавен, противуставен итн. Сето тоа се тешки зборови за мала вредност. Мислам дека најбитно е да го оцениме мигот вистински дали е во функција на Македонија, сега да се оди на нови избори или не е во функција а не дали е во функција на некоја партија или на некој сегмент во општеството. Според тоа, ако некој сака да заговара хаос да оставиме да суди граѓанинот за тој хаос. Ако некој смета дека ни е демократска власта многу нека кажат нека се потврди тој легитимитет од граѓаните. Едноставно да им дадеме шанса на граѓаните за она што ние го чиниме овде дали е добро или не е добро тие да кажат.

Околу она што беше овде оспорувано претседателот на Републиката, неколку пати некои пратеници укажаа дали навистина има уставен основ. Ако навистина стои оценката дека претседателот на Републиката успешно ја обавува функцијата на чело на оваа држава, најдобар начин да му се потврди, да му се зајакне таа позиција на претседателот на Републиката е да се оди на непосредни избори односно на Референдум како што се договоривме во новиот Устав. Во стариот устав како што ви е познато претседателот го бираше Парламентот. Сосема нови функции, сосема нова позиција, квалитативно нови задолженија има претседателот ако неговиот легитимитет излегува напосредно од народот. Навистина многу појака ќе му биде позицијата и во странство.

Конечно, за нас пратениците. Ние имаме сосема нова позиција. Имаа можност граѓаните да се определат да бираат за кого ќе го дадат својот глас, меѓутоа, имаа можност во Уставот и да го отповикаат тој пратеник. Ние си донесовме Устав во кој кажавме дека пратеникот не може да се отповика. Значи, таа можност на граѓаните им е одземена. Долго време водевме расправа овде дали Уставот треба да биде граѓански или национален, па рековме ако не сме во состојба, дури имаше заговарања нас референдум, усвојувањето на Уставот да го направиме по пат на референдум. Еве шанса за референдум, на референдум граѓаните да се произнесат дали ја прифаќаат оваа политика, овој Устав, оваа ориентација. Според тоа, не гледам никаков проблем, никаква опасност за дестабилизација на државата ако одиме на демократски избори. Да бидам малку малициозен господинот Арсов, тој што не е тука даде најмногу

аргументи за нови избори и јас тие ги прифаќам. Па, ние перманентно се наоѓаме, една политичка партија во предизборна активност и тоа од почетокот на конституирањето на Парламентот па и ден денес. Се оди с организираат трибина, се дисквалификува претседателот на Републиката, политичкото раководство, неокомунизам, болшевизам и тн. Па, тоа што е ако не е во функција на потребата за нови избори. Еве шанса на нови избори граѓаните да кажат дека тоа раководство е такво и нема да добие таква поддршка, тие луѓе нема да добијат никаква поддршка.

Во овој размирен свет, во цивилизираните земји луѓето со политика се занимаваат 4-5 месеци (предизборната кампања, изборот, конституирањето на Парламентот, изборот на претседателот на државата) и после си ја гледаат работата. Ние овде еве 16 месеци само со политика се занимаваме. На секоја седница политички маркетинг, разни трибини низ Републиката, напади и тн. Тоа ништо друго не е туку заговарање на нови избори. Според тоа мислам дека треба да ги растеретиме граѓаните и да се посветат на проблемите со кои секојдневно се тиштат. Тоа да го направиме што побрзо и таа хипотека од себе да ја симнеме.

Понатаму, уште еден аргумент. Јас навистина да ја преоценувам работата на Владата ниту на поединци од Владата, но Владата е експертска Влада и онака како што често говориме над партиска влада. Имаме еден или двајца министри кои што се декларираа дека припаѓаат на политичка партија, другите не припаѓаат. Јас се прашувам која е политичката смисла на повеќепартиски избори ако Владата и не биде политичка. Еве само една илустрација. Владата донесе макроекономска политика за 1992 година. Владата ја донесе. Таа си е владина, не доби поддршка од Парламентот. Таа Влада и тие членови на Владата не учествуваа на изборите. Кој е тој политички легитимитет на таква програма, на една таква политика. Да не бидам погрешно сватен. Значи, друго е прашањето ако зад Владата стои политичка партија, стои коалиција, тогаш таа програма навистина ќе има специфична тежина, политичка тежина. Ова е отежнителна околност на Владата, не е олеснителна, затоа што е распоредот на снагите во Парламентот што едноставно еве долго време траеше расправата околу тоа како да се направи Влада. Па, се дојде до состојба да не можат едноставно неприродни коалиции да се прават. Од една страна имаме граѓанско-либерална ориентација на една група пратеници или на парламентарни групи, имаме исклучително национална ориентација, 61 глас ниту од едната ниту од другата ориентација не може да се направат во овој Парламент. Според

тоа единствено решение беше да се направи Влада, меѓутоа, експертската Влада јас како ја сфаќам како преодна влада, функцијата и е да подготви, да санира терен, сите акти ги подготви за нови избори и да се оди на нови избори. Ние имаме ситуација да непотребно некогаш ја дискфалификуваме Владата затоа што едноставно за таа Влада нема, не стои ниедна политичка партија во Парламенот, а можеби и навистина предлага, како што покажа искуството, скоро и ретки се документите што ги предлагаше Владата да не поминеа во Парламентот. Се правеше некој политички консензус. Според тоа, мислам таквата позиција тоа е уште еден аргумент повеќе да се определиме како Парламент да одиме на нови избори.

Доколку се определиме за нови избори, тоа никаде не го видовте во иницијативата на пратеничката група дека ние се залагаме за нови избори пред да се донесат сите системски закони и пред да се донесат законите со кои се организираат изборите. Напротив, во точката 1 говориме дека во најкраток можен рок да се донесат сите закони врз основа на кои што ќе се одвиваат изборите па дури и законот за избирачките списоци. Но ние, ако заклучиме само овде дека има потреба од нови избори, не јас утврдиме динамиката до кога ќе ги донесеме сите закони како основ за изборите јас не верувам, барем како преовладува расположението во досегашната дискусија дека ќе можеме да најдеме решение точно изборите да се одвиваат дали на крајот на годинат или на почетокот на идната година. Според тоа предлагам навистина да се гласа онака како што е предлогот. Тука имавме од господинот Рамадани друг комплетен предлог, да се гласа во рок од 6 месеци од денешната седница, а имаше предлог на изборите да се оди до крајот на годината. Би било добро да се искристализираат тие 2-3 предлози и по нив да се определиме.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, пред да почнам со дискусија сакам да кажам ова е лично видување во врска со иницијативата на СДС, но исто така ако во своето излагање употребам термин луѓе и граѓани, народи, мислам на сите граѓани што живеат во оваа земја без оглед на верската и националната припадност.

Јас мислам дека внимателно ја следев седницава и слушнав многу содржајни дискусии, меѓутоа, сакам да кажам нешто што досега не е чуено. Ние некако денеска во своите излагања, пратениците како дел од категоријата избори, потоа оние кои ги предлагаат пратениците и избирачкото тело - народот ги

преставивте само како една  правна творба. Сите како да се создадени од параграфи, членови, членови, но јас сакам да ги видиме луѓето и од онаа страна како луѓе со душа и со разум.

Господа пратеници, јас овој народ и оваа земја ги сакам. Ја сакам од едноставна причина затоа што од нејзе произлегувам и припаѓам на таа држава. Меѓутоа, постои уште една причина зошто го сакам овој народ и оваа земја, а тоа е што со илјади години station наназад на овој народ му се правени ужасни неправди и страшни работи, меѓутоа, овој народ гордо ри достоинствено опстојувал и се надевал на подобри денови. И со право сеуште очекува подобри денови. Сигурно е дека за таквите состојби најголем дел сносат одговорност другите народи кои со своите асимилаторски и поробувачки цели му нанеле таква штета на нашиот народ, меѓутоа, дел од таа одговорност ја гледам и кај самите нас. Како? Земете еден камен кој со векови лежел во вода. Извадете го на сонце веднаш ќе се исуши. Исто така скршете го и здробете го ќе видите дека внатре е сув,  не е доволно напоен. Сметам дека исто така е и со нас. Во минатото се случувале такви работи. Еден човек кој ќе го огрее сонце веднаш се чувствува моќен и силен притоа заборавајќи дека и на најмоќниот му се потребни пријатели. Од друга страна другите што се чувствуваат навредени, здробените и искршените сметаат дека за сите неволји што ги имаат во животот виновни се силните и го мразат тој дел. Човек кој мрази знајте дека не може да донесе правилни расуди, а исто така и крајно е ограничен во својата сопствената злоба и едните  и другите забораваме од која средина припаѓаме и какви обврски  имаме према таа средина, конкретно спрема својот народ. Да  го потврдам само ова со еден пример. Вие се сеќавате овде во каква тешка ситуација и во какви околности работи овој Парламент и со какви тешки маки  доаѓавме до консензус. На пример еден шумски пожар, таму животните што меѓу себе  се уништуваат (волк, лисица, зајак), при заедничката опасност сите бегаат и во тој момент гледаат да се спасат, потоа пак се уништуваат. Тие со својот инстикт го прават, а ние разумни луѓе овде едвај доаѓавме до консензус. Но што да се прави, изгледа глупоста е привилегија само на разумното суштество, човекот. Затоа јас сметам и апелирам до партиските раководства, ако тие во наредните избори или вонредни предложат луѓе кои ке се ослободени од овие предрасуди, јас веднаш сум за такви избори, бидејќи таквите луѓе ќе донесат прогрес и за сите луѓе ќе биде подобро. Бројноста на еден народ не е единствен критериум дали е тој народ голем. Голем народ е оној кој раѓа големи луѓе, но тие големи луѓе треба да се негуваат. Има средини каде што на

таквите луѓе на најцврстиот материјал и на најкоректниот од нив правиме калдрма во кој секој гази и плука и без да видиме каква функција ни нанесува. Имаме луѓе што се од обично тенеќе и со лажен сјај вечно сјаат и секогаш имаат подобро место од ова што има вонредна функција во корист на човештвото.

Исто така има и друга категорија на луѓе кои најдобро се прикажани во една басна кога еден орел бил господар на некои високи планини и на највисокиот врв од планината имал едно место каде што токму само тој можел да зстанува. Секој ден тука застанувал и се одморал. Некој ден токму да застане вчудоневиден видел дека неговото место некој го заземал. Кога видел што е видел полжав и вчудоневиден прашал како доспеал овде. Со ползење рекол тој. Јас мислам дека ако се ослободиме од полжав и од луѓе со лажен сјај Македонија има шанси и го заслужува тоа. Другата страна, избирачкото тело, Народ, кој има среќа своите судбоносни решенија да ги има во сопствени раце тој не може за сите свои идни страдања, маки и проблеми што ќе ги има во иднина не може да обвинува никого. Мора самиот да биде одговорен за тоа, затоа што во негови раце се тие. Ако вака постапиме и вака ги гледаме вонредните избори јас мислам дека ќе ја извршиме задачата. Тоа е мое лично видување.Меѓутоа, ако е тоа само игра на политичките партии,верувајте господа пратеници влогот е многу голем, скапоцен и безсцелен, а тоа е народот.Народот не е должник на никого,затоа што што и да направиш за народот и за својата земја никогаш неможеш да му се одолжиш.

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не би се повикувал во име на народот, само можам да кажам во име на бирачкото тело бидејќи досега имавме една изрека која стално ја користевме и велевме работничката класа, па на неа се и беше потешко, а сега за народот. Сакам да потенцирам неколку моменти кои треба да се имаат предвид за да не се добие претстава дека пратениците од СДС имаат различни мислења иразлично погледи за оваа работа. Конкретно, ниту е вршена пресија ниту е вршен притисок на членовите на СДС преку пслитичката партија. Секој настапува од аспект на свое сознание и од аспект на аргументацијата што е

презентирана и лично јас ја поддржувам како пратеник. Ние забораваме една работа со предизборниот дел. Секој од нас по нешто земал обврска во сопствената програма и во програмата на општините. Веројатно серија на прашања се поставени од тоа што би се случило ако тие програми не бидат реализирани со пратениците. Од тука не да го поставувам прашањето, туку имам безрезервно мислење дека е неопходно потребно да има предвремени избори. Значи, изборите се наметнуваат како императив или во спротивно тие сами по себе ќе си дојдат. Кога го спомнувам тоа сакам да кажам неколку моменти.

Како императив на изборите се наметнуваат три крупни проблеми кои сами по себе ќе го наметнат прашањето на Парламентот во конкретниот случај ја исклучувам Владата затоа што ако сетоа тоа се гледа низ призмата на економската ефикасност, со кој досега работеше Парламентот, а од друга страна ако се земат предвид и системските решенија кои ги донесовме во делот на заокружувањето на економијата.

Трето, социјалниот фактор кој е присутен а не најдовме решенија ни системските рсшенија секако дека го наметнува прашањето овој Парламент и тоа како безрезервно да изгради став и мислење за поддржување на иницијативата на СДС.

Што се однесува во однос на делот на аргументацијата дека ќе дојде до дестабилизација на просторот на РМ се аргументираше тоа, тие аргументи лично за мене не се прифатливи, меѓутоа, јас лично не гледам и не го поставувам во функција на Уставот или дали има некоја друга законска пречка и регулатива Владата ќе постои, Владата ќе функционира, Парламентот ќе постои, Парламентот ќе функционира до нови избори. Не гледам дека е тоа толку тежок аргумент и се поставува пред јавноста и пред граѓанството да се внесат дилемите и полемика околу отворањето на процесот на предвремените избори.

Четврта работа што се потенцираше овде, јас лично своето мислење го кажувам, ако веќе се покренува прашашето а неможе да се постигне политички консензус за формирање нова Влада тогаш не треба да се поставува и прашањето на оваа Влада, затоа што оваа Влада пред извесно време донесе антиинфлациона програма. Ако требаше тогаш Владата да се критикува, требаше основното жариште да биде инфлацијата. Ние знаеме по која основа инфлацијата како беше и увезена а и си ја создадовме. Ако има место да се покренува тоа прашање тогаш има место да

се отвори процесот да се отвореше процесот пред 10 до 15 дена. Оттука мислам дека во конкретниот случај за изборите треба да се постават три прашања и тоа:

1. Како да се постават изборите што некои од нас тоа можеби не го приметуваат во образложението што е дадено, меѓутоа, во него е содржано дека не се размислува и не се поставува проблемот само да биде избор, туку нормално секој избор си има свои подготовки кои треба да бидат во функција на решавање на изборниот систем.

Второ, се поставува прашањето како и на кој начин да се организираат изборите и

Трето, како да се изведат тие избори.

Ако тука имаме различен начин или метод во приодот на решавањето на проблемот, тогаш добро би било Парламентот да даде тежиште на усогласување на тие прашања, а да оценува дали има потреба од избори или не, лично мислам и длабоко сум уверен, а и поддржувам безрезервно дека треба да се донесе една политичка одлука. Во спротивно треба да се бара друго решение што во оваа прилика не би го спомнал.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, по неколкукратни одлагања на оваа седница кој што се случија од најразлични причини, еднаш заради тоа што ја започнавме многу доцна во 22 часот па бевме многу уморни, вториот пат затоа што бевме недела пред Велигден, празникот Цветници а и денес на почетокот на седницата имавме обиди некој процедурални прашања , господинот Стојле Стојков за реплики на мои дискусии и наев дека ќе се јави , значи во поќе наврати ја одлагавме седницата и конечно дојде таа седница, чувме низа аргументи за и против самата иницијатива, Инисијативата за одржување на предвремени избори. Мислам дека малкумина од дискутантите ако не се лажам господинот Петре Георгиев околу тоа се задржа во својата дискусија, се задржа на оние аргументи кои што ние ги наведуваме во образлагањето на иницијативата за предвремени избори.

Таму всушност има две тежишта, две групи на аргументи што ние ги употребуваме за да докажеме и укажеме на потребата за одржување на предвремени избори. Едната група на аргументи поаѓа од промената на општествениот амбиент во

Република Македонија по донесувањето на новиот Устав како највисок државно правен акт. Само да се потсетиме овој Парламент својата работа ја започна како Парламент на федерална единица во состав на СФРЈ. Сега овој Парламент по Уставот на една самостојна суверена сега засега нецелосно меѓународно призната држава, меѓутоа тој процес на меѓународно признавање тече. Тоа внесе измени во општественото уредуваше за кое што можеме да кажеме дека не се нијанси туку напротив се работи за радикални промени на општествено политичкиот систем во кој што живееме. Тоа се разбира ги доведе и сите носители на власта во една сосема нова уставна положба, положба која што им даде ингеренции во голема мера различни од оние кој што произлегуваа од Уставот кој што претходно постоеше.

Во образлагањето од страна на пратеникот Јордан Бошков зошто смета дека не е добро да се одржи седница на Парламентот во периодот недела дена пред Велигден меѓу другото кажа дека е недела со исклучителна важност од аспект на православието и не е упатно да биде недела во која ќе се водат расправи, караници, дискусии и меѓусебни навреди. Кога ја дававме оваа иницијатива воопшто немавме намера по повод таа иницијатива со било кого во овој Парламент да се расправаме, караме или навредуваме, ниту сметаме дека во образложението на иницијативата има место или простор било кој од пратениците или од парламентарните групи да се почувствува погоден, прозван или навреден. Затоа одржавме и една конференција за печат каде што рековме дека ние по повод оваа иницијатива немаме намера со никого да се караме, со никого да се расправаме и ако има некакви тенденции во тој правец од останатите парламентарни групи партнер за таа работа ќе треба да бараат на друго место а не ка Социјал демократскио сојуз на Македонија. Денес и пратениците на нашата партија се однесуваа во тој правец.

Втората група на прашања е групата која што никој од дискутантите кој што учествуваа во денешната расправа не ја засегна или ако ја засегна го направи тоа на заобиколен начин. Се работи за одговор на следното прашаше. Дали ние сметаме дека во Република Македонија имаме ефикасна структура на власт. Значи власт која што е способна и спремна да се соочи на ефикасен начин и успешно со сите проблеми кои што стојат пред нас како држава. Кога велам ефикасна структура на власт мислам и на Парламентот, мислам и на Владата како законодавна и како извршна власт. Кога говоревме за тоа воглавно најголем број од дискутантите им беше многу лесно да говорат за сите недостатоци на постоечката Влада со кој јас се согласувам и веројатно кога би давал оценка за работата на Владата би бил можеби многу

построг и би изнесол некои потешки оценки од некои кои што беа претходно овде кажани. Меѓутоа кога ќе се говореше за работата на овој Парламент мислам дека не бевме до крај искрени и пред себе себеси, а ни пред македонската јавност. Го поставувам гласно прашањето дали ние мислиме дека ние да ја оставиме за момент Владата на страна дали ние како Парламент работиме ефикасно? Дали ова година и 4 месеци што стојат зад нас ни даваат за право да помислиме дека сме спремни како Парламент на доволно ниво да одговориме на сите проблеми со кои што се соочува ова македонско општество и овој народ кој што живее овде. Ние можеме да бидеме самобендизани, можеме да мислиме дека нема поумни и попаметни луѓе во Македонија од нас, тука апсолутно не се работи на партиска припадност, за парламентарни групи, говорам општо како Парламент за сите пратеници подеднакво, дали мислиме дека доволно се докажавме самите на себеси и на целата јавност дека вакви какви што сме овој состав сме спремни и способни да се носиме со сите проблеми со кои што се соочува оваа држава. Само да се потсетиме на сите оние одлагања на седници, да се потсетиме на сите оние напуштања на сендници, да се потсетиме на сите оние долги утврдувања на дневни редови, да се потсетиме на сите оние тешки меѓупартиски битки во кои што учествуваше и мојата партија се разбира не ја исклучувам и неа, да се потсетиме само на оние трули и јалови компромиси кој што ги правевме помеѓу себе само да се дојде до потребен број на мнозински гласови во овој Парламент да се донесе каква таква одлука, не дали е тоа најдобрата одлука, туку одлука која ќе има доволно гласови за да помине итн. Сите бевме сведоци на таа работа и не само сведоци туку и учесници во таа работа е прашањето само дали ке бидеме доволно искрени да го признаеме тоа пред себеси и пред македонската јавност. Се разбира, тука има објективни околности, а изборите кои што беа организирани дадоа резултати какви такви што ги дадоа, ниту една од партиите ниту коалиција на некој од партиите беше во можност да оствари мнозинство кој ќе и дадеше можност да формира своја влада и да дојдеме до нешто што е нормално во повеќе партискиот систем и без што нб; смисол поќе партискиот систем. Повекепартискиот систем нема смисол ако не се знае јасно која е позиција а која е опозиција, кој е носител на одговорноста за состојбите во Републиката, во општеството, во државата преку начинот што ја има власта, а кој нуди алтернативни решенија.

Ние дојдовме во ситуација во која сите, буквално сите во овој Парламент се прогласуваме за опозиција. Нема ниеден овде што ќе каже јас стојам зад оваа Влада, сите сме во однос на таа Влада опозицicија. Тогаш неможеме да очекуваме

дека ќе имаме ефикасна власт или дајте ми еден таков пример ширум светот и таа парламентарна демократија каде што такво нешто функционира. И сега место да говориме за тие работи ние говоревме за некои други работи, говоревме за слабостите на Владата, кој што се евидентни, меѓутоа и овој Парламентот кумуваше за тоа што имаме таква Влада и затоа што таа Влада така работи. Беа давани оценки дека ние како предлагачи сме се воделе од тоа дека ја покренуваме таа иницијатива во моментот кога оценуваме дека имаме највисок рејтинг и најголеми шанси за успех на тие избори. Ние такви анализи немаме направено, мегутоа доколку вашите проценки така говорат јас би им се заблагодарил на комплиментот.

Беше кажано дека Социјал демократскиот сојуз и коалицијата што тој ја држи всушност сеуште ја држи власта, тоа го кажаа неколку дискутанти. Дека се држи контрола на средствата за информирање. Ако е тоа точно како што велите, тогаш немате поубав начин да го разрешите тој проблем освен одење на нови избори. Ако е тоа точно тогаш се поставува едно логично прашање. Зошто тогаш кога ние би ја имале власта би покренувале прашање за предвремени избори и зошто вие кои мислите дека сте единствената права опозиција бегате од нови избори (реакција во салата).

Многу од аргументите кои што беа изнесувани во дискусиите па ако сакате и целата оваа расправа што денес ја следевме е можеби надобриот доказ дека на овој Парламент му е потребно одење на проверка пред народот. Во една прилика некои луѓе ми рекоа дека е добро од секоја седница цо Парламентот по еден од пратениците да отсуствува и да ја гледа седницата на телевизија, тогаш ќе сватите колку сте понекогаш смешни, така ми беше речено. Мислам дека можеби луѓето кои што ја следат нашата работа од надвор многу покритички ја согледуваат и ги согледуваат нашите слабости.

Периодот во кој што живееме не соочува како Парламент со извонредно сериозни задачи. Одлуките кои ги донесуваме се со судбоносно значење или ако сакате попросто речено овој Парламент и оваа Влада одлучуваат за судбината на овој народ, тогаш и тој народ, има право да одлучува за судбината на оваа Влада, а тоа може единствено да се направи преку избори. Се разбира, некој можеби мисли дека може и поинаку да се направи, некој можеби мисли дека тоа може да се направи со митинзи, со изнудување на оставки, со покренување на интерпелации, со упаѓање во згради, во објекти итн. некој можеби така мисли дека може да се промени односот на

политичките сили во оваа Република, меѓутоа единствен демократски парламентарен верифициран начин за промена на односот на политичките сили, нешто што се признава на секаде каде што владее парламентарната демократија тоа се изборите.

Во овој Парламент често пати многумина од нас си го земаат правото да говорат во името на народот, меѓутоа очигледно е дека тогаш кога сме ставени во ситуација да бираме помеѓу интересите на тој народ и помеѓу нашите пратенички плати се прашуваме дали вреди толку тој народ. Ние уште кога ја покренувавме иницијативата за предвремени избори знаевме дека ќе биде многу тешко да помине таа иницијатива, нас ни беше јасно дека многу полесно ќе помине една иницијатива со поинаков текст на пример мандатот на пратениците да стане доживотен. (реакција во салата)

Овде се поставуваше прашањето колкава била цената на новите избори? Поставувам прашање, колкава е цената на неефикасното работење на овој Парламент? Пред малку неколку дискутанти по тоа говореа, колку кошта ова наше неефикасно работење, работа која што може да се заврши за десет пати покусо време на еден поефективен начин, сето ова денгубење што ние го правиме овде.

Еден од главните аргументи против иницијативата иако никој буквално не се изјасни против иницијативата, напротив секој од дискутантите првата реченица му беше дека е за предвремени избори меѓутоа секогаш подоцна следеше или ама или меѓутоа, па ќе се поставеа низа додатни услови или предуслови кој што ако сите ги исполниме ние не ќе можеме да организираме избори ниту на крајот на нашиот редовен мандат.

Меѓу другото беше споменувано донесувањето на системските закони како обврска на овој Парламент. Па видете ние имаме уставен закон кој што предвидува во рок од 6 месеци по донесувањето на Уставо а тој рок завршува по 5 дена на 17 мај, ние треба во тој рок да ги донесеме системските закони. Ние веднаш по оваа седница започнуваме со друга седница 38-та седница на која што голем дел на тие системски закони веќе се на дневен ред, и ние ќе ги разгледуваме, тие се во постапка. Изборите во септември не ни ги врзуваат рацете до јули месец да работиме на системски закони, на законот за државјанство на сите оние закони за кои што веќе стана збор., за кои што и онака бевме со рок врзани да ги направиме до 17 мај.

Овде беа искажани и некои други работи од типот надворешни сили се смешани итн. тоа се стари тези кој што се

спомнуваат често пати и нив нема да ги коментирам. Оставам на јавноста да пресуди за нив.

Беше интересна дискусија покрената од пратеникот Томе Стојановски околу тоа дека доколку не се исчека годината односно една година после донесувањето на законот за државјанство кој што ќе овозможи јасно да се воочи и исполни целата процедура околу стекнување на државјанство може да ни случи да добиеме кандидат за претседател на Република или за пратеник бидејќи истото важи и за пратеник, само државјани на Република Македонија можат да бидат кандидати за пратеници во Парламентот, кој што не е државјанин на Република Македонија. Тоа беше од прилика вашата теза. Ние во овој момент сеуште не го имаме донесено тој закон и сега го поставувам прашањето на која држава е државјанин во овој момент господинот Томе Стојановски. Може да се постави прашањето,сега додека не го донесеме законот на која држава сме сите ние државјани и дали е баш така, а јас не верувам дека господинот Томе Стојановски не знае дека и досега постоеше процедура за државјанство според кое ние сме  со таа процедура и со таа законска регулатива државјани на Република Македонија.

На крајот бидејќи очекував дека ќе се јави господинот Стоиле Стојков за реплика како што е вообичаено после сите мои јавувања, меѓутоа јас би замолил доколку е можно послем него и уште некој ако чувствува потреба сепак да ја прекинеме оваа долга дебата каде што постојано се повторуваат истите аргументи и предлагам  на крајот на краиштата  овој предлог да го ставиме на гласање и да се види сме ли ние за нови избори или не сме, и да не правиме од тоа никакви драми како што беше овде спомнато. Ова е еден предлог, една иницијатива како многу иницијативи што сме имале во овој Парламент, крајот мора да биде тој за тој предлог да се гласа и или ќе помине тој предлог или нема да помине, не чека и останата работа, не чека и 38-та седница.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас веднаш да кажам незнам зошто господинот Бранко Црвенковски добил толкав уплав меѓутоа јас се јавив нормално за збор воопшто нема да реплицирам, имам право како пратеник како секој од вас што има право за збор и јас се јавив оценувајќи дека е сега моментот да се јавам. Вклучувајќи се во расправата по предложената точка од дневниот ред за распишување на предвремени избори веднаш на почетокот ќе кажам дека сум за нови избори, но читајќи го образложението на предлагачот неможам да се оттргнам од впечатокот дека

поголемиот дел од пратениците СДСМ се шокирани од содржината на тоа образложение. За што се работу да се тврди дека ова Собрание не е повеќе легално од донесувањето на новиот устав, дека ниту претседателот од тој датум па наваму нема легитимитет е или дилетантизам или пак смислена провокација на непријателите на македонската независност и сувереност.

Околу признавањето на независноста на Република Македонија од страна на Европската заедница и САД е иницирано да се преговара со Република Грција за спорните прашања. Токму овој Парламент кој се нарекува нелегитимен би можел да донесе за месец два и тн. одлуки во таа насока, се разбира промената на името не доаѓа во предвид и за тоа мислам дека во овој Парламент постои консензус.

Уривањето на сегашниот претседател на Републиката господин Киро Глигоров со прогласување наводно како што стои во образложението на СДСМ дека тој е нелегитимен и дека е нелегален претседател на оваа парче сеуште меѓународно не признаена македонска земја која е Република Македонија според мене е опасност, инсинуација, па дури и национално и државно предавство со цел да се дестабилизира државата или евентуално приклони или пак подели од соседите, за кое што има и такви опции кои како и во минатото и сега се заинтересирани за приграбување и поделба. Демократските критики упатени кон претседателот како предлагач на таканаречената експертска Влада која се покажа досега крајно непродуктивна отсега ќе видиме каков успех ќе има со антиинфлационата програма и долго очекуваното, но сепак остварено монетарно осамостојување, таквите критики наидоа, затоа бевме сведоци, на ставање во погон на одбранбен механизам воспоставен уште во комунизмот а кој се уште функционира. Со истите начела и паролата Сите во одбра на и заштита, почнувајќи од неокомунистичките партии на кои само фасадата им е обновена со пребојадисување, средствата за јавно информирање од кои можете да слушнете како на правата програма на радиото наутро во 5,45 минути во емисијата Деновиве пред години и такви бисери каде се слави Комунистичката партија на Југославија се уште и ден денес и тоа и вчера го слушав и слични начертанија, слично ќе најдете и во Нова Македонија, Телевизијата и тн. Во истите средства се сатанизира и деградира сешто не е комунистичко. Во исто време опозиционите средства за јавно информирање полека со нечија помош згаснаа. Бевме сведоци дека елитата на Сојузот на борците, не прашувајќи ги своите обични членови во таа пригода се јави како дел од системот, се јавија дури и месните заедници, т.е. нивните раководства. Јас се сложувам да има одбрана и заштита, меѓутоа, на демократијата

а не на комунизмот. Факт е дека оваа Влада која е продукт на односот на силите во ова Собрание и наводно неможноста партиите да се договорат е предложено претседателот на Републиката, па дел од нејзината досегашна одговорност за економскиот колапс итн, велам дел, затоа што и таа Влада можеби не е докрај крива за тој економски колапс зашто сме свесни во какви услови се стопанисува и се поголемото осиромашување на граѓаните, не негирајќи ја тука и блокадата од север и југ итн.сноси и претседателот и нормално е дека како во;сите парламентарни демократии да му се упатува и критика. Затоа што според мене може да се реагира навреме со промена или пак реконструкција на оваа Влада. Но, претседателот да се третира како нелегален и нелигитимен е нонсенс. А тоа сведоци сме во вашето образложение и стои дека е нелигитимен и нелегален.

После донесувањето на антиинфлационата програма и воведувањето на македонска парична единица мислам дека оваа Влада која сите ја напаѓавме и се уште ја напаѓаме е на пат да ја стекне довербата и на Собранието и на граѓаните што значи дека после три или четири месеци, можеби сите ќе ја посвојуваме нема да се однесуваме како денеска што сите ја негираме и тн. Но, дај боже да биде така за доброто и за сите нас и за доброто на народот. Незнам кој е тој сега во вакви услови кој би ја презел одговорноста пред господ и пред народот да им ја руши искрата надеж на граѓаните, па тука нешто би напомнал и околу тоа кој е тоа позиција, а кој е на позиција во ова Собрание, затоа што се импутираа. Па, јас тука би потсетил на последното гласање кога се избираат три нови министри тоа беа министерот на полицијата. сега, за внатрешни работи, министерот за одбрана и министерот за образование сите видоа тука и вие сте свесни дека од ВМРО-ДПМНЕ дека ни еден пратеник не гласаше за избор на тие министри. Меѓутоа поминаа со 61 глас што е минимум, 62, 63 и тн. Тоа се факти. Но, да повторам предвремени избори да, но прашање е кога. Како што напомна тука еден господин пратеник сите сме за меѓутоа кога. Во тоа е суштината господа пратеници. Кога? Ние како пратеници можеме да донесеме одлука дека денес по оваа расправа го напуштаме парламентот, затоа што така не обврзува и Уставот. Таму децидно стои ако сакаме да одиме на избори денеска го распуштаме Парламентот и ќе одиме на избори. Дали е тоа во интерес на Македонија? Тро е прашањето. Јас овде го слушнав во првото свое изјаснување претстав-никот на предлагачот кажа дека новите избори ги бара народот. Ќе ве молам: до вчера борба водеме околу тоа кој е тој претставник на народот дека никој нема право да си го посвојува итн, но пошто тука и еднаш се кажа како во најдобрите времиња на комунизмот

сите, т.е. таа партија која што беше на власт сето тоа го правеше во име на работните луѓе работничката класа и што уште не. Изгледа дека во таа навика се уште не е одвикната. Мислам дека некој господа или другари незнам како да ги наречам сеуште ги третираат тие работници кои денес сме свесни се во многу економска и социјална тешка положба ги третираат како полуписмени и тн. Јас ве уверувам дека меѓу тие работници имате многу паметни луѓе и далеку попаметни од самобендисаните. Тука би ги наброил земјоделците, трговците, здравствените работници и тн. Денес тие луѓе господа, пред се, најмногу ги интересира мирот, прехранувањето на своите фамилии и пред се меѓународна правда за признавање на независноста на Република Македонија, на нашата татковина. Затоа што таа меѓународна правда со извештајот на Бадинтеровата комисија на некој начин мислевме дека ја добивме но за жал не било така. Ме заинтригира и една реченица од образложението во иницијативата и ја цитирам: "Во исто време преземањето на надлежностите и функциите на суверената држава оди бавно без концепт или со премногу страв, при што истата  сеуште не е заоркужена. Господа предлагачи, оваа реченица да ја слушнев или да ја прочитав од некој пратеници од мојата партија се ќе беше во ред. Но, вака ми изгледа лицемерна и мислам дека е чист плагијат. Кој е тој што уште го кочи и го кочеше досега заокружувањето на независноста со недонесување на тие надлежности и функции,,т.е. со недонесување или доцнење на донесување на така наречените системски закони, со доцнење на донесување на сосптвена валута, која ја донесовме, а за тоа сме сите свесни пред три и повеќе месеци како што некој се залагаше дали ќе имавме таква хиперинфлација. Но, тоа сепак на некој начин таа валута ја донесовме. Господа, можеби не ви се допаѓа па затоа велите доста, јас знам дека господине вие од Странката на Југословените бевте први што предложивте нови избори. Но мислите дека граѓаните не паметат. Граѓаните паметат и тоа многу добро. Значи владеачката партија реши да распише предвремени избори како што се рече не е донесен Законот, за државјанство па може да се случи наместо еден и пол милион гласачи да имаме два милиони гласачи. Господата од албанското национално малцинство како што беше и претходното гласање со лични карта по две по три со доказ за државјанство, со пасоши извадени од СФРЈ бившата и тн. па тоа може да се искористи. Но, што е и со другите услови за изборите, тие избори да бидат навистина демократски и во еден меѓупартиски натпреварувачки дух. Што е со имотот на бившата комунистичка партија, социјалистичкиот сојуз и тн, иако ова беше кажано, јас уште еднаш ке го потенцирам кои со соопштенија наводно и го подарија на македонската држава каква велокодушност. И на граѓаните на

таа држава, а од кој имот сеуште добиваат рента и тоа девизна, издавајќи го под ќирија, иако како што се знае воопшто не нивни. Но, господата се галантни, нарочно преку маркетиншки соопштенија. Во ред, тие така мислат дека треба.

Што е со средствата за јавно информирање и нивната трансформација во стварно независни или пак истите коментатори како што во последно време пишуваат коментари на два месеца, а земаат добра плата, ќе се стават во погони, ќе фрлаат со дрва и камења по одредени партии како што тоа го правеја пред и за време на претходните избори. Додека владеачката партија полтронски ќе ја глорифицираат, надевајќи се на добра награда безмалку можеби и амбасадорско место во некоја држава што ќе не признае. Што е со одредени монополски и обични претпријатија, т.е. со нивните раководни луѓе кои сега изгледа станаа и газди. Дали тие луѓе земајќи од вработените пак како и пред првите избори ќе им дадат огромни суми пари на партиите од владеачкиот блок кои за да не се случи тоа ќе го контролираат. Каков механизам ќе се воспостави. Тоа треба ова собрание да одлучи еднакви појдовни услови за сите партии без разлика на нивната, а големина. Тоа мислам дека го бараат и вонпарламентарните партии, еднакви услови за сите партии. Значи, треба да се донесе и Законска за трансформација на таканаречениот општествен капитал. Впрочем на тоа се обврзавме со членот 7 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, се разбира, согласно македонските специфичности, и мислам дека околу тоа нешто се почна. Меѓутоа, се е во почетна форма. Јас знам дека досегашната трансформација на тој општествен капитал се изведуваше по основа на два закони сојузни закон на господинот Анте Марковиќ за кој патем кажано и господинот претседател на Партијата предлагач овде од оваа говорница пред некаде 7-8 месеци а можеби и повеќе се изјасни дека е неприфатлив. Можеби сега го сменил мислењето, но тоа не е ништо чудно ако се знае дека повеќето неспособни директори се поставени од бившиот централен комитет на нивната партија. Јас овде би го спомнал и Министерството за внатрешни работи, иако тоа министерство доживува трансформација, сеуште се чуствува дека професионалноста и департизацијата не е докрај спроведена. Така ни се случи од одредени центри на моќ во општините, во претпријатијата, припадниците на Министерството кои се за свои цели, тука ги исклучувам обичните полицајци кои свесни за тешката економска состојба во која се наоѓа Република Македонија ги извршуваат наредбите на претпоставените, знаејќи дека со одбивање ги загрозуваат своите деца и своите семејства. Такви и случаи на пречекорување на овалстување ги имавме,

Радовиш, Куклиш, но тоа се заташкува, значи познатата мудрост на комунизмот на оладени глави и постепена заборавност се применува сеуште. Каде се инструментите на демократската и правната држава. Без такви инструменти нема прави, демократски повеќе партиски парламенмтарни избори. Јас не барам анархија, меѓутоа уставот и законите ги третираат сите граѓани подеднакво. Кој ќе гарантира за тоа. Ние овде донесовме една декларација за заштита на децата од политичка манипулација и тоа предлагач беше истата партија која денес е иницјатор на овој предлог на распишување на предвремени избори. Меѓутоа што се случува? Појдете во основните и средните училишта и на зидовите од ходниците и училниците ќе ја дознаете историјата на комунистичкото движење, а посебно историјата на комунистичката партија на Југославија. Сликите на Маркс, Енгелс, Ленин и Тито и тн. со строг поглед ги гледаат децата и ги деполитизираат. Поедини наставници кои размислуваат поинаку се шиканираат им се прети дека ќе бидат избркани од работа, се омаловажуваат, а знаеме дека изборите се одржуваат во повеќето основни училишта значи бесплатна пропаганда на денот на изборите. Партиите кои ги продолжуваат традициите на комунистичката партија ќе имаат. И уште ако во комисиите седат активсти на КПМ кои се членови на тие комисии изборни повеќе од 10, 15 или некој дури и 20 години, е тука навистина ќе имаме тајни и непристрасни избори. Доказ за деполитизираноста на повекето од овие училишта е револтот од едно основно училиште по повод одложувањето на оваа седница за божиќните празници кои ги спомна и господинот претседател на партијата предлагач што на телевизијата во третиот дневник го видовме основното училиште реагира затоа што седницата е одложена. Замислете каква деполитизација и департизација. Што е со новиот изборен закон за избор на пратеници, одборници, за избор на претседател на Републиката, каков изборен систем. Нели тука се договоривме или пак ќе ни биде наметнато што да кажеме повеќето партии во Македонија нема да го прифатат. Како партиите ќе партиципираат во изборите комисии. Или се мисли да се оди на предвремени избори со сегашниве еднопартиски изборни комисии. Кој ќе гарантира дека сите партии ќе бидат еднакво третирани во средствата за јавно информирање при непостоење на опозицион и независни медиуми. Неможе да се оди на избори кога третиот канал на Македонската телевизија ни пропагира тоа верувам дека и повеќето од вас го гледаа, дека Вуковар е ослободен од усташите, а четниците се ослободители. Сето тоа го слушнавме од млади луѓе со измиени мозоци би рекол, не се тие криви, меѓутоа мозоците им се измиени и тоа офицери. Дали тоа некој не турка кон скратена Југославија или сега Сојузна Република Југославија а фактички Србославија. Сполајти Господе и одбранине од самите нас. Дали и

овој предлог на поедини пратеници од СДС не не води кон поедини опции од декларираната независност и сувереност. Предвремени избори да, избрзани и по рокот неоптимални избори, господа не. Во парламентарните системи Владата никогаш не се прашува дали е или не е за предвремени избори. Таа е политичка одлука на партиите претставени во Парламентот. Заклучоци од типот ќе одиме на предвремени избори со фиксен датум пред да биде Македонија меѓународно призната за мене е национално предавство. Знам дека некој од пратениците ќе сакаат да реплицираат на оваа моја констатација, импутирајќи дека се плашам да одам во нови избори, дека имам добра плата, како што рече некој од пратениците, сто илјади динари ако е добра плата во ред е, можеби некој зема и 30 има и 20 има и такви луѓе, меѓутоа ние сме тука што треба и Владата заедно со Владата на некој начин оваа македонска држава и овој македонски народ и граѓаните на Република Македонија да ги извадиме од тој економски колапс. Да кажам дека јас не би дозволил во Македонија да се создаде хаос и безвластие како би можело да се оствари идејата Македонија да потпадне како интересна сфера на влијание на Сојузна Република Југославија или крајно уште еднаш како Вардарска Бановина, иако вашиот бивш претседател кажа дека никогаш повеќе Македонија нема да биде Вардарска Бановина. Меѓутоа и такви опции има господа пратеници. Или уште и полошо ова парче што ни остана од македонска земја повторно да биде поделено меѓу соседите, како во 1912 и 1913 година. Историјата се повторува. Јас мислам со ваквите опции би се задоволиле барањата на Република Грција и на Европската заедница, како би можела таа за тоа свесни сме сака да не признае,не не признава. Меѓутоа, најлесно се излегува од замка ако Македонија се приклони кон Сојузна Република Југославија, или пак не дај Боже, верувам дека тоа нема да се случи, но постојат и такви опции Македонија да се подели. Тоа за Европа би било најдобро решение, безболно решение, ќе се извади од замката што ви ја постави Република Грција и од обврската после Мастрикс, зашто таму се договорија да имаат консензус. Затоа, мислам дека предлогот за поединечно да се гласа е само еден маркетиншки маневар на кој господата пратеници имаат право.

Јас мислам дека ако Република Македонија биде меѓународно призната, овој Парламент може уште наредниот ден да го распушти Парламентот и согласно Уставот да закаже нови избори. Тоа право никој не ни го одзема. И мислам дека тоа може би ќе се случи.

Во опциите за анулирање на Република Македонија од

политичката карта на Европа и светот, еден од привите пратеници кој кажа ако одиме сега на избори, Македонија не може да се дестабилизира итн., ако се распушти овој Парламент, ако се инпутира дека претседателот на Република Македонија е нелегален, тогаш сите договори од донесувањето на Уставот па наваму што ги направи претседателот сите договори и сите разговори што ги направи Владата на Република Македонија, претседателот на Собранието, одредени комисии во Собранието испаѓаат според оваа ваша иницијатива дека се нелегални и нелегитимни. Ќе ве замолам, мегутоа, такви работи навистина ми се непримерни.

По однос на Иницијативата ако денес се изјасниме овде позитивно дека сакаме да одиме на предвремени избори, тогаш уште денес овој Парламент се распушта со 61 глас и во рок од 3 месеци се оди на ибзори. Инаку, за да остане овој Парламент, а да одиме на избори, а да одиме понатаму да работи овој Парламент за мене е антиуставно. Господа пратеници, имајќи го сето ова предвид, повелете гласајте, меѓутоа имајте ја на ум Македонија, Македонскиот народ, граѓаните. Опцијата е само независна и суверена Македонија во овие услови. Затоа и овој Парламент се одлучи никако во скратена Југославија, само независна и суверена Македонија. Случување на народот како што некој тука ни инпутира дека ќе се случи народот, мислам дека е веќе видена работа во таканаречените јогурт револуции, знаеме господата од Север се многу вешти и итри во правеше на таканаречените јогурт револуции. Но верувам дека македонскиот народ е зрел и дека нема да наседне на тавки инсинуации.

Барањето за измена на Уставниот закон само ја потврдува мојата констатација изречена од оваа говорница во смисла иако толку се фалевме дека устав се донесува еднаш за многу години, сето си останува. По старо,се врши манипулација, се пробиваат роковите за донесување на системкисте закони и потоа во еден цајтнот ќе ни бидат наметнати одредени решенија за кои после извесно време ќе заклучиме дека се со недостатоци. Мислам дека ова е веќе видено. Затоа кажуваме, вред, до 20 мај ќе ги донесеме сите системски закони , што не верувам. Не знам, јас не сум шнајдер, ножички немам (упатени зборови до некој од пратениците).

Ке речам уште еднаш, предвремени избори да, но кога, пак ке повторам, тогаш кога Македонија ке биде меѓународно призната ако народот не не сака повеќе, ќе си одиме, ќе дојдат други поспособни како што кажа некој, може би луѓе покреативни,

подемократи, но за нив одлучуваат избирачите. Тоа е право на избирачите.

Јас сметам дека голем дел од оваа моја дискусија беше искажан, но што да правиме, некогаш ќе се повторуваме.

Јас овде од говорницата слушнав едн а реплика на говорит на г-динот Љупчо Георгиевски и тоа од еден пратеник, заговори кои се искажани пред 6 месеци и мислам дека тој пратеник е компетентен и доволно политички потткован и наобразован што му требаат повеке од 6 месеци за да смисли што да му одговори на претседателот на ВМРО ДПМНЕ. В ред, тоа е неговата поткованост. Па затоа не ме чуди зошто г-динот Љупчо Поповски на партијата на која и припаѓа на овие 45 години, таа иста партија со својата компетентност, образованост, поткованост итн. не доведе до ова што сме денес. Храброста да се напаѓаат луѓе кои не се присутни и не може да реплицираат одговора на мојата констатација за стручно согледаната "обмислена иницијатива" за предвремени избори согласно на капацитетите со кои умствено располага СДС. Да тврди некој дека претседателот г-динот Киро Глигоров, кој ни е сега претседател и кој сите велиме дека многу го цениме, дека со 100 проценти ќе биде избран на новите избори за претседател е тврдење кое нема демократска поткрепа. Во демократските земји ова се карактеризира само на еден можен начин, затоа што правите демократски избори не се предвидливи 100 процентно туку само приближно Владата во тие демократски земји е менлива и завоси од односот на силите во Парламентот.

Во оваа Иницијатива стои дека јас овде слушнав овој Паралмент е неспособен, нелегитимен итн., па овде читам во Иницијативата која ја потпишале г-дин Ханџиски Благој, Алил Џаферовски, Душан Николовски, Туше Гошев, Љубомир Поповски, Тито Петковски, Бранко Црвенковски-ако овие господа како овде што тврдат се чувствуваат неспособни и нелегитимни нека си поднесат оставка, на тоа имаат право, па мислам дека избирачите нормално ке си изберат нови пратеници, но нека не ја рушат оваа сеуште непризнаета Македонска држава.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Прво, од многу учесници во расправата беше кажано едно мислење дека ако денес донесеме одлука за распишување на нови избори на 20 септември, дека денес се распушта Парламентот. Сакам да одговорам дека сосема децидно е кажано во

Законот дека Парламентот се распушта точно 60 дена пред денот од кој што се распишани изборите. Тоа значи ако се донесе одлука изборите да се распишат на 20 септември, Парламентот треба да се распушти на 20 јули, што е време во кое што и онака ќе се распушти.

Денес беа кажани многу паметни работи во расправата, беа кажани многу убави аргументирани работи, но беа кажани и многу грди работи. Една од најгрубите и најприземните сигурно е повторно искажаната недоверба во народот, дека Македонскиот народ политички е толку неписмен, ако му се даде можноста да оди на избори, дека ќе направи таква грешка, ќе им даде доверба на тие што ке ја предадат младата Македонска држава. Може се да се каже од говорницата и за се може да дискутираме, се што ќе се каже може да држи помалку или повеке вода, меѓутоа, ви се молам немојте претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров да го браните од нас. Впрочем, немојте да го браните од никого, на неговото чело се напишани толку светли дела што не му е потребно да го браниме ние, тие самите ќе го одбранат. Благодарам, од таа одбрана од нас ми заличува на шалата што е актуелизирана во последно време - "Тате, те молам доста ме бранеше".

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Околу инсимулациите околу предавството, тука сме, нема каде да одиме, ќе се видиме. (во салата настана смеа).

Сакам уште еднаш да дополнам како аргументација на оние ставови што сосема искрено како човек ги изложив во своето прво јавуваше. Кога јас зборувам за предвремени избори, зборувам за симптомите на запирање на демократските процеси во Република Македонија, што се за мене лично, но и за партијата која што ја водам најголем проблем, од што најповеќе стравуваме. Ние точно разграничуваме што значи процесот за меѓународно признавање од она што значи внатрешна консолидација на Република Македонија и од приоритетите при тоа. Мислам дека и на оние кои не се занимаваат со политика им е јасно дека процесот на признавањето најверојатно ке потрае и тој не ја загрозува дефакто сувереноста и самостојност на Република Македонија. Доколку постојат обратни тврдења, тогаш тие можеме да ги сврстиме во онаа категорија за што овде паушално стоеше во воздух обвинување на предавство.

Кога зборуваме токму и заради процесот е важно таа иста Европа и меѓународната јавност да почувствуваат кон што се стреми Република Македонија во својот развој. Демократските избори, впрочем како и кај соседите што беа изнудени, подобро е ние сама да донесеме таква одлука, одколку однадвор да ни ги изнудуваат ќе покажат дека Македонија со право претендира да влезе во поши-роката демократска заедница на европските држави. Но таа како механизам, процедура, значи предвремени избори, е исто така потребна и заради внатрешната политика и суштински е поврзана со егзистирањето на овој Парламент. Граѓаните видоа, а и ние сами ако сме искрени ке си признаеме секој во себе или сеедено меѓу себе дека на пазарот на интереси, кој што го створивме овде во Македонксиот парламент, во лошо водење трговија со некои политички субјекти Мкаедонија изгуби витални национални интереси во овој Парламент. Кого ќе го обвинуваме за тоа? Со какво морално право бараме сигурен мандат од 4 години? Изборите се природна можност во стекната политичка зрелост на граѓаните на Македонија да се создаде сосема денмкратска можност повторно би рекол на Македонската политичка сцена да дојдат нови и способни луѓе кои ке можат да се соочат со реалноста и проблемите на Република Македонија.

Јас би ги прашал моите драги пријатели кои толку сомне-вање спрема мене искажаа, дека нели токму ние партиите со нацио-налнсот нагласеност се повикуваме на довербата на граѓаните, нели е тоа нашата сила? Па од што се плашите, што ве мачи? Граѓаните имаат право во објективно изменети услови сами да одлучуваат за својата политичка иднина. Ние не можеме да им го ускратиме тоа право. Но би проширил нешто што би требало и да ве замисли, токму тие што се повикуваат на такви констатации како што беа изречени во врска со средствата за информирање, во врска со монополите, во врска со сомневањето со трансформацијата на системот итн., дали не е подобро тоа навреме да го спречиме и во изнудени дури избори, а не како иницијатива на друга партија да се обидеме да ја изменеме таа политичка ситуација во Република Македонија. Факт е дека постојано се оддалечуваме од граѓанското општество за кое што се деклариравме. Луѓето кои што се во власта, со мали исклучоци, не можат да се надраснат во своите убедувањеа што ги носат со себе. Ние во предвремени избори ке им помогнеме на мирен цивилзациски "начин" да се замени власта во Република Македонија навреме и тоа да биде прифатено и во Европа. Затоа што Владата во крајна линија не е виновна што со своите мерки враќа на државен социјализам. Бидејки не може на друг начин да реагираме, јас реков со саможртвување на нас пратениците ќе

створиме еден демократски процес каде што Република Македонија ке добие поквалитетни институции на власт.

И на крај драги пријатели, вие имате една грешка што комунстите ги барате само на оваа страна (покажува кон десната страна од говорницата). Погледајте меѓу вас. А знаете ли како ке се препознаете? Денес доста слушав една доста позната песна би рекол, барање внатрешни непријатели. Времето кое што помина зад нас беше исполнето токму во создавање на внатрешни непријатели и барање на такви непријатели.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Немав намера да се јавам меѓутоа, предизвика од настапот на г-динот Црвенковски се јавувам, кој уште еднаш покажа дека е голем демагог, ортодоксен комунист и комунистички настроен. Зборуваше за пратеничките плати, а самиот покрај платата од сите пратеници искористи најмногу. Не е чесно тој да ни префрлува ... за пратеничките плати бидејќи е единствен пратеник кој во овој мандат спечали стан, го доби од Собранието...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е Црвенковски на дневен ред, ве молам. Господине Јовчевски, зборувајте за темата, Ве молам.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Точно за темата е. Исто така побара Собранието да му го реши станбеното прашање...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако само за тоа сте се јавиле, навистина чудно е. Зборувајте за темата.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Не е само за тоа. Покрај тоа што доби стан, исто така во исто време купи луксузна кола, но со благослов на претседателот на Собранието на Охрид Благоја Силјановски доби трособен стан за 2000 илјади марки. Исто така, чиста

хипокризија на сето тоа лесно е да се зборува за оваа Влада, но исто така само Владата во знае зошто нивната зграда која што ја користат цврста валута досега не им одземена, тоа само Владата може да каже, но исто така што и модните бутици кои што се најдуваат во одредени сопственици на политичката партија, тоа најдобро го знае народот, бидејки, голем дел се од работничката класа.

И на крајот би сакал да кажам и ние сме за нови избори но со сите донесени системски закони, исто така и со основните одбележувања на новата Македонска држава. Мислам на овој дел од Македонија со симболите со грб и знаме итн.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Репликата нема да биде ни 5 минути, ке биде можеби 2 минути. Денес веке еднаш беше спомнат станот и немав намера да реплицирам, но бидејки се спомна двапати, двапати веќе е многу, ќе морам реплицирам.

Прво, за колата, колата е од 1984 година, ене ја надвор, можете ја видите. Народот слушна, ако тоа не се демантира, може некој и да поверува, ако е од Цветан Јовчевски.

Втората работа, да речеме за станот кој што го добив од Собранието денес беше кажано дека има 80 квадрати, за жал, не е од 80 квадрати и второ, сеуште не сум го добил бидејќи не е направен сеуште се гради и јас се согласувам да се преиспита целиот случај и докллку има некои неправилности тој стан веднаш ке го вратам мегутоа под еден единствен услов, а тоа е-оние кои што се одговорни за тоа што сум го добил станот, да сносат одговорнот. А тоа се две комисии, едната е станбената комисија при Владата каде што е претседател минситерот Ченто и втората комисија е Комисијата за избори и именување при Собранието, каде што е претседател Никола Крстевски, пратеник од ВМРО ДПМНЕ. Јас долго време размислував, уште повеке кога го видов записникот од седницата на Комисијааа за избори и именување кога видов дека сите присутни членови на ВМРО ДПМНЕ гласале јас да го добијам станот што се крие зад целата работа.

На крајот разбрав ем ВМР-овчиња ем мангупчиња. Работава е јас да го добијам станот, а потоа да можат да ме прозиваат. Ако можам да ви предложам, бидејќи колата ми е

навистина од 1984 година, најдете начин некако да ми купите поубава кола, па да ме прозивате и за тоа.

Она за Охрид е чиста лага, тоа треба да го докажете господине Цветан Јовчевски инаку останува дека сте лажго, е сега ова што е многу битно што беше неколку пати споменато, а го кажав само да се насмееме малку бидејки целата ситуација е помалку трагикомична со оваа седница, околу зградата на Социјал демократскиот сојуз на Македонија.

Точно е тоа дека пред пет шест месеци ја покренавме иницијативата таа зграда да се предаде на користење на народот на Македонија. Тоа е сега една апстрактна категорија, како на народот, кој треба да го преземе објектот за да биде тоа во име на народот. Тука има неколку варијанти едната беше тоа да го направи Владата на Република Македонија. Сега се покажа дека со сила некому може некому да му се земе, ама со сила некому нешто да му се даде е многу тешко. Ние и во оваа прилика кажуваме дека немаме никаква намера ни ден повеќе тој објект да го задржуваме, едноставно нека се најде начин како тој објект да се користи, нека се каже од кого треба да се преземе и да се користи. Едноставно како сакате мислам дека не е добро тоа да биде определено, не е тема на денешната расправа, но вие претседателе дозволивте предходно таа дискусија да оди тогаш морате да дозволите да оди и реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира не дозволив само луѓето не го почитуваат редот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

По истиот принцип, така што по тоа прашаше нема никакви дилеми, немаме никаква потреба од тој објект ниту намера ниту желба да го држиме ни ден повеќе, меѓутоа, не можеме некому со сила да му го тутнеме доколку за тоа не се договориме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Овде носам еден плик Бранко не бегај јас те жалам тебе навистина те жалам те излагале дете беше не сакаше стан ама ти дале.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам зборувајте за темата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Видете сега во овој плик ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Правиме петстава од парламентот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не е претстава, туку е вистина господине претседателе можеби некој друг сака да прави претстава, а не македонците. Овде има во овој дел (покажува накај пратениците од СДС) еден печат повелете прочитајте го,(пликот го дава на Тито Петковски). Уште не сме излегле од канџите каде бевме и од макитe, господата си дозволува да не фрлат во исти канџи. Ова е цела игра и ако сме живи и здрави ќе видите каква игра. Играта е очигледна и вас и нас и сите. Значи, си играат со судбината на луѓето кои живеат во оваа земја. Бидете сигурни дека е така и тоа ќе го видите. Господа од партијата на.. не се може така господин Бранко , малку треба да размислиш. И вие сте меѓу народот и ние сме и народот меѓу нас. Ако излеземе на избори вие рековте што се тие пари, малку пари. Малку пари но луѓето немаат ич пари. Ако е до избори направете ги утре и ние да си одиме, а последиците носете ги вие, а не народот.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници нема да го доведам во искушение вашето трпение, прво сакам да интервенирам околу искажувањето на господинот Стоиле Стојков во врска со тоа дека во Куклиш и Радовиш имало пречекорувања на овластувањата од страна на органите на МВР. Сметам дека тоа господинот Стојков го кажал во свое лично име, бидејќи е член на парламентарната група, таков извештај немаме составено и не стои таква констатација.

Околу темата за која зборуваме цел ден, денеска како

никогаш досега, веројатно не и повеќе од денеска се зборуваше за грижата за државата, за народот, за работниците. Тоа е добро, нормално покрај оние клевети и разно разни инсинуации кои беа искажани од некои веројатно до крај се неодговорни, добро е што се искажа грижа и висока свест и одговорност кон државата, народот и работниците, само има една мана во сета оваа работа, а тоа е добро е да се усогласат таквите грижи и размислувања со однесувањето во овој парламент. Тогаш ако се усогласат овие две работи грижата и нашето однесување овде кон се она што се поставува како клучно, како многу важно за народот за државата, за работниците и се друго тогаш мислам дека ефикасноста ќе се измени во овој парламент, па ќе придонесеме токму практично да помогнеме во таа насока. Инаку да покажуваме грижа и висока свест кон државата, кон иднината на оваа држава и кон иднината на народот и работничката класа само за да избегнеме избори, мислам дека е крајно неодговорно и тоа народот ќе го види. Мислам дека таа работа не пали. Ако навистина има вистинска грижа кон сето ова денеска што се зборуваше, тоа треба практично да се покаже во овој парламент никако поинаку оти уште утре ќе биде тој ист народ за кого денеска зборуваме дали навистина така мислевме денеска или тоа беше само да ги избегнеме предвремените избори.

Инаку, што се однесува до изборите јас сум апсолутно за предвремени избори од причини кои предходните пратеници од мојата партија го искажаа, веројатно можат и да се искажат уште илјада аргументи за предвремени избори, не верувам во никаква дестабилизација уште повеќе што од изборите по својата суштина се длабоко демократски чин, а не чин кој ќе ја дестабилизира Републиката.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, цел ден денеска седам и размислувам што се случува во овој Парламент. Една иницијатива која што легално е поднесена во овој Парламент да се расправа се искористи еден предизборен маркетинг на оваа говорница. Се чувствувам не како човек кои треба да расправа за една иницијатива и да се расправа за корисноста од таа иницијатива, но видов чувство на предизборни митинзи на кои што, мислам дека си го губиме и своето достоинство како луѓе како граѓани со тоа што секој што полошо сака да каже за другиот односно да го нападне и да го навреди, не водејки сметка ни за неговиот авторитет лично како ѓраѓанин ни за неговото достоинство.

Мислам дека врлина на еден човек е да го почитува достоинството на другиот независно дали сме преставници на една или друга партија, дали имаме една или друга програма.Навистина уште еден мотив повеќе за оваа иницијатива која е поднесена од СДС, па ве молам мислам дека сите сме толку свесни еднаш да престанеме и да одлучиме со својот глас дали сме за една таква иницијатива или не и еднаш за секогаш да завршиме. Ако продолжиме понатаму пред граѓаните не само што ќе си го изгубиме својот личен авторитет, но ќе го изгубиме авторитетот на овој Парламент.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (Реплика на дискусијата на Алил Џаферовски)

Што се однесува до тоа дали во Радовиш се пречекориле овластувањата, можам одговорно да тврдам дека самото Министерство за внатрешни работи даде еден извештај, а тој и вие го читавте каде четворица работници од тоа Министерство се суспендирани поради пречекорувања на овластувањата.

Меѓутоа, ако добро ме слушавте ќе слушневте дека јас што кажав-кажав дека такви работи сеуште се применуваат добро научени во бившиот систем, а тоа се за да на некој начин се оладат главите, така буквално се велеше тогаш, да ги пуштиме луѓето да им се оладат главите нема да бараат после одговорност. Тоа ви го тврдам, а и вие го видовте тој материјал, меѓутоа, мене ме иритира зошто по толку време таа Комисија што беше формирана овде не даде извештај во тоа е односот затоа што тоа за мене е исто така еден вид манипулација и на некој начин деградација на демократијата и на парламентаризмот. Меѓутоа, истото Министерство за внатрешни работи би требало затоа што прд Уставот и законите кажав дека сме сите сити без разлика дали е некој пратеник, претседател на Републиката, работник, земјоделец, здравствен работник, сите сме исти пред Уставот и Законот. Затоа би требало ова Министерство каде има појави трговија со дрога и други работи децидно да дава соопштенија да видиме кои луѓе се тие што вршат такви работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега вака да се разбереме. Извештајот што се спомнува се однесува на задолжената работна група на Собранието, а двајцата што овде не знаат зошто доцни извештајот се членови на групата, а треба нам да ни кажат. Се работи и за Стојков и за

Џаферовски.

Сега да му дадеме збор на господинот Ристовски затоа што тој има забелешка на излагањето на Црвенковски, а веќе немаме расправа по иницијативата.

Има збор Блаже Ристовски, потпретседател на Владата.

**БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:**

Благодарам прво што и покрај одбивањето во моментот кога требаше да се даде објаснението не ми беше овозможено тоа и морам да ви признам јас како член на Владата, а верувам дека го делам мислењето и на другите, се чувствувам многу непријатно кога на седниците и пред пладне и попладне цело време седиме овде, а немаме никакво право да дадеме дури ни објаснениjа кога Владата како таква е засегната или се кажани некои неточности во врска со нејзината дејност.

Јас би сакал господинот претседател на Парламентот сепак да има предвид оти пред себе сепак има членови на една Влада избрани од овој Парламент и да има доволно уважение да може да го слушне и нивниот збор.

Се пријавив да дадам објаснение во врска со едно прашање што го сметам значајно и затоа што овде од господинот Црвенковски беше искажана една тотална невистина на адреса на Владата. Јас сакам да го потсетам господинот Црвенковски дека не е точно оти Владата до сега не пројавила интерес за подарокот што го понуди бившиот СКМ затоа што Владата формира наши учесници во таа комисија, а тоа се министрите Фрчковски и Миљовски и тие преговараа со надлежните во СДС, меѓутоа, зошто не дојде до предавањето кое еве сега разбравме дека цело време ни го нуделе, а ние како Влада не сакаме да го прифатиме. Затоа што условите се, порано се бараа пари, сега парите се отфрлени и се бара оваа У-катница каде се министерствата за образование и култура да им се даде и двата ката каде се бившите заедници за наука и образование, но тие да им се дадат со тапија, Владата да им даде тапија. Ние како членови на Владата носиме одговорност за имотот на овој народ. Јас како член од Владата никогаш нема да с согласам да се изјаснам против амандманите што се донесени од легалниот Парламент, а според тие амандмани беше определено и кадрите и имотите да се пренесат на Владата. Кадрите се презедоа имотот остана. Од имотот се прават кафеани и разни други дуќани, а ние како Влада сеуште немаме

Министерставата каде да ги сместиме. Ние немаме Министерство за надворешни работи да ни дојде еден стране денеска нема каде да се прими. Јас мислам дека неправедно, неправилно и навистина не коректно е од страна на претседателот на СДС кога вели дека Владата ја сноси одговорноста што до сега подаракот не бил прифатен. Јас се извинувам, но ова како објаснение морав да го кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Црвенковски има реплика.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Исто така да не остане да лебди некое сомневање прво, јас очекував дека по ова прашање ќе стане некој од името на Владата или претседателот на Владата или некој од членовите на преговарачката група. Меѓутоа, стана потпретседателот Блаже Ристовски кој не е ниту член на групата која преговараше од името на Владата, а по она што го кажа мислам дека пројави некои различни ставови од колку што досега ни беа презентирани во името на Владата.

Понатаму не би дебатирал околу тоа што е точно што не е точно, меѓутоа мислам дека е добро да седнат тие во Владата да по-разговараат и да се договорат кој е нивниот став и потоа така да разговараат со нас.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Морам да го искажам својот револт.

Ова партиско натфрлање можеби не би било ништо страшно, и би се насмеале како што се насмеавме пред малку да сме во едно друго време. Меѓутоа ние сме во едно многу тешко време за нашиот народ и за наша држава и несфатливо е за мене и морам да ја искажам мојата крајна индигнација со начинот, со нивото, со должината, а најмногу од се зошто не може луѓе во извесна возраст својата култура, начин и се да ги менуваат од корен. Тоа не може. Ама од дефектизмот кој што бес секаква мерка се истура овде од говорницата сум крајно разочарана, без оглед на тоа од која страна доаѓа. И едните во име на доброто на народот и другите. Фрлање као по се и сешто не е за добро на народот.

Овде морам да направам една сериозна забелешка во врска со водењето на овие седници. И обичен претседавач на управен
одбор на некое претпријатие, на совет на некој факултет или школа знае дека мора да се управува, а не со 120 души да се работи апсолутно без правила. Излегува дека бродот нема кој да го води и колку повеќе се ниша, толку подобро. Ние кога веќе не можеме после година и повеќе да го видиме тој правилник по кој ќе работи ова Собрание, го молам претседателот за идната седница да предложи две обични правила по кои што ќе работиме и тоа:
колку време ќе се дискутира и на кој начин ќе се прекинуваат, ама вистина ќе се прекинуваат пратениците кои што не се држат за темата. Ова е законодавно тело и ние мораме да бидеме прецизни во своите дискусии. Ова дозволување се да се истура преку
мерка ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

И ова е надвор од темата госпоѓа Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Молам за идната седница две прости правила да се предложат и да ги прифати ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира. И вие одите надвор од темата.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници навистина очекував овој пат од СДС на толку искажани забелешки, по мое доста аргументирани, ќе најде сили да го повлече овој предлог во овој даден момент, од причина што сакам дека навистина понеаргументиран предлог до сега не сум слушнал, во смисла на аргументите кои беа изнесени за оваа иницијатива. Да се даваат состојби кои не стојат во овој момент навистина и упорно на тоа да се оди, притоа користејќи монопол во однос на поставеноста на власта, навистина не води никаде.

Беа искажани аргументи дека како причина за предвремени избори се напуштањето на седниците, дека сите сме опозиција. Како главна причина се напаѓаше Владата, се спомнаа средствата за информирање, неефикасното работење на Парламентот, па во склоп на тоа и Уставниот закон за системските закони. Јас поодделно би имал на овие во глобал, така ќе ги наречам забелешки едно свое изнесување дека сепак мораме да признаеме и да ја согледаме состојбата односно односите кои владеат во овој Парламент.

Социјалдемократскиот сојуз јас ја сметам како партија доста силно дејствува во однос како на работењето во овој Парламент и во однос на власта, а никако не ми е јасно како може оваа партија со триесет и еден пратеник да има толку значајна улога. Секако тоа не би било така доколку не постои блок. Мораме да признаеме дека тој постои, тој е помеѓу реформските сили Либерална партија, Социјалистичката партија и помеѓу пратеникот на ВМРО-ДП. Тоа е присутно и тоа така оди и затоа предлозите, иако неаргументирани можат да поминат во даден момент.

Што би било кога ВМРО би направил коалиција со ПДП и НДП, па да направиме и ние еден блок. Можеби време е и тоа да го чиниме па да најдеме контра аргументи. Дали е право време и право место? Можеби и е. Можеби ќе биде право место ако останеме и натака овој Парламент па да се најдеме себеси и да се надминеме во националните превирања и малку да мислиме повеќе економски и да се спротивставиме на работи кои треба навистина да се направат.

Не држи напуштањето на седниците како аргумент. За распуштање на овој Парламент од причина што напуштањето на седниците го чинеше ВМРО и ПДП-НДП. ПДП-НДП го чинеше заради тоа што сметаше дека не ги добиле потребните граѓански права. ВМРО-ДПМНЕ го чинеше исто заради тоа што сметаше дека некои закони треба да одат под итна постапка, дека тие се одолговлекуваат во овој Парламент.

Не е точно дека сите сме опозиција од причини што ги изнесов да навистина опозиција има во овој Парламент, меѓутоа има и партија која е на власт.

Се напаѓа Владата. Каков апсурд. Просто како да не знаеме кој ја именува Владата. Зарем е можно народот да ја руши Владата. Кој ја именува Владата. Дајте еден конкретен предлог

зошто оваа Влада не чини, дајте еден конкретен предлог со нови луѓе стручни кои ќе искажат особено квалитети па да видиме оваа Влада зошто не чини, што не преземала, зошто не преземала, кои се околностите и т.н. Вие кажувате да одиме на избори и народот да ја мечи Владата. Тоа значи дека нема сили во Парламентот да се мени Владата.

Неслучајно се спомнува и Уставниот закон, односно неговото пролонгирање во однос на донесување на системските закони, истото што се влече намерно донесувањето на системските закони. Нашата партија може со задоволство да искаже дека ние се залагавме за чисто македонска држава со сите оние компоненти кои ја чинат една држава и неслучајно ние тежнееме и сакаме одредени закони од системските области баш на време да дојдат. Меѓутоа тоа перманентно се одлага, а се знае зошто, како и на кого во даден момент може да му користи. Ние сметаме, не наоѓаме дека Владата сосема исправно постапува во сите области, меѓутоа цениме дска во однос на државноста, заедно со господинот претседател на Републиката има доста направено за Република Македонија, многу сме задоволни, тежнееме кон останатите потсистемски закони кои сметаме дека треба да се донесат по наше барање што побрзо, а тие како постручни го наоѓаат правото време и моментот истите да се донесат.

Сега се предлага една состојба која навистина може штетно да се одрази на Република Македонија, да предизвика хаос Не би сакал да бидам сфатен погрешно, меѓутоа ако мислиме да правиме нови избори на онаква поставеност на изборниот закон, на онаква поставеност на средствата за информирање и ТВ Скопје, апсолутно не би прифатил во никој случај. Не може да се каже дека средствата за информирање се објективни ако во изборната постапка упорно се напаѓа одредена партија како што беше случајот со ВМРО. Посебно ми се познати рубриките "Писма за читателите", коментарите од одредени новинари и т.н. Каква е таа објективност ако некој постојано се напаѓа а имаме предизборна кампања. Дали еднаш конечно и "Нова Македонија" ќе прифати и признае дека е весник на одредена партија или навистина ќе престане со оваа недемократска постапка. Истото се однесува и на ТВ Скопје во нешто поблага форма, меѓутоа и таму е присутно тоа,

Мора да се признае дека и мене малку ме збунува еден момент кога оваа земја треба да презема одредени работи кои треба да го покренат економскиот живот. Зошто упорно се оди на

затворање на одредени граници, зошто не се оди кон укинување на влезно-излезните визи. Тоа е прашање кое мора под итно да се расправа затоа што прометот помеѓу земјите ја чини економската благосостојба. Во овој момент секое затварање спрема соседите е катастрофа за Македонија. Тоа е присутно од Југ и од Север. Што станува од другите две страни. Треба тука и националните партии да дадат голем придонес тука нешто да се помогне зошто навистина постои економска блокада.

Во однос на трансформација на сопственичките односи, трансформација на општествениот капитал, можеби тука ја гледаме и најголемата причина за предлогот за нови избори, сеуште тоа прашање не ми е јасно, меѓутоа ќе причекам да видам како ќе оди постапката и во овој дел затоа што тоа е мошне значајно прашање, прашање за кое целата светска заедница е заинтересирана, прашање кое мора да се оствари, односно трансформацијата на општествениот капитал мора да се оствари во смисла на тоа да може да се оствари тотална приватизација, исто така да очекуваме странски капитал за оваа наша Република.

Јас мислам како последен пример ние паднавме со примерот на "Шератон", тоа мислам како класичен пример, а исто имало и многу интереси претходно.

Во однос на тоа како може странскиот капитал да дојде овде и како ние декларативно се изјаснуваме дека истиот може да дојде, а од друга страна ќе најдеме начини и можности истиот после да го отстраниме. Правиме основни грешки меѓутоа сметам дека со системските закони еве и Законот за странски вложувања ќе биде сигурно на наредната седница, дека од овие работи ќе избегнеме.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас ви должам некој збор. Стрпливо се обидов да следам она што беше изнесувано тука и сметав дека моите стравувања ќе бидат распрскани. Јас имав голема резерва по однос на надворешно-политичкиот аспект, колку е упатно една ваква иницијатива да биде разгледувана сега во нашиот парламент,

Ние вчера имавме состанок на Комисијата за надворешно-политички прашања и под точка разно се обидов да ја разработиме таа тема и така во неврзана форма господинот Црвенковски, јас

ќе си ја дозволам таа комоција да го пренесам ова тука, се согласи дека од тој аспект навистина иницијативата, поточно нејзиното сегашно поднесување не е издржано. И воедно се поплака да тоа што за сиот период престојување во Собранието не се имало клима на соработка или доволно ниво на договарање.

Полоша легитимација не само на нас пратениците туку и на политичките партии кои еве ќе одат потоа на избори, од пратениците добар дел нема ни да настапи повторно и освен тоа доволен број на пратеници кои се тука присутни се многу зијан од тоа што беа присутни, на личен план. Тоа мора да биде еднаш потенцирано овде, а не постојано да се наведува дека седењето во парламентарните клупи, во Собранието на Република Македонија носи огромна добивка за оние кои се со статус. Јас лично не го делам тоа мислење, туку сметам дека тие што се тука се изложени и на сосема несоодветен третман во нашата млада држава, мислам млада од аспект на самостојноста.

Да се навратам на вчерашната дискусија во Комисијата.

Ако ние не сме кадарни за договарање и за спогодување, тогаш навистина не ни е местото не само во овој Парламент, туку воопшто не ми е местото меѓу политичките субјекти. Но, секој да појде и од својот интерен фамилијарен круг, ќе види дека за секоја ситница мора да попушта. Нема упорно инсистирање на своето видување и на својата желба. И мене ми е несфатливо да ние одиме на тоа да донесеме заклучок, јас претполагам дека според процедурата сега ќе дојде на ред да се гласа за предложените заклучоци, можеби ред по ред од кои заклучоци првиот ни најмалку не можам да го поддржам. Сега нема да биде упатно да се гласа за заклучоци кои велат дека на оваа држава и се нужни нови избори, или предвремени, или незнам секакво какви други. Оваа држава, а тука и предлагачите се сосема во тек, се залага за да добие меѓународно правен субјективитет.

Како парламентарна делегација бевме по покана на Европскиот совет во Стразбург па на лице место слушнавме дека соодветна делегација, да не должам каква е таму процедурата, по кој се редослед се оди, но соодветна делегација ќе ја посети Република Македонија а не Скопје како што имавме можност всушност и вчера од бриселскиот состанок на европските министри да слушнеме и ако идат тука господа од власта, нека дојдат во посета на Охрид, имаме многу добри места. Значи од Европскиот совет делегација ќе дојде во средината на Август во посета на Република Македонија. А ние денес да изгласаме гледиште или

став или политичка иницијатива дека Парламентот го нема, незнам кој тогаш нив ќе може да ги пречека. Сметам дека покрај сета нужна грижа за лошите состојби на социјален план во нашата држава, на стопански план, на полето на вработување, на полето на културата, на спортот и во сите други дејности, би требало да изградиме консензус за вакви избори на Парламентот да се држат барем по стекнувањето на меѓународното правниот субјективитет на нашата држава. Тоа е едниот аспект.

Другиот аспект е, сметам дека и во тоа треба да има некаков редослед. Не се гради куќа од кровот надолу. На извесни места и тоа постои, на пример некоја огромна стрмнина, некоја обала. Ги има тие градби, се почнува од озгора и се оди надолу, има и на Света Гора такви градби. Но, на нашето поднебје овде се гради куќа од темел и избори за Парламентот да се спроведуваат без да се направи потребнат арегулатива и без да се види како тоа се одразува во практиката, јас не можам исто така да се согласам.

Ако јас имам лична одговорност за настанатата беда во текот на шеснаесте минати месеци, јас можам да поднесам и лична оставка на функцијата пратеник, ако тоа баш ќе му помогне на населението да се изгради или пак да стане власта, па и законодавната поефициентна. Но јас се сомневам во тоа, па макар и тука да поднесеме една третина од пратениците лични оставки дека ќе и се помогне на оваа држава. Затоа и да не повторувам многу работи што и други пратеници ги изнесоа денес, сметам дека најумесно е да се согласиме со тоа дека оваа иницијатива беше корисна од аспект на едно исповедување на сопствените престапи, но дека она што таму се заговара, конкретизирано не оди во корист на изградувањето на државноста. Замислете ние сега во наредните мигови да изгласаме она што вие го заговарате во иницијативата.

Па јас незнам како тогаш ќе можам веќе да седам овде во Парламентот како пратеник. Дека нема никој да ме брка сигурно е тоа.Но, јас ќе имам такви прихолошки бариери, едноставно нема да се чувствувам ни така веќе поканет. Затоа, мој предлог е до вас, ако ова воопшто е заден час, да ја повлечете иницијативата. Не е продуктивна, не е можеби, било од вас конципирано добронамерно но нема да води кон корист.

Ви благодарам за вниманието, но сосема кратко ќе се осврнам и на оној аспект околу Велигденот, зошто дојде до

прекин, бидејќи тука и малку неточно се интерпретираше. Точно е тоа дека, не, не, да ви кажам, треба овој Парламент....

Видете, после ова гласање може нема ни да барам збор. Вие треба мене да ме разберете дека се си има граница. Може да се негодува, да се расправа, нечиј став да се соборува но да се изгласа нелегалност и нелегитимност тоа веќе е премногу. Бев на темата околу Велигденот. Со тоа што овде се изгласа не заседавање на пленарна седница во сврха на кавги, јас ценам дека се направи голем чекор за обновување на традициите од ова поднебје. Јас сакам на сите оние кои гласаа "за", а двојно на оние кои не се од православна вероисповед да им се заблагодарам за тогашното гласање. Исто така да кажам тие уверувања и убедувања кои опстоиле на сите измени на векот,а тоа се религиозните, векот се менува и со филозофско учење се менува и со технологии се менува, со работни дисциплини, но дека тие уверувања јас нема на овие наши простори да ги ништам ни случајно, а со тоа што ние изгласавме во последната недела од велигденскиот пост несогласуваше со водење на ваква расправа бидејќи и тогаш ќе беше ваква иста. Немаше да биде поинаква. А јас во неа до сега не учествував. Едноставно знам што може да биде. Но, ние со изгласувањето на тоа одложување велам ја зацврстивме традицијата, но исто така постигнавме сакале или не барем во доменот на запазување традиција и европско ниво. Јасно ни е на пример. Само оваа ситна диграсија уште и ќе ви го ослободам вниманието.

Јасно ни е дека нашево македонско прашање во соседна Република Грција довсдува до големи бранувања. Таму се гласаше зас доверба на Владата. Но, се гласаше и работеше Парламентот до петокот, пред Цветници. И тоа петокот до 24,00 часот, а потоа следната недела Парламентот не заседава. Слично нешто само што нормално во склоп со другиот календар според римокатоличката црква заседаваат и останатите парламенти во Европа и ни најмалку да не ви биде жал што баш таа недела не државме седница. Сите се изјаснуваме дека ќе се грижиме околу тоа духовното наследство да го запазиме, да го изградуваме, а вам ви пречи и една подолга дискусија која можеби ќе фати петнаесетина минути. А јас, еве, не негодував и за дискусии по моја евиденција сите по ред се напишани како добивале збор па има 50-мина, од кои некои души и по 2-3 пати.

Ви благодарам, простете ако сум бил предолг, само сакам сега сосема працизно да знам што следи. За што ќе се гласа и во писмена форма да видам за што гласам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Пред да излезе потпретседателот на Владата господин Блаже Ристевски се договоривме дека ние пратениците нема веќе да бараме збор. Ова е веќе изживување и со Парламентот и со јавноста. Предлагам веднаш да гласаме, па како ќе биде гласањето нека биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да се разјасниме.

Прво, примедбите на господин Ристовски да му појаснам нешто. Тој овде ги изрече па морам да му кажам. Претставниците на Владата овде се повикани, се разбира и по сите точки имаат право да дадат писмено мислење и обврска дури, а исто така кога е предвидено уводно излагање имаат уводно излагање, кога е предвидено учество во расправата и кога расправата покажува дека е потребно дополнување на гледиштето на Владата се јавуваат и добиваат кога е потребно дополнително појаснување од претставник на Владата тоа го добива по прашањето што е на дневен ред. Сега по прашањето што е на дневен ред Владата има овде мислење, поделено е и по тоа прашање ако некој сака да каже од Владата може да каже, се разбира, практикуваме појаснувањето да ги дава откако ќе се ислушаат пратениците. Меѓутоа, господин Ристовски сакаше да учествува во една расправа која беше мегу два пратеника по едно прашање кое е сосема странично од главното кое е сега на претрес. И затоа тој можеше да добие збор само на крајот од кога сите пратеници ќе кажат по битното прашање кое е на дневен ред и тој ќе добие на крајот затоа што е странично прашање и даде дополнителни појаснувања. Така и постапивме и ако не му е јасно и друг пат така ќе постапиме и секогаш така ќе постапуваме. Тоа е позицијата на претставник на Владата и учесник од страна на Владата овде во Собранието.

Е, сега друго. Што се однесува до главната тема. Главната тема покрај тоа што дискутираме, расправаме девет и пол саата со една пауза од саат и пол, значи 8 саата имаме работа, работиме, ве молам, нема и покрај тоа што се рекоа многу тешки работи и непотребни, морам да кажам, ние овде имаме сепак и повеќе предлози искажани во расправата, Предлозите се различни и дури и спротивни и ако сега предлагачот на основниот материјал не инстистира сега да се гласа по предлог-заклучоци што ги тие предлагаат пратеничката група што ги предлага на

СДСМ ако таа сака да поведе сметка од искажаните гледишта овде и од другите групи тогаш јас би предложил денес да завршиме вака со расправата, а утре во 8 часот да се состанат координаторите на пратеничките групи....добро, немојте да го прифатите, дајте да го изложам што е тоа и да предложат текст кој ќе го усвоиме како заклучок. Тоа ќе биде обид да се усогласат гледиштата, бидејќи имаше повеќе различни предлози овде за кои има многу аргументи и од една и од друга страна. Тоа јас го предлагам, вакво крупно прашање мислам дека е многу добро ако може да се направи врз основа на сите расправи, учества во расправите што беа овде да се обидеме да дојдеме до единствен заклучок. Има подударни точки. Сите да кажеме, овде истакнуваат дека се предвремени избори. Но, едни се за едно да се постигне, други се за друго да се постигне. Еден резултат да има други и тн. Затоа предлагам тоа што може да се усогласи да се усогласи, тоа што не може да се усогласи ако инсистира основниот предлагач утре може носителот на основниот предлог може да го ставиме на гласање одвоено. Предлагам на овој начин. Друга можност е ако основиот, предлагачот на материјалот со предлозите на заклучоците инсистира по тие предлози да се гласа. Тогаш ние ќе мора да гласаме по тоа, се разбира, тоа е негово право.

Господинот Петров бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Предлагам бидејќи чувме еден предлог од страна на претседателот да ние пристапиме кон гласање на она што ни беше понудено во форма на иницијативата што ние денес девет ипол часа расправавме. Можеби имаше во расправата и спротивни забелешки или било што друго, меѓутоа, формално правно од ниту еден пратеник не добивме забелешки ниту предлози за измена на овие заклучоци во писмена форма во каква што Парламентот треба да расправа според Деловникот. Со оглед на тоа што немаме никакви измени во писмена форма на овие заклучоци, јас сметам дека воопшто нема, не држи да расправата ја одложиме за, односно заклучоците за утре, па повторно да ги усогласуваме и да Собранието сеизјаснува наредниот ден. Барам да предлогот на претседателот не се прифати односно бидејќи немаме други предлози освен оној што го имаме, да пристапиме кон гласање бидејќи го поднесов предлогот, имавме еден предлог да имаме поединечно гласање, од пратеникот Ханџиски, поднесов исто и јас еден предлог во писмена форма да се гласа со тајно гласање, предлагам да тоа се стави на изјаснување пред Собранието во

писмена форма доставено и да ја завршиме сета работа вечерва.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имам во вид се што зборуваше господинот Петров. Тој предлага тајно гласање. На пример ако ние сега одиме одма на гласаше на заклучоците што ги предлага пратеничката група.

Предлогот на господинот Петров е тајно гласање. Ако се ... јас ќе го дадам и тоа на изјаснување, се разбира и може да се усвои. Ако се усвои треба да направиме прекид и прекуноќ да се направат листи, ливчиња, да се уредат кутии овде и утре сабајле пак да се собереме да гласаме. Сега е веќе девет и пол саатот и со тоа да почнеме. Јас се обидов овде да направам еден обид за тоа што навистина точно е тоа никој деловнички не постапи да даде писмен предлог. Но имаше предлози кои може да значат приближување, а ова сепак не е вообичаен акт па да мораме да се држиме за тој дел.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас сметам предлогот од претседателот на Собранието е единствен излез. Ние имаме предлог од СДСМ, пратениците од таа партија, имавме во текот на дискусијата повеќе видови разни предлози и предлози за начинот на гласање да биде тајно или вообичаено јавно, јас сметам со предлогот да се одложи седницата за утре, да се испрецизираат сите предлози, покрај оној во писмена форма и да се изготват предлози по кои прецизно ние ќе се произнесуваме во продолжението на седницата. Денес автоматски не може да се земе дека е предлог само на пратениците од СДС, бидејќи овде имавме многу други предлози и самите пратеници кои се лично потписници го нијансираат предлогот без дата да има избори, но да не стои 14 јуни односно 20 септември.

Во таа смисла предлогот на претседателот да се прифати, да се прецизира за утре по кои предлози ке се изјаснуваме. Не е обврска само нивниот предлог, туку ние имавме обврска од мнозинство пратеници.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Бидејќи ние сме предлагачи јас сметам дека логички ние го имаме конечниот збор за нашиот предлог и покрај тоа што

сите други инсистираат ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако инсистирате ќе морам да го дадам на гласање.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Сигурно инсистираме, покрај тоа што сите други си го земаа правото да лицитираат со нашиот предлог, со нашата иницијатива.

Ние остануваме доследни до крај, без оглед на исходот од гласањето. Инсистираме да се гласа за заклучоците онака како што ние ги предложивме во таа форма. Доколку од оваа расправа созрее некое сознание или мислење дека поинакви предлози треба да произлезат, секој од пратениците или од пратеничките групи имаат можности од утре натаму да си покренат други иницијативи и ние повторно да се изјаснуваме. Така да ние инсистираме да се гласа за нашиот предлог. Ако се сеќавате на самиот почеток образложувајќи го предлогот, пратеникот Ханџиски во име во парламентарната група рече дека ние инсистираме на поединечно гласање и јас тој предлог сега уште еднаш го обновувам. За тоа имам поддршка од 10 пратеници и според Деловникот тоа мора и може единствено така да се изврши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако инсистира предлагачот да се гласа по нивниот предлог, а со тоа сме запознати тогаш мојот предлог не е валиден за изјаснување. Тоа е само предлог на добра волја. Нивниот предлог е основен овде и за него сме се собрале и расправаме.

Они инсистираат на поединечно гласање и по Деловник имаат право на поединечно гласање. Поединечното гласање, како што знаете е јавно и по членот по кои овде се утврдува тоа е нивно неспорно право, нема што тајно гласање.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека претседателот на Собранието даде многу умесен предлог, а тоа значи ако веќе целокупната денешна расправа ја водевме во една согласност за потребна избори таквиот заклучок треба да произлезе заеднички

од сите пратенички групи.

Во таа смисла предлагам она што на одреден начин гс искажа претседателот да подготвиме заеднички заклучоци и тие да биде предмет на усвојување.

Доколку СДС инсистира да се гласа по нивните заклучок барам пауза за пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза морам да дадам кога се бара, бидејќи СДС бараат да се гласа. Ако се случи да се усвои предлогот на СДС е една работа ако не се усвои ние толку голема расправа имавме, па пак мора некој заклучок да се усвои. Тогаш пак ќе треба да седнете па да

(реагирање на пратениците)

Добро, тогаш пауза од 15 минути.

(Пауза од 21,45 часот).

(Седницата започна со работа во 22,30 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа и сега минуваме на изјаснување. Бидејќи ние разјаснивме дека предлагачот на иницијативата инсистира Иницијативата заедно со предложените заклучоци да се даде на гласање. Во своето учество во расправата господинот Ханџиски предложи поединечно изјаснуваше, но имам овде депониран предлог од господинот Тодор Петров кој уште пред тоа написмено предлага тајно гласање. Деловнички тој има право да предложи, но дали ќе се гласа тајно зависи од тоа како ќе се изјасни Собранието. Ако се изјасни Собранието за тој предлог тогаш предлогот на Ханџиски отпаѓа, се гласа тајно. Ако се изјасни Собранието против предлогот на господинот Петров, тогаш стапува на сила предлогот на господинот Ханџиски, т.е по него не се изјаснуваме затоа што нему му се доволно 10 пратеници кои би го поддржале, а тој има толку.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас би барал едно мало објаснување од претседателот на Собранието. Дали иницијативите и предлозите кои што доаѓаат од страна било на пратениците, било на парламентарните групи може да бидат депонирани кај претседателот на Собранието кој и тој ги вади тогаш кога ќе мисли дека треба да ги извади. Ако бил благовремено доставен предлогот тогаш тој предлог требаше да се најде на нашите маси уште пред почетокот на седницава, пред почетокот на расправата. Одеднаш сега со волшебно стапче се јави депониран предлог, благовремено даден, претходно доставен за којшто никој досега не знаеше. Мислам дека ова нити деловнички нити процедурално е исправно и мислам дека ние како предлагач, првиот дискутант го даде предлогот за поединечно гласање, имаме поддршка од 10 пратеници и мислам да се постапи по него.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Предлогот на господинот Ханџиски не беше даден во писмена форма заедно со иницијативата која ја разгледувавме да биде поименично гласање, а предлогот што е поднесен не е поднесен анблок со некоја задна намера, а сега претседателот да биде обвинет дека го вади од ракав кога е потребен. Ете тука службеникот може да каже уште кога го доставив во писмена форма, преку него лично му го дадов на секретарот да влезе во процедура. Така да нема тука никаков проблем за тоа дали се користи со некоја задна цел и дека претседателот сега го извадил случајно предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дури и да го даде предлогот после сеедно е, Собранието по тој предлог пак мора да се изјасни. Ако предлага тајно гласање мора

да се изјасни, затоа што предлогот на господинот Ханџиски е еден од начините на јавно гласање, а господинот Петров предлага тајно гласање, па според деловникот кога еден пратеник предлага тајно гласање Собранието се изјаснува дали ќе го прифати или не и апсолутно нема никакви деловнички дилеми, дали е прво или второ предлагање.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Предлогот на Бранко Црвенковски нема врска со протиколоарно работење со деловникот. Не се работи за ставање на точка на дневен ред туку за начин на гласање. Начинот на гласање не се депонира ниту предвреме ниту во рок туку во текот на дискусијата Шабан Превала го поддржи предлогот и уште еден пратеник. Не се работи за точка на дневен ред а не за начинот на гласаше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема никаков проблем, рекоа дека не прават проблем.

Молам, кој е за предлогот на Тодор Петров, за тајно гласање, молам да крене рака.

За, гласаа 43 пратеници.

Дали има некој против? (31).

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Значи гласале 80 пратеници.

Предлогот на господинот Петров не е усвоен бидејќи 93 пратеници се присутни на седницата.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со оглед на тоа што се сомневам со резултатите од гласањето 43 гласа за, 31 против, 6 воздржани, а констатира претседателот дека се присутни 93 пратеници предлагам за мојот предлог поименично да се гласа. Инаку, ми се чини дека предлогот формално-правно појде, тоа што некој не гласал тоа е негово право ние и за многу други закони така направивме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Формално-правно не појде заради тоа што вкупниот број на присутни потребно е мнозинство.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Многу ми е жал што морам пак да кажам дека од некои работи правиме циркуси. Пред своите бирачи се криеме секој да го каже она што го мисли јавно дали е за, дали е против после толку расправање. Деловниците се многу јасни и гласни. Тајното гласање пред се, се однесува за избор и именување, кога се повеќе кандидати, иако во стариот деловник е така, со измените на деловникот е малку

поинаку и е дадена таа можност. Сметам дека истовремено кога имаме два предлози и претседателот даде одредени толкувања, за поединечно гласање кога беше нашиот предлог односно на пратеникот Ханџиски нема никакво изјаснување, се преименува принципот на поднесување на постариот, односно амандманскиот принцип и требаше постариот предлог да се изјаснуваме за поединечно и сметам дека на пратениците кои бараат да гласаат тајно за избори когае судбината на македонскиот народ кој овдека се спомнуваше, мислам дека не е ни пристојно ни достојно пред своите бирачи да ги криеме своите изјаснувања.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Предлогот за тајно гласање треба да се констатира дека помина со мнозинство од гласови, а не помалку од 40. Јас сметам дека е изгласан предлогот да биде тајно гласање.

Второ, за колегата Гештаковски треба од областа на демократијата едно предавање. Непосредна демократија е само со тајно гласање, другото се врши било каков притисок, дали политички, колегијален, семеен. Најнепосредна демократија е непосредноа тајно гласање.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сакав да изнесам само една исправка во поглед на излагањето на пратеникот Гештаковски. Во привремениот деловник што е усвоен и објавен во "Службен весник" три во 1990 година во член 14 се вели "гласањето на седниците на Собранието јавно освен ако со Уставот или со овој деловник не е определено да се врши тајно„.

Став 2, "гласањето ќе се изврши тајно иако по предлог на претседателот на Собранието или на еден пратеник како ќе се одлучи на седницата" значи, пратеникот го читал стариот деловник а не го прочитал новиот привремен кој што е повалиден.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас го имав и новиот и стариот деловник и кажав како е по новиот а како е по стариот деловник. Се работи за принципиелно прашање на применување на принципот на кој предлог, едино овде аналогија може да се примени по однос на амандмани, кој е постар односно порано поднесен тој се однесува и сметам дека треба да се прифати првиот бидејќи не треба Собранието да се изјаснува за поединечното гласање доколку предлогот е подржан од 10 пратеници и треба на тој принцип. Инаку претседателот ако сака деловнички проблем да е, да објасни врз основа на кој принцип и на кое решение во деловникот го применува принципот прво да се изјаснуваме за тајно гласање, тоа ни во еден акт тврдам не е регулирано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве сега ќе објасниме. Прво, предлогот на господинот Ханџиски не е за изјаснување на Собрание. Тој заедно со 10 пратеници можат да предложат и треба така да се постапи, меѓутоа ако потоа не дојде предлог за тајно гласање затоа што предлогот на господинот Ханџиски е ееден од начините на јавното гласање. Кога дојде предлогот за тајно гласање го давав на изјаснување и еве таа постапка е овде во тек. Предлогот не помина, во тоа е работата. По уставот видите дека стои со мнозинство на присутните пратеници а најмалку со една третина од вкупниот број. Еве ќе прочитаме: "Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број на пратеници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број на пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство". Нема мнозинство од 92 колку што се овде присутни пратеници.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Затоа и јас се посомневав во гласањето и побарав по предлогот за тајно гласање да се изврши поименично гласање. Бидејќи се гласаше и за, и против и воздржани и секој имаше право и обврска да крене рака. Откако се увиде дека пројде тогаш се изврши пребројување да видиме да не сме евентуално повеќе предлогот да не се усвои. Меѓутоа, заради изразено сомневање за бројот на гласовите кои се пребројаа и за бројот на присутните барам да се стави на гласање односно поименично да се гласа за предлогот за тајно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не се става на гласање, поименично гласање, туку предлогот треба да го поддржат 10 пратнеици.

Има ли 10 пратеници кои го поддржуваат предлогот (има)

Собранието треба да се изјасни кој е за тајно гласање.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Го користам правото според деловникот на член 124 претходно да се изјаснам заради тоа што имам право како ќе гласам. Мој принцип е изграден секогаш кога се врши според мене дрилинг практично на начинот на кој овде се одлучува односно сомневањето оди само заради сомневање а не заради објективност при утврдување на бројот на гласовите јас секогаш гласам воздржан. Од тој принцип не отстапувам и сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека секретарот пристапи, и нека отпочне гласањето.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ФАИК АБДИ | ЗА |
| 2. | ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | ЗА |
| 3. | ХАМИД АЛИУ | ВОЗДРЖАН |
| 4. | ЕШРЕФ алиУ | ЗА |
| 5. | СТОЈАН АНДОВ | ПРОТИВ |
| 6. | ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | ПРОТИВ |
| 7. | МИТКО АНАСТАСОВСКИ | ЗА |
| 8. | ТИМЕ АНДОНОВ | ЗА |
| 9. | НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | ЗА |
| 10 | ДУШКО АРСОВСКИ | ПРОТИВ |
| 11 | ДРАГИ АРСОВ | НЕ Е ТУКА |
| 12 | БРАНКО АРСОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 13 | ЛАМБЕ АРНАУДОВ | ЗА |
| 14 | ЈОРДАН БОШКОВ | ЗА |
| 15 | ГОРГИ БОЈКОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 17 | АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | ПРОТИВ |
| 18 | ПЕТАР ГОШЕВ | ПРОТИВ |
| 19 | ТУШЕ ГОШЕВ | ПРОТИВ |
| 20 | ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | ПРОТИВ |
| 21 | ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | ЗА |
| 22 | САНДЕ ДАВЧЕВ | ЗА |
| 23 | ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | ЗА |
| 24 | ТОДОР ДИМОВ | НЕ Е ТУКА |
| 25 | ДОСТА ДИМОВСКА | НЕ Е ТУКА |
| 26 | РАТКА ДИМИТРОВА | ВОЗДРЖАНА |
| 27 | ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | ЗА |
| 28 | БОРКО ЃОРЧЕСКИ | ЗА |
| 29 | ДУШКО ЃОРЃЕСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 30 | ЗУДИ ЕМИНИ | НА Е ТУКА |
| 31 | ЈОРДАН ЗАФИРОВ | ПРОТИВ |
| 32 | ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | ЗА |
| 33 | НЕСЕР ЗИБЕРИ | НЕ Е ТУКА |
| 34 | ВАСИЛ ЗИМЕАКОВ | ПРОТИВ |
| 35 | ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | ПРОТИВ |
| 36 | БОРИС ЗМЕЈОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 37 | СИМЕОН ИВАНОВСКИ | ПРОТИВ |
| 38 | ЉУБИСАВ ИВАНОВ | НЕ Е ТУКА |
| 39 | ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | ЗА |
| 40 | ИВАН ИВАНОВ | ЗА |
| 41 | ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | НЕ ТУКА |
| 42 | ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ | ЗА |
| 43 | РИСТО ЈОВАНОВ | ЗА |
| 44 | ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | ЗА |
| 45 | РИСТО ЌЕЛЕШОВ | ПРОТИВ |
| 46 | ТАШКО КИРОВ | ЗА |
| 47 | ЗОРАН КИТЕВ | ЗА |
| 48 | КИРИЛ КОВЕЧЕВСКИ | ЗА |
| 49 | ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 50 | СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | ПРОТИВ |
| 51 | ЗОРАН КРСТЕВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 52 | НИКОЛА КРСТЕСКИ | ЗА |

53 БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА ЗА
54 ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ ЗА
55 КОЛЕ ЛУЛОВСКИ ЗА
56 ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ НЕ Е ТУКА
57 ЈОВАН МАНЧЕВСКИ ЗА
58 ЕФТИМ МАНЕВ ЗА
59 СТРАШО МИЛКОВСКИ ПРОТИВ
60 ПАНЧО МИНОВ НЕ Е ТУКА
61 МЕРИН МАЛЕНКОСКИ ПРОТИВ
62 ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ НЕ ТУКА
63 ТРАЈАН МИЦЕВСКИ ЗА
64 ВАНЧО МЛАДЕНОВ ПРОТИВ
65 ЏЕЛАДИН МУРАТИ ВОЗДРЖАН
66 АВДИ МУРТЕЗАНИ ПРОТИВ
67 НАИФ МУСТАФА НЕ Е ТУКА
68 СИМОН НАУМОВСКИ ЗА
69 ПАНЧЕ НАСЕВ ЗА
70 СЛАВЕ НАУМОВСКИ ВОЗДРЖАН
71 БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ ЗА
72 ДУШАН НИКОЛОВСКИ ПРОТИВ
73 ЈОВАН НИКОЛОВ ПРОТИВ
74 ТОДОСИЈА ПАУНОВ ЗА
75 МИХАИЛ ПАНОВСКИ ЗА
76 ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ ЗА
77 ТИТО ПЕТКОВСКИ ПРОТИВ
78 ТОДОР ПЕТРОВ ЗА
79 МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ ВОЗДРЖАН
80 ДИМИТАР ПОПОВСКИ НЕ Е ТУКА
81 КИРО ПОПОВСКИ ПРОТИВ
82 ЉУБОМИР ПОПОВСКИ ПРОТИВ
83 ШАБАН ПРЕВАЛА НЕ Е ТУКА
84 ИСМЕТ РАМАДАНИ ЗА
85 БОЖО РАЈЧЕВСКИ ПРОТИВ
86 НЕИМ СЕЛМАНИ ВОЗДРЖАН
87 ФЕРИД САДИКУ ЗА
88 АСЛАН СЕЛМАНИ ПРОТИВ
89 НАУМ СИМЈАНОВСКИ ВОЗДРЖАН
90 АЦО СПИРОСКИ ЗА
91 РИСТО СТАНКОВСКИ ПРОТИВ
92 НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ ПРОТИВ
93 СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА ПРОТИВ
94 НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ ПРОТИВ
95 СТОИЛЕ СТОЈКОВ ВОЗДРЖАН
96 ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ ЗА
97 РИСТО СТАМЕНОВ ЗА
98 ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ ЗА
99 ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ ПРОТИВ
100 ЏЕЛИЛ ТАИРИ ВОЗДРЖАН
101 ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ ЗА
102 ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ НЕ Е ТУКА
103 БЛАГОЈ ТОШЕВ ЗА
104 ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ ЗА

105 ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ ЗА
106 ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ ЗА
107 ДУШАН ТРПЧЕВСКИ ЗА
108 АГИМ ФАЗЛИУ ЗА
109 АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ ВОЗДРЖАН
110 БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ ПРОТИВ
111 АБДУРАХМАН ХАЛИТИ НЕ Е ТУКА
112 СЕФЕДИН ХАРУНИ ЗА
113 МУХАМЕТ ХАЛИЛИ ПРОТИВ
114 СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ ПРОТИВ
115 БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ ПРОТИВ
116 НЕЏАТИ ЏАФЕРИ ЗА
117 АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ ПРОТИВ
118 ВЕБИ ЏЕМАИЛИ НЕ Е ТУКА
119 БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ ЗА
120 ХИСНИ ШАКИРИ ВОЗДРЖАН

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според резултатите од гласањето констатирам дека 51 пратеник се ЗА тајно гласање, 34 ПРОТИВ а 13 ВОЗДРЖАНИ.

Според тоа овој предлог е усвоен.

Сега молам нека се напишат ливчиња и да се донесат кутиите.

Молам, да избереме тројца пратеници кои треба да ми помагаат.

Предлагам тоа да бидат Гештаковски, Исмет Рамадани и Ристо Јованов.

Дали се согласувате со предлогот? (Се согласуваме) .

Ги молам пратениците да одиме само на 10 минути пауза додека се подготви гласачкиот материјал.

(По паузата)

Молам пратениците да ги заземат своите места.

Гласачкото ливче е напишано така што на ливчето стои прво дека е тоа гласачкото ливче, потоа темата на предметот и потоа на едната страна е напишано ЗА а на другата страна ПРОТИВ. Се заокружува оној збор како сакате да гласате било ЗА, било ПРОТИВ.

Треба да се изјасниме дали сме ЗА или ПРОТИВ, тоа што пишува таму, Иницијативата и Заклучоците.

Молам секретарот нека почне со извршувањето на чинот на гласањето,

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

(Поминува на чинот на гласањето така што поименично ги чита пратениците, тие приогаат, земаат гласачко ливче, на страна го извршуваат чинот на гласањето со заокружување на ЗА или ПРОТИВ и гласачкото ливче го уфрлаат во гласачката кутија).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да се направи кратка пауза додека да се пребројат ливчињата а потоа да го слушнеме резултатот од гласањето.

(Пауза од 23,55 до 0,10 часот, за кое време е извршено пребројувањето на гласачњето).

Според резултатите од гласањето односно по пребројувањето на гласачките ливчиња констатирано е следното:

Гласале 98 пратеници

Неважечки има две ливчиња

За предлогот на Пратеничката група на СДСМ гласале 31 пратеник.

Против предлогот на Пратеничката група на СДСМ гласале 65 пратеници.

Врз основа на овие резултати од гласањето констатирам дека предлогот на Пратеничката група на СДСМ не е усвоен.

Констатирам дека со ова дневниот ред е исцрпен. Ја заклучувам Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Утре продолжуваме со работа со Триесет и осмата седница во 10 часот. Не е рано. Ке работиме некаде до 17 часот за да можат луѓето да си одат, бидејќи спиењето овде чини многу скапо.

(Седницата заврши во 0,15 часот).

превземачи ќе морат да влезат со својот капитал во една културна обработка на своите производи на тој продажен простор. Многу од вас биле по Италија, на овиа автопати, гледат таму на кој начин се продава тоа овошје и зеленчук, мислам дека кај нас може тоа да биде подобро организирано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислам дека господинот Китев ќе се согласи, треба да

му се даде и писмен одговор каде што ќе се кажат и извори на финансирање, и датуми што ќе се направи и тн. Според тоа нека се одговори писмено и за ова.

**ЗОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Едно прашање до министерот Лепавцев. Има изградени раскрсници кои се затворени за сообраќај. Мислам на раскрсницата за излез од Скопје према Велес кај Кадино. Зошто е затрупана и зошто не е во употреба.

**СТОЈАН АНДОВ:** Писмено ќе ви се одговори.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејки дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 35-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 2о,45 часот.)